**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

**Филозофски факултет**

**Институт за педагогија**

**Втор циклус студии**

**Студиска програма: Педагошки науки**

**Тема: Воннаставните активности во функција на меѓуетничка интеграција на учениците од средните училишта**

**- магистерски труд-**

**Ментор:** **Проф. д-р Анета Баракоска**

**Студент:** **Розита Закева**

**Бр. индекс: 5068**

**Скопје, 2019**

***Образованието е најмоќното оружје кое можете да го употребите,***
***за да го промените светот.***

****НЕЛСОН МАНДЕЛА****

БЛАГОДАРНОСТ

Ѝ благодарам на мојата менторка проф. д-р Анета Баракоска за безрезервната поддршка и насоките кои ми ги даваше при изработка на овој магистерски труд. За нејзината помош, посветеност и професионалност за овој труд да биде целосен, издржан и комплетен.

Им благодарам на мама и тато, моето најблиско семејство и Маци, кои ми беа ветар во грбот за да го создадам овој труд.

***Овој магистерски труд***
***им го посветувам на моите тројца мускетари***
***Методи, Лазар и Теодор.***
***Им благодарам***
***за нивната безусловна љубов и поддршка.***

# Содржина

**Вовед** ........................................................................................................ 3

**I Теоретски пристап кон истражувањето** ............................................. 7

**1. Мултикултурализмот во глобални рамки** ........................................................ 7

**1.1.Мултикултурализам - поим и дефинирање на проблемот** ........................ 7

**1.2.Теоријата за либерален мултикултурализам на Вил Кимлика** .......... 10

**1.3.Мултикутурализмот и граѓанскиот концепт на општеството** .......... 13

**1.4.Појава и модели на мултикултурализам на глобално ниво** ................... 16

**2. Мултикултурализмот во Република Северна Македонија** ................................ 20

**2.1. Културните разлики и етнички конфликти наспрема интеграцијата и демократските капацитети** .......................................................................... 20

**2.2.Мултикултурните политики во образовниот систем на Република Северна Македонија** ................................................................................ 27

**2.3.Структура на средното образование во Република Северна Македонија 31**

**3.Негативните чувства и непријателскиот однос кон друга група низ фокусот на интеграцијата** ........................................................................................... 38

**3.1. Предрасуди, стереотипи и дискриминација** ................................................ 38

**3.2.Училиштето и неговата мисија во креирање на политиките за меѓуетничка интеграција во воспитно-образовниот процес** ........................... 40

**4. Воспитно-образовниот процес низ призмата на вонnаставните активности во функција на меѓуетничка интеграција** ............................................................... 45

**4.1.Вонnаставни активности во средното образование** .................................. 45

**4.2. Наставникот и неговите компетенции при реализација на воннаставните мултиетнички активности во средното училиште** ............. 50

**4.3. Меѓуетничката интеграција и улогата на училиштето** ........................ 52

**II МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ............................................ 58

**1. Предмет на истражувањето** ................................................................ 58

2. Цел и карактер на истражувањето ........................................................ 59
3. Задачи на истражувањето ................................................................... 60
4. Хипотези .............................................................................................. 61
5. Варијабли на истражувањето ............................................................. 62
6. Методи, техники и инструменти на истражувањето ........................... 63
7. Популација и примерок ....................................................................... 65
8. Статистичка обработка на податоците................................................. 66
9. Организација и тек на истражувањето ................................................. 66

III АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО .......................................................................................... 67

1.Анализа и интерпретација на резултатите од анкетните листови за ученици, наставници и интервјуто за директори и стручни соработници ......................... 67

1.1.Анализа и интерпретација на резултатите од анкетниот лист – скалер наменет за наставниците ............................................................................ 68

1.2.Анализа и интерпретација на резултатите од анкетниот лист – скалер наменет за учениците ................................................................................. 88

1.3.Анализа и интерпретација на резултатите од интервјуто за директори и стручни соработници ..................................................................................... 109

IV ДИСКУСИЈА ПО ОДНОС НА ХИПОТЕЗИТЕ ................................................ 114

V ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ................................................................... 129

VI ПРИЛОЗИ .................................................................................................. 133

VII КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ................................................................... 142

# Вовед

Предмет на овој труд се мултикултурните вредности низ призмата на меѓуетничката интеграција во средните училишта. Насловот на трудот освен што е мој предизвик, низ истражувачкиот процес за состојбите во мултикултурното образованието, е и мое секојдневно битисување, непосредно опкружување и животно искуство со една единствена цел да се поттикнат, пронајдат и таргетираат мултикултурните вредности во средното образование и да се поддржат и практикуваат позитивните примери во нашето општество и да се следат и прифатат примерите од современите мултикултурни општества.

Во теоретскиот дел од овој магистерски труд опфатени се повеќе делови на мултикултурализмот низ еден пресек од неговото создавање до денешниот граѓански концепт на едно општеството. Во првиот дел, преку теориско истражување на проблематиката за мултикултурализмот се обидов да дадам преглед на состојбите со мултикултурни вредности и искуства на глобално ниво, но и да ги проучам и да ги претставам културните разлики и етнички конфликти, интеграцијата и демократските капацитети, прикажани низ мултикултурните политики во образовниот систем на Република Северна Македонија.

Од аспект на теоријата и практиката, како и законската основа за поставеноста на мултикултурализмот во средното образование, во вториот дел се фокусирав на структурата на средното образование во Република Северна Македонија, посебен акцент ставајќи на мултикултурните содржини во курикулумот за средно образование и потребата од воведување на мултикултурни вредности во редовната настава на воспитно-образовниот процес.

Во емпирискиот, трет дел, бев насочена кон откривање на негативните чувства и непријателскиот однос кон друга група низ фокусот од досегашните долгогодишни мултиклтурни воннаставни активности, кои имаа за цел да ги изменат погледите на учениците во однос на предрасудите, стереотипите и дискриминацијата и да му се даде на училиштето пиетет во создавањето и креирањето на позитивни политики за меѓуетничка интеграција во образовниот процес.

Теориските импликации од овој магистерски труд се всушност обид минатото, сегашноста и иднината на мултикултурализмот во Република Северна Македонија да се претстават на едно место.

Минатото е обработено преку генезата на мултикултурализмот, сегашноста е претставена преку индивидуални, колективни и институционални активности, законски решенија и надворешни влијанија и практики за прифаќање и примена на мултикултурните вредности во Република Северна Македонија.

Иднината е претставена преку елаборација на вонnаставните активности за меѓуетничка интеграција во државата, преку критички осврт на позитивните и негативните искуства и препораки за имплементација на мултикултурните вредности.

Прашањето на заедничко живеење е комплексен проблем со кој треба да се соочи секое општество кое е мултиетничко и мултикултурно. Еден од можните начини за соочување со овој проблем е поставувањето на човекот како индивидуа во центарот на вниманието преку нагласување на основните човекови права и слободи, еднаквоста и социјалното вклучување како принципи за прелиминарна рамка за секоја дискусија или одлука, рамка независна од културното, расното и религиозното потекло на луѓето. Друг начин е соочувањето со неговите права како припадник на дадениот колективитет, во етнички и религиски, во национален и јазичен контекст. (Туфекчиев, 2015)

Условно кажано, справувањето со мултикултурализмот е возможно со воведување на истиот како модел во воспитно-образовниот процес како редовен или воннаставен, кој треба да се учи и негува од мали нозе. Генерациите, низ воспитно-образовниот процес треба да бидат креатори во афирмацијата на универзалните вредности на модерната цивилизација, да обезбедат развој на сопствената национална култура, идентитет и да ги прифатат сите останати култури и идентитети. Овој концепт на мултикултурно образование треба да создаде подлога за прифаќање на тезата дека различноста е извор на сила, а не слабост.

Значењето на овој магистерски труд е поливалентно, затоа што ги следи теоретските и практични импликации, но и стручно-научните.

Практичните импликации се однесуваат на поединецот, заедниците и институциите во рамките на мултикултурната интеграција во образовниот систем, а стручно-научните на зголемување на критична маса на научници и експерти кои ќе се занимаваат со проблемите на мултикултурализам од аспект на граѓанско општество еднакво за сите.

Граѓанското општество, денес е неизбежен актер на современите општествени промени на Балканот, кој се приближува кон европските стандарди.

Меѓуетничката толеранција во мултинационалното општество, европеизацијата во овој дух ги вклучува и образовните реформи, колку и да се тие бавни и болни особено во образовните институции.

Истражувањата за мултикултурното образование, меѓуетничките односи и воннаставните активности во средните училишта со ученици од мешан етнички состав треба да ја анализираат моменталната состојба и капацитетите на воспитно-образовните институции. Треба да се промовира и обезбеди почитување, толеранција и прифаќање на различностите, да се унапредува нивото на комуникација меѓу учениците, наставниците, директорите и стручните служби во средните училишта. (Бакиу и др., 2016:12)

Со овој труд треба да се согледа потребата од воннаставните активности во средните училишта во кои ќе учествуваат ученици од различни етникуми и ќе овозможат полесна промоција на вредностите на мултикултурализмот во државата. Со тоа ќе се создадат услови за запознавање со вредностите и разликите на секој поединец во општеството и прифаќање на различности.

Особен акцент со овој труд се дава на суштината и содржината на мултикултурната интеграција во образовниот систем, а не само на формата која најчесто се запазува само во документи на институциите, односно теоретски звучи добро, но практиката дава подобри резултати во меѓуетничката интеграција.

Мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција во училиштата е процес кој треба да ги поттикнува позитивните педагошки ставови кои, пак, треба да создаваат мултукултурно општество, бидејќи наставниците имаат знаења и способност да делуваат врз учениците, да креираат личности без стереотипи и предрасуди, толерантни и хумани, способни од различностите да учат и да создаваат позитивни примери.

Процесот на меѓуетничката интеграција во воспитно-образовниот процес треба да ги препознае прво различните култури, а потоа да делува со сите средства и капацитети кон приближување на истите. На почетокот, овој процес започнува со воннаставни активности како еден од моделите за приближување, а потоа процесот на меѓуетничка интеграција во училиштата се надградува и во редовната настава, за предмети кои тоа го овозможуваат како на пример, спорт и спортски активности, странски јазици и практична настава.

Училиштата ја имаат најодговорната улога во целиот процес, особено во повеќе јазичните и повеќе националните училишта кои низ образовниот и воспитниот

процес треба да создадат концепт на почитување и запознавање, пред сè меѓу наставниот кадар, кој треба да биде модел за учениците, а крајниот резултат да биде создавање демократски вредности, дијалог и толеранција, преку учењето еден за друг.

Резултатите од овој труд треба да предизвикаат активност и реакција за мобилизирање на секој поединец и институција, особно во стручната и научната јавност. Истражувањето треба објективно да ги даде состојбите и да создаде поттик кај учениците, наставниците, родителите, институциите, локалната самоуправа и други релевантни фактори.

Трудов треба да даде насоки и информации каде сме и каде треба да се движиме на полето на интегративните процеси на мултикултурализмот.

Овој магистерски труд има цел да создаде интерес за мултикултурализмот како процес, кој треба да стане вредност на современото македонско општество кон различната припадност на поединците и заедниците во Република Северна Македонија, а со тоа да ги следи европските вредности за еднакво општество за сите.

# I ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Мултикултурализмот во глобални рамки

### 1.1. Мултикултурализам - поим и дефинирање на проблемот

Мултикултурализмот е соживотот на различни култури, каде што културата вклучува раса, религија, националност или културни вредности. Групата се манифестира според обичаите, културните претпоставки и вредности, начини на размислување и комуникација. Мултикултурализмот е идеологија која ја поттикнува институционализацијата на заедниците од различни култури. Во суштина, ова се однесува на демографската слика на едно место, и таа е вклучена во организацијата на образованието, населбите, градовите и нациите.

Мултикултурализмот (мулти+култура или повеќе култури) е јавна политика, која преку образованието и медиумите промовира интереси и познавања на различни култури, како и нивната рамноправност и меѓусебно почитување. (Enciklopedija, 2018)

Денес, кога целиот свет претставува едно „глобално село" можеме да констатираме дека многу земји во светот се хетерогени во етничка и културна смисла и се справуваат со ситуација на заедничко живеење на луѓе од различни националности и религии. Современиот свет се карактеризира со неколку основни тенденции, а една од нив е мултикултурализмот. (Петровски и др., 2013)

Светот е мешавина на различни култури, без разлика дали станува збор за музика, архитектура, литература или, пак, религија, обичаи, традиции. Резултатот е бројни миграции на населението низ светот. Важноста на културната размена во овие миграции е постојана, бидејќи станува збор за градење на сопствена култура и обичаи, но и почитување на другите култури, а во основа заедничкиот соживот е промоција на мултикултурниот дијалог низ процесот на доживотно учење во една мултикултурна заедница. (Barbarić, 2014:4)

Мултикултурализмот, во време на глобални информации во општествата, забрзан технолошки развој, појавата на економска криза, зголемената миграција, мобилност на населението, станува сѐ поважна тема во општествената дискусија.

Процесите од мултикултурната разноликост влијаат врз развојот на односите меѓу различните културни етнички групи и луѓе кои живеат во рамките на една држава или локална заедница, како и оние кои едноставно сакаат да запознаат друга култура, како и кај оние култури кои и покрај константното живеење на различностите во едно општество не сакаат да се запознаат и да се прифатат.



*Слика 1. Извор – Blog.ecu.edu*

Дигиталните медиуми и интернетот во голема мера го сменија пристапот за полесен начин за запознавање на моделите за дистрибуција на мултикултурализмот, изворите и врските на различните култури. Сепак, и покрај масовната дигитализација на светот, од особена важноста е меѓукултурниот дијалог во секојдневниот живот на луѓето. Учењето за демократско општество, развивање на критичко размислување и толеранција, еколошка свест, соработка меѓу малцинствата и мнозинската култура преку соживот или споделување и

интерконекција на интеркултурните практики е дел од задачата што ја носат мултикултурни процеси во светот. (Флегар, 2015:6)

Процесот на глобализација се забрзува со развојот на нови информации и комуникација, технологијата претставува предизвик за културната разновидност, но исто така создава услови за реконструкција на дијалогот меѓу културите и цивилизациите, што според Универзалната декларација на УНЕСКО претставува културна разновидност. Како резултат на тоа, културата всушност е во центарот на современата дебата за идентитетот, социјалната кохезија и развојот на образованието базирана врз темелите на знаењето.

Современиот свет се карактеризира со неколку основни тенденции. Тој е мултикултурен и намалувањето на ефектите од осознавање на различноста како на интернационален, така и на интеркултурен план има огромно значење. Светот се глобализира и народите се во зголемена економска, научна, културна и политичка меѓузависност. Глобалните мрежа на културата започнуваат да доминираат над локалните. Во современото образование интернационалните тенденции добиваат предност во однос на тенденциите на сепаратизам и културно раздвојување. Училиштата стануваат мултикултурни. Според многу проценки, до 2020 година повеќе од 70% од класовите во САД и во Европа ќе бидат составени од деца од различни етноси и раси, практично сите училишта ќе бидат мултикултурни и повеќејазични. Интеркултурното образование, според различни размислувања, нема алтернатива. Ова е предмет на дискусија и размислување и во Република Северна Македонија во последните 10 години, а во светот во последните 20-30 години. (Петровски и др., 2013:20)

До 60-тите години на 20 век доминираат основните постулати на Маркс, Вебер и Диркем, карактеристични за индустриските општества, кај кои социјалната диференцијација под формата на класи е движечка сила во општествата. Етносот и расата се разгледуваат како анахронизми. Тенденцијата кон глобалната културна хомогенизација, симболизирана со метафората за „глобалното село“ е поврзана со асимилацијата како неизбежен процес. Етничките конфликти во некои мултиетнички општества и антиколонијалните движења доведоа до преоценување на ваквите размислувања.

Мултикултурализмот го определиле Фоуерс и Ричардсон (Fowers and Richardson) уште во 1996 година, како социјално-интелектуално движење кое сфаќајќи го разнообразието како основна карактеристика и основен принцип бара

сите културни групи да останат рамноправни, односно цел на ова морално движење е да се зголемат достоинството, правата и признавањето на различност на различните групи. Ова движење се однесува на моралните и политичките традиции на евроамериканската цивилизација. Ова е едно либерално-идеалистичко движење, кое ја шири идејата за индивидуалната уникатност на културните групи.

Според Ч. Ридли и Д. Мендоса има три категории на определување на терминот мултикултурализам:

- Широки определби - мултикултурализмот вклучува многу карактеристики поврзани со идентитетот: раса, религија, пол, јазик, физички белези.

- Социоекономски статус, географска местоположба, националност, начин на живот и сл.

- Еднострани определби - поврзни со ограничени ситуации, при што факторите се различни расни или етнички групи.

Се мисли дека широките определби развиваат ситуации во рамките на кои не може да се согледа вистинското меѓукултурно дејствување. (Петровски и др., 2013:25)

Мултикултурализмот како проект на модерното време ветува корисна матрица за уредување на односите во мултиетничките општества. Меѓутоа, во практичната политика, релативно честа е злоупотребата не само на концептот, туку и идејата за мултикултурализам, особено во ситуациите на дезинтеграција на мултиетничките држави и доминацијата на етничкиот национализам во сите сфери на општеството.

## 1.2.Теоријата за либерален мултикултурализам на Вил Кимлика

Во концептот за либерален мултикултурализам на Вил Кимлика, во книгата „Мултикултурно граѓанство“, либералната теорија на малцинските права се обидува да објасни како либералните демократии кои ги засноваат нивните основни принципи врз индивидуалните права на поединците, да ги реализираат барањата за колективните културни права. Тој тврди дека либерализмот може да биде подобар во заедница во која се интегрираат малцинските култури и да биде поуспешен затоа што отвора простор за моќен мултикултурализам во форма на културни права на

сите заедници. Традиционално, либерализмот примарно се потпира на почитување на индивидуалната автономија и не се фокусира на политичкото признавање на културните идентитети.

Според Кимлика, како застапник на либерализмот, неговата либерална теорија за правата на малцинствата се надополнува со либералната демократија која може да ги прифати само оние култури кои ја почитуваат различноста и основните човекови права, правото на живот, слобода на религијата, слободата на говор и изразување. Овие постулати на либерализмот се однесуваат на правата на поединецот, без оглед на бојата на кожата, етничката или верската припадност, националноста, полот, сексуалната ориентација и сл. (Кимлика, 2012:5)

Вил Кимлика и Кит Бентинг го развија индексот за мултикултурна политика за националните малцинства, истражувајќи ја позицијата на националните малцинства во единаесет земји - Белгија, Канада, Финска, Франција, Грција, Италија, Јапонија, Шпанија, Швајцарија, Велика Британија и САД. Освен тоа, поимот "национално малцинство" се користи во смисла на територијално концентрирани групи, чии членови имаат изразено чувство на припадност на една група како национална. (Кимлика, 2004:33)



*Слика 2. Извор* - https://www.ceoformazione.it/art-2026073_1280/

Постојаните социјални, културни и економски ограничувања треба да продолжат да се реформираат до степен со што секој ќе добие можност за социјална, образовна и културна еднаквост. Акцентот на еднаквоста се однесува на расна и

културна еднаквост, разликите мора да се толерираат, бидејќи тие ги збогатуваат културните вредности, когнитивните стилови, ставови, однесувања и социјални практики во едно општество. (Кимлика, 2012:9)

Мултикултурализмот е прв и основен нов модел за демократско граѓанско општество, засновано на идеалите за човекови права. (Кимлика, 2012:13)

Но, за да се допре до сржта на мултикултурализмот треба да се разгледа неговиот историски контекст, кој покажува дека мултикултурализмот е стар колку и човештвото, затоа што различните култури отсекогаш наоѓале начини на коегзистирање, а почитта кон различностите била позната карактеристика на многу историски империи.

Но, мултикултурализмот за кој се вели дека има „подеми и падови“ е поспецифичен историски феномен, кој првпат во еден современ контекст се појавува во западните демократии во доцните 60-ти години на 20 век. Овој тајминг е важен, бидејќи ни помага мултикултурализмот да го разбереме како модел на поголемите општествени трансформации на поствоената ера. (Кимлика, 2012:10)

Кимлика и Бентинг се концентрираа на групи со не помалку од 100.000 членови, а во земјите каде што имало неколку такви групи, е направено рангирање во однос на групата која има најповолна позиција, во однос на позитивниот став на државата кон националните малцинства, користејќи до шест индикатори.

Рангирањето на земјите во врска со прифаќањето на политиката за мултикултурализам е спроведено според следните индикатори:

1. Постоење на федерална автономија во целост или во одреден степен;

2. Признавање на јазикот на малцинствата како службеник на национално или поднационално ниво;

3. Загарантирана застапеност во централното законодавно тело и уставниот суд;

4. Јавно финансирање на универзитетите, училиштата и медиумите на јазикот на малцинствата;

5. Уставна или парламентарна афирмација на „мултинационализмот“;

6. Развој и унапредување на меѓународно препознатливиот идентитет на малцинската заедница (застапеност во одредени меѓународни тела, можност за потпишување на одреден вид билатерални и мултилатерални договори, можност за учество на одредени спортски натпревари итн.). (Кимлика, 2004:35)

Притоа, вкупниот резултат на земјите според Индексот за 1980, 2000, 2010 година јасно го покажува трендот на зајакнување на политиката на

мултикултурализмот. Различни се проблемите со кои се соочуваат западните либерални демократии во однос на одговарањето на мултикултурните барања на националните малцинства.

Она што е важно, од аспект на политиката на мултикултурализмот кон националните малцинства е: „Во однос на внатрешната визија за самоопределување, т.е. правото да го организира или реорганизира државно-правниот, политичкиот и економскиот поредок во државата, важно е да се постигне пропорционално учество на малцинствата како дел од населението. Имено, за да се искористи и да се зачува демократската држава, потребно е да се обезбедат услови припадниците на малцинството подеднакво да учествуваат во формирањето на општеството во кое живеат со мнозинството“. (Кимлика, 2012:57)

### 1.3.Мултикутурализмот и граѓанскиот концепт на општеството

Светот се глобализира – народите се во зголемена економска, научна, културна, образовна и политичка меѓузависност. Проблемите што произлегуваат од мултиетничкиот и мултикултурниот карактер на населението во различни земји во светот се идентификувани различно и се применети различни политики за нивно надминување. Никаде во светот не е пронајдено универзално, применливо и комплетно задоволително решение за проблемите што произлегуваат од овој контекст. (Петровски и др., 2013)

Една од најважните проблематични области релевантни за современите општества и современите општествени науки е прашање на мултиетничност, мултикултурализам и мултикултурно граѓанство. Ако тргнеме од гледна точка дека тоа е во политичката филозофија на нашето време, но и во практичната политика, мултикултурализмот е теоретски и практичен предизвик што е спротивно на монокултурализмот, тогаш идејата за мултикултурно граѓанство е имплицитна, но разорна критика за етничкиот национализам.

Според овој концепт многу индивидуални права не постојат надвор од заедниците на кои припаѓа поединецот. Незамисливо е, на пример, да се оствари правото на образование, а притоа тоа да не се изведува во заедница со припадници од друга јазична група. Демократскиот принцип на одлучување и организирање на

образованието во мултиетничките општества мора да биде врз основа на консензусот на сите етничките национални заедници. Само така може да се постигне етнокултурна правда и создавање на мултикултурно граѓанско општество.

Иако, мултикултурализмот понекогаш во реалноста се чини дека е условно кажано „сојуз на национализми“, суштинската импликација на идејата на Тејлор за „политиката на признавање“ го поддржува мултикултурализмот како незаменлив фактор за теоретска и практична заштита на малцинските права, особено во конкретни ситуации на нагласена етнизација на општествата. Поврзаноста, пак, на мултикултурализмот со концептот на граѓанско општество дополнително ја отежнува неговата злоупотреба.

Перспективата која на поимот граѓанство му дава посебно значење може да се искористи и за оспорување на мултикултурниот концепт на граѓанство, но и за негово развивање, а во овој контекст најпозната е теоријата на Кимлика, која е идеал на повеќето современи држави и општества во светот. (Илиќ, 2009:365)

Основното начело за функционирање и опстојување на мултикултурализмот како политика е почитување на човековите права, еднаквоста и демократијата. Ваквата поставеност по принципот на мулти-култи треба да овозможи: Разбирање на принципите на човековите права; Примена на концептите за човекови права во секојдневните ситуации; Справување со предизвиците на неправда и преземање на акции за социјална праведност; Покренување на демократски акции и внесување промени во училишниот контекст и пошироко.

Мултикултурно општество, мултикултурализмот како концепт подразбира културна различност, и во исто време, го возвишува постоењето на културната различност (јазична или религиска). Тесно поврзан поим со мултикултурното општество е акултурацијата (асимилација) кој означува процес во кој подредената група (имигранти или припадници на помала етничка група) фактички ги прифаќа и интернализира вредностите и културата на доминантната група. (Туфекчиев, 2015)

Стремежот за создавање простор за мултикултурализмот во едно општество, всушност значи создавање капацитети за надминување на конфликтите и давање предност на концептот еднакво општество за сите, а исто така и зајакнување на демократските капацитети и принципи на една држава.

Дескриптивното значење на концептот на едно мултикултурно општество значи културната разноликост на тоа општество или поистоветување со културниот плурализам.

Нормативно, мултикултурализмот е еден од начините за правата, почитта и признавањето на различните културни групи во општеството.

Бидејќи, граѓанскиот концепт и демократските капацитети на општеството се учат од мали нозе, учењето на вредностите на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција започнува со воспитно-образовниот процес. Воспитно-образовните институции ја имаат најголемата одговорност и задача во промоција и зајакнување на капацитетите во интегративниот процес во општеството. Интеракцијата и директниот контакт на различните групи има за цел да ги намали стереотипите и предрасудите, но и стравот од непознатото од различните од себе и со тоа да поттикне отворен пристап до секој човек. Човековите права и демократското граѓанство треба да го заземат централното место во придобивките од мултикултурализмот.

Забраната и нееднаквиот третман на индивидуата поттикнува нееднаквоста во општеството и во воспитно-образовниот процес. Педагогијата како наука може да даде голем придонес во општеството ако се земат во обѕир нејзините основни начела и принципи за создавање на една личност, едукација и воспитување од најмала возраст до создавање на зрела личност корисна за општеството.

Современите и економски јаки општества денес се модел за мултикултурните вредности, бидејќи главно се фокусирани на терминот Човек, и се темелат на високо развиена свест за еднаквоста, а не за различноста на индивидуите.

Во едно такво високо развиено општество, различностите стануваат предизвик кој останатите сакаат да го запознаат најчесто преку разни манифестации, хуманитарни активности, фолклор и традиционални вредности. Во такви општества не постои стравот од асимилација на културите, затоа што сите претпочитаат да се почитуваат со негување на индивидуалните вредности на единката во една заедница.

Од друга страна, пак, етноцентризмот и супериорноста која произлегува од него, ги става на маргините различните и создава длабок јаз меѓу културите, неприфаќајќи ги останатите и хранејќи ја незаинтересираноста да се запознаат други култури и нации.

Затоа, мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција во воспитно-образовниот процес и интегрираното образование треба да го заземат клучното место во создавање на здрава нација и здраво општество, кое ќе се темели на еднаков третман за сите негувајќи го граѓанскиот концепт на општеството.

## 1.4. Појава и модели на мултикултурализам на глобално ниво

Од историски аспект мултикултурализмот е основан во почетокот на 60-тите години на 20 век во Канада, на почетокот како бикултурализам и билингвализам, со цел да се изгради и да се зајакне комуникацијата и довербата помеѓу англофонските и франкофонските граѓани на таа земја. (Multikulturalizam, 2018)

Во модерната социологија, постојат два модела на мултикултурно општество:
а) *Американскиот модел* – каде што политиката во однос на мултикултурализмот се движела кон тоа да се создадат услови за брза акултурација и притоа оние кои се доселиле во американското општество, многу брзо да се откажат од својот културен идентитет, и да го прифатат американскиот, и со тоа би станале вистински Американци, а не Американци со странско потекло.
б) *Канадскиот модел* – кој се залага за создавање мултикултурно општество во облик на мултикултурен мозаик, чии делови се видливи и одвоени. Ова значи дека групите кои се доселуваат во Канада, можеле да си ги задржат своите културни обележја, а со тоа станувале Канаѓани со странско потекло. (Туфикчиев, 2015)

Речиси секоја модерна држава во светот се соочува со проблемите на мултикултурализмот. Социјалните групи со заеднички идентитети и културни практики често бараат активирање на официјални политики и закони. Иако светската дебата за мултикултурализмот и неговите карактеристики не се завршени и постојано привлекуваат многу нови прашања во светот, поимот мултикултурализам и социјалните права што ги носи со себе, е присутен уште од почетокот на минатите векови.

Мировниот договор меѓу Соединетите Американски Држави во 1784 година е еден од првите договори кои гарантираат еднаквост на домицилната популација во земја со неколку стотици различни нации. Во истата таа Америка, борбата за човековите права се менува со многу морално дискутабилни закони за правата на Индијанците и новите прашања за „црниот“ културен идентитет кои кулминираа со големата војна меѓу Северниот и Јужниот дел на Америка.

Во овој контекст познатиот Мартин Лутер Кинг рекол: „Црнецот е Американец, а ние не знаеме ништо за Африка и тој мора да се соочи со фактот дека тој е Американец. Прифаќањето на она што сме во едно општество, во кое и со кого живееме може да се поврзе со бојата на кожата (разликите помеѓу црна, жолта и бела

раса), епископите (без разлика дали сме христијани, исламисти или будисти, дали сме римокатолици или православни), сексуална ориентација (хетеросексуалност, хомосексуалност или бисексуалност) или припаѓаме на која било група на овој или на оној начин“.

Целата историја на 20 век е обид за идеолошко поттчинување на културата преку социјалистичката утопија и тоталитарните фашистичките движења на неолибералната идеологија на глобализацијата. Во Европа, со многуте преселби на народите после Првата и Втората светска војна, мултикултурализмот стана состојба за која сите држави имаат свое гледиште. Германскиот социолог Јурген Хабермас зборува за организирање на Европа по примерот на САД или Швајцарија.

Во Европа, мултикултурализмот се јавува во облик на модел на јавна политика насочена кон емигрантите и етничките различности по што е многу слична на австралиските и канадските искуства. Шведска, после Канада и Австралија во 1975 година е меѓу првите држави во кои мултикултурализмот се појавил како политика. Подоцна и Холандија, Велика Британија, Данска и Финска во своите делови од јавниот живот почнуваат да ја прифаќаат политиката на мултикултурализмот.

Аферата „Шампањ“ ја потресе Франција кога три ученички муслиманки во градот Крејло, во близина на Париз, почнаа да одат на училиште со шамии на главата, па беа испратени дома. По ова следуваа молби за носење шамии во училиштата. Дебатата сè уште се одржува не само во Франција, туку и во други земји со муслимани емигранти. Како пример, постои швајцарски референдум со негативен исход за изградба на џамија и минариња.

Мултикултурализмот е англосаксонска политика на САД, Канада и Австралија. Во Велика Британија, овој тип на политика не е развиен, а европските општества историски се структурирани за разлика од „Новиот светот“, па затоа мултикултурализмот потешко може да се примени во Германија или Франција. Европа е сосема поинаква приказна, тука имаме автохтони европски општества, бидејќи луѓето во „Новиот свет“ доаѓаат од сите страни и „светот“ мораше да најде модел за да им се приближи „минимален идентитет“, односно знамето, химната и доларот, додека остатокот е оставен на етничките заедници. (Mesić, 2006:65)

Набљудувано од поширока перспектива некои автори укажуваат на причини поради кои не може да се дојде до спроведување на политиката на мултикултурно граѓанство. Џорџ Шефлин, на пример маркира важен проблем кога тврди дека во

Источна и Централна Европа постои ендемска слабост на државата и дека поради тоа е тешко да се наметне владеење на либерализмот. Тој тврди дека припадниците на различни етнички заедници се среќаваат на површно ниво, низ ритуална љубезност и сè останува на тоа, не постои подлабока комуникација или разбирање, а да не ја спомнуваме и размената која на мултикултуралистите им е при срце. (Barbarić, 2014:16)

На пример, Унгарците во Трансилванија, Русите во Естонија, контактите помеѓу Унгарците и Романците, на пример Универзитетот во Клуј каде што наставата се одвива двојазично на унгарски и романски јазик. (Шефлин, 2002:122–123)

Без оглед на долгата историја за критичко преиспитување на ефикасноста од политиката на признавање на различни културни идентитети, моќта на интелектуален и политички бунт без преседан постојано е во тековните мултикултурни дебати. Многу изјави во врска со мултикултурните проекти се до степен на критика за либералната демократија со повик за „дисциплинирање“ на културната разновидност, што понекогаш ја надминува и границата на отворен расизам. Не е лесно да се наведат сите забелешки за мултикултурализмот меѓу кои: ограничување на индивидуалната автономија (Сен, 2006), промоција на културниот релативизам (Шмит, 1997), повреда на принципот на еднаквост (Бери, 2006) и повреда на правата на жените (Okin, 1998).

Покрај територијалната концентрација и изразената национална свест, за овој тип група карактеристично е постоењето на политички партии или движења, чии активности се фокусирани на обликување и институционализирање на националниот идентитет на групата. Со перцепцијата на групата како нација, тие бараат независна држава или територијална автономија во рамките на постојната држава.

Џон Рекс нагласува дека стравот од етнички малцинства е прилично присутен во современите држави и неговите причини се различни: од прифаќањето на барањата на националните малцинства и имигранти да доведат до сецесионизам, политичка нелојалност над државно националниот идентитет и дезинтеграција на демократските држави, кон сфаќањето дека афирмацијата на етно-културниот плурализам е назадна и реакционерна политика.

Прашањето за политичка лојалност на малцинските етнички заедници е поставено на поинаков начин и за националните малцинства и за имигранти.

Во услови на глобализација и зголемување на поврзаноста на глобално ниво, благодарение на средствата за електронска комуникација, имигрантските заедници одржуваат многу поблиски врски со земјата на потекло. Чувството на припадност и лојалност, како во земјата на прием, така и со земјата на потекло сега е многу поизразено. За националните малцинства, проблемот на лојалноста кон државата во која се наоѓаат може да се појави ако им биде негиран одреден степен на автономија, ако заедничкиот национален, политички идентитет е од ексклузивен карактер и сведен на индивидуално културно-етничко ниво или доколку се сака институционализација и заштита на националниот идентитет, преку формирање на сопствена држава. (Рекс, 1996:135)

Џон Рекс нагласува дека токму низ вакви барања на националните малцинства станува јасно дека мултикултурализмот не е само прашање на интеграција на етничките малцинства, туку дека има изразена политичка димензија во однос на национализмот. Франција, Шпанија и Велика Британија особено се соочуваат со таков поддржуван национализам.

Шолте, ваквите групи ги нарекува „микро-нации“. Карактеристично за нив е да се чувствуваат отуѓени и маргинализирани од земјите во кои припаѓаат, вели тој. Во 90-тите години, во помалку од 200 земји имаше над 800 микро-националистички движења, чии барања варираа од оние за поголема автономија до оние кои имплицираа активности за отцепување. (Вуковиќ-Чаласан, 2013:162)

Од друга перспектива, важно е да се напомене дека политиките на мултикултурализмот не се имплементирани само во интересот за еднаквост и правичност, туку политиката на мултикултурализмот има за цел да го намали стравот од културни разлики, како и нееднаквоста и исклучување на негативните последици од истиот. (Uberoi and Modood, 2013, p.130)

## 2. Мултикултурализмот во Република Северна Македонија

### 2.1. Културните разлики и етнички конфликти наспрема интеграцијата и демократските капацитети

Како директна последица од глобалните миграции, настануваат мултикултурни, односно мултиетнички општества. Процесите на миграција секогаш се придружени од процесот т.н. асимилација.

Под поимот асимилација се подразбира процес на фактичко (целосно) прифаќање од страна на подредената група на вредностите и културата на доминантната група во општеството. Тука е мошне важен односот домаќин – иселеник – доселеник, при што вообичаено е да се очекува тие што се доселиле да ја прифатат културата на оние кои што живеат на местото на доселување. Но она што е негативно, е што процесот на асимилација не секогаш наидува на одобрување од страна на подредената група, и тогаш настануваат конфликтите, т.е. етничките конфликти. Голем број од иселеничките групи живеат во посебни одделни енклави, квартови и не секогаш успеваат да се интегрираат, што резултира со појава на конфликт. (Туфекчиев, 2015)

Конфликтот претставува судир помеѓу различни групи кои имаат различни интереси. Постојат повеќе видови на конфликт (некои се однесуваат на моќта и богатствата, некои се поврзани со вредностите, а некои имаат идеолошка позадина), но за нас од интерес е етничкиот конфликт (помеѓу две етнички групи).

Културата на националните малцинства е богатство за секоја земја, бидејќи културите се надополнуваат, инспирираат и меѓусебно се збогатуваат. Зачувувањето на културните традиции на сите народи и етнички групи кои живеат во одредена област е императив на современата цивилизација (Vukosavljević, 2018). Од друга страна треба да се разбере дека мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и интегрираното образование не значи асимилација на сите култури во една фиксна. (Туфекчиев, 2015)

Културната различност во Република Северна Македонија е вградена во темелните одредби на државноста, а нејзината заштита и промоција е поттикната и со процесите на интегрирање на земјата во Европската унија и во НАТО.

Почитувањето на правата на различните етнички групи е гарантирано со Уставот и со законите на Република Северна Македонија. Гледано низ призмата на демографијата, различностите можат да се користат како предност за државата.

Сепак, општествената интеграција и инклузија се покажаа како предизвик, кој по една деценија постоење како независна држава ја втурна во етнички конфликт помеѓу двете најголеми етнички заедници, македонската и албанската, кој заврши со потпишувањето на Охридскиот рамковен договор и промени на уставното уредување и легислативата во поглед на правата на немнозинските заедници во државата.



*Слика 3. Приказ на мултикултурниот аспект на Република Северна Македонија*

Интеркултурната димензија на образованието е особено значајна во мултикултурните заедници, како што е Република Северна Македонија, во кои заедничкото живеење на припадниците на различни култури има длабоки историски корени, а инклузивноста и интегративноста во образованието се во функција на јакнење на демократските капацитети на државата. Остварувајќи се во плурален,

етнички, јазичен, верски и социоекономски амбиент, образованието треба да биде насочено кон развивање на интеркултурни вештини, вредности и ставови кај сите учесници во воспитно-образовниот процес, овозможувајќи на тој начин изнаоѓање оптимален соодност меѓу културните различности и општествената кохезија.

Поаѓајќи од потребата за унапредување на мултиетничката и мултикултурната реалност во државата, Концепцијата за интеркултурно образование на Република Северна Македонија отвора простор за преиспитување на воспитувањето и образованието во правец на зајакнување на комуникацијата, соработката и разбирањето меѓу припадниците на различните етнички заедници во воспитно-образовните установи. (Крстеска-Папиќ и др., 2015:4)

Сегрегацијата во образовниот систем долги години беше помалку или повеќе отворено поддржувана, со цел да се избегнат конфликтни ситуации помеѓу учесниците од различни етнички групи. Сепак, како последица на оваа одвоеност се појави продлабочување на разликите и затворање во сопствени терени. Речиси една деценија по усвојувањето на Охридскиот рамковен договор, се пројави признание за потфрлање на образовниот систем во поглед на развивањето на општествената кохезија помеѓу културно диверзифицираните групи.

Претходната констатација за состојбата потврдува дека интегрираното образование преставува актуелна тема за јавна дебата. Во таа насока, најпрво беа идентификувани досегашните имплементирани политики и проекти за реализација на интегрираното образование. Исто така, беше направен преглед на постоечките механизми за спроведување на интегрираното образование и се анализираа чинителите, вклучително и националните институции, локалната власт, како и меѓународните организации.

Со цел, подобро да се идентификуваат различностите и поделбите, како и начинот на имплементација на концептот на интегрирано образование, беа спроведени низа проекти со релевантни чинители, невладини организации, граѓански сектор, институции на државата и меѓународни организации. (Бакиу и др., 2016:5)

Медијацијата е еден од моделите за надминување на етничкиот конфликт и подразбира вклучување на трета страна, т.н. медијатор.

Улогата на медијатор во воспитно-образовниот процес примарно треба да му припадне на наставникот, а пожелно е да се вклучат и сите останати институции.

Ова вклучување на наставниците не мора секогаш да биде по некое барање, туку самоволно може да се вклучи и трета страна. (Петроска – Бешка, В. и др., 2009:18)



*Слика 4. Извор* - *www.novosti.rs290.html:587591*

Во сферата на справување со насилство и разрешување конфликти треба да се подигнат капацитетите на управата, наставниците, учениците и родителите (преку користење на информативни материјали и спроведување обуки) да ги препознаваат сите облици на насилство, да ги осудуваат и да им се спротиставуваат и да се подготват правила и процедури за постапување во случај на конфликт и да се овозможи управата, стручната служба и наставниците да се обучат за ненасилно разрешување на конфликтите.

За да обезбеди комуникација и меѓусебно запознавање меѓу учениците кои учат на различни јазици локалната самоуправа треба да развие и имплементира посебна стратегија која ќе ги поврзе еднојазичните училишта со училишта со настава на друг јазик во рамките на општината, ќе ги стимулира учениците од јазички/етнички мешаните средини да учат во повеќејазични училишта (во иста зграда), ќе обезбеди повеќејазичните училишта да ги организираат сите вонаставни активности заедно, односно без поделба на учениците по јазична основа и ќе обезбеди повеќејазичните училишта да ја организираат наставата така што ќе овозможат максимум можна комуникација меѓу учениците од паралелките со различни наставни јазици.

Од образовниот систем се очекува да преземе конкретни чекори за да го воведе моделот на интеграција на местото на моделот на етничка поделеност во училиштата. За таа цел треба да се воведат промени на ниво на училиште во неколку

различни домени. Треба да се развијат и применат стратегии за прекинување на трендот на поделеност и изолација преку обезбедување просторни и временски услови кои ќе овозможат повеќе контакти меѓу учениците: повеќе „мешани“ училишта, згради, катови, смени, да се обезбеди рамноправен третман на јазиците во наставата и на учениците кои учат на различни наставни јазици во секоја сфера од училишното организирање, како на пример, еднакви просторни услови (или барем не совпаѓање на наставен јазик со просторни услови) и еднаква застапеност на јазиците и културите во заедничкиот простор (повеќејазичност на сите видливи написи во училиштето и рамноправна застапеност на сликите, симболите и пораките кои се поврзуваат со културниот идентитет на учениците), да се настојува да се обезбеди мултиетнички состав на стручната служба и да се промовира билингвалноста во работата на стручната служба, училишниот одбор да се насочи на внесување на мултикултурноста во актите, плановите и програмата на училиштето и да се изградат механизми за мониторирање на сите активности кои се однесуваат на почитување на принципите на мултикултурализам во училиштето, како и на процедури за известување и постапување во случаи на нарушување на тие принципи. (Петроска – Бешка, В. и др., 2009:23)

Кога се работи за мултикултурноста и интеграцијата во наставните активности треба да се зајакне реализацијата на образованието за животни вештини во основните училишта и да се воведе образование за животни вештини во наставниот план и програма за средните училиште и наставниците да се обучат за негова реализација, училиштата до максимум да ја користат можноста за организирање заеднички наставни активности како што се, на пример заеднички часови по спорт и спортски активности, информатика, странски јазици и сл.

Во доменот на развивање на капацитетите на наставниците треба да се обучат да ги препознаваат етничките стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да можат активно да им се спротиставуваат на предрасудите кои се манифестираат во училишната практика, да се обучат да работат на заеднички активности во етнички/јазично мешани тимови и со етнички/јазично мешани групи ученици, да се обучат да ги користат понудените наставни материјали и да избираат и користат алтернативни наставни материјали на начин кој ќе обезбеди промовирање на етничката интеграција, наместо етничка поделба и наставниците од различните јазици во наставата да се стимулираат редовно и долгорочно да соработуваат на

професионален план (од подготовка за настава и оценување на учениците, до решавање на тековни проблеми).

Кога се работи за заеднички вонпаставни активности во училиштето, самите училишта треба да иницираат и да спроведуваат заеднички воннаставни активности (секции, приредби/прослави и др.) и вонучилишни активности (излети/екскурзии, учества на меѓуучилишни натпревари, посета на културни настани и др.) кои вклучуваат поголем број ученици и се одвиваат почесто и траат подолго и да се идентификуваат проекти што се или биле иницирани и спроведувани од невладини и други организации, а покажале позитивни резултати во промовирање на меѓуетничката соработка и да се обезбеди нивна одржливост. (Ајрулаи, А. и др. 2016:28)

Во сферата на партиципација на учениците, ученичките заедници треба да се формираат според демократските принципи и да се обезбеди учество на учениците (директно и преку ученичката заедница) во процесите на одлучување во училиштето, особено по однос на прашањата што се однесуваат на меѓуетничката соработка.



*Слика 5. Ученици од различни националности во Средно економско и правно училиште на Град Скопје „Арсени Јовков“*

Кога се работи за соработка на училиштето со родителите тие активно да се вклучат во активностите на училиштето наменети за етнички/јазично „мешани“

групи ученици и родителите помасовно и суштински да се вклучат во донесувањето одлуки и решавањето на проблемите во училиштето, особено за оние што се од сферата на меѓуетничките односи.

Од аспект на дејствувањето на општината треба да се обезбеди соработка на комисиите за меѓуетнички односи и комисиите за правата на децата во општината со училиштата, да се реализираат заеднички проекти на општината и училиштата насочени кон промовирање на мултикултурноста во локалната заедница, да се обезбеди меѓуопштинска соработка на повеќејазичните училиштата (Бакиу , Б. и др. 2016: 111).

Очигледно е дека спроведувањето на институционално наметнатите програми за интегрирање на учениците од различно етничко потекло во еден систем кој води до етнички сегрегирани образовни средини наидува на низа потешкотии, кои пред сè, се од формална правна, организациска но и од мотивациска природа.




*Слика 6. Истражување на интегрираното образование во СРМ во основните училишта (мај 2016), проект „Дијалози за визија“*

При прегледот на постојната регулатива, литература и утврдувањето на фактичката состојба преку серија интервјуа и анализа на програмите за спроведување на Стратегијата за интегрирано образование се увидоа низа структурни и системски слабости. Овие слабости мора да се надминат за да се овозможи вистинска, а не само декларативна интеграција на општеството.

Од структурните слабости се издвојува сегрегираното образование. Само во една десетина од училиштата е можен директен контакт помеѓу учениците од македонска и албанска етничка заедница. Тоа директно упатува на неопходноста од изнаоѓање заеднички активности кои би ги споиле и би ги довеле во контакт овие деца, нивните наставници и родители, ако се сака создавање на функционална општествена заедница.

Од системските слабости секако се издвојува големата централизација и зависноста на училиштата како финансиски, така и содржински, од централните власти. Во системот е предвидена извесна слобода на воннаставните активности, но таа повторно мора да биде одобрена од повисоки управни инстанци.(Бакиу и др., 2016:36)

## 2.2.Мултикултурните политики во образовниот систем на Република Северна Македонија

Како директна последица на глобалните движења настануваат мултикултурни, односно мултиетнички општества. Еден од проблемите кои се појавуваат во општества во кои живеат различни етникуми е дискриминацијата, поим кој во секојдневниот говор означува едноставно „не фер” третман, во однос на етничките, религиските и расни разлики.

Со едноставен превод овој културен феномен е „не сакање на поинаквиот, различниот од себе”. Етничката дискриминација е општествена појава во која се дискриминираат (омаловажуваат, навредуваат и потчинуваат) припадниците на една етничка заедница (етникум). Ова значи дека се дисквалификуваат припадниците на една етничка група да остварат нешто што е достапно за останатите, само поради тоа што се: Македонци, Турци, Бошњаци, Роми, Власи, Албанци, Срби и сл.

Во член 48 во Уставот на Република Северна Македонија јасно стои дека „Припадниците на националностите имаат право слободно да ги изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености. Републиката им

ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите. Припадниците на националностите имаат право да основаат културни и уметнички институции, научни и други здруженија заради изразување, негување и развивање на својот идентитет. Припадниците на националностите имаат право на настава на својот јазик во основното и средното образование на начин утврден со Закон. Во училиштата во кои образованието се одвива на јазикот на националноста се изучува и македонскиот јазик".

Член 54 ги утврдува: „Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба. Ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста".

Тргнувајќи од фактот дека во Република Северна Македонија живеат поголем број етнички заедници, кои ги карактеризира различен културен модел, различна вероисповед, јазик, се наметнува прашањето за крактеристиките на македонското општество во тој поглед, односно за карактеристиките на мултикутурализмот и неговите специфичности. Во овој дел ќе дадеме акцент на мултикултуралноста во образовниот систем.

Имајќи ги предвид карактеристиките на македонското општество во нашата образовна практика се наметнува прашањето какво образование е потребно, односно како да се реконструираат образовните институции, така што сите учесници во образовниот процес без оглед на тоа дали припаѓаат на мнозинскиот народ или на етничките заедници, би можеле да стекнат знаења, вештини и ставови, што се потребни за ефикасно функционирање во културно и етнички разнородна средина. Ваквото образование не е наменето само за одредени етнички заедници без разлика на нивната бројност, туку тоа треба да им овозможи на сите учесници, независно од нивната национална припадност, да бидат добро информирани за својата земја, да водат грижа за неа и да станат активни граѓани во своите етнички мешани средини.

Во тој контекст постојат сфаќања дека мултикултурното образование треба да го вклучи како етнокултурното и историското наследство на мнозинскиот народ, така и етнокултурните и историски наследства на останатите етнички заедници. И сето тоа да биде наменето за сите учесници, без оглед на нивната национална припадност, и кои учат во етнички чисти или мешани училишта, на етнички чиста или мешана територија. Инсистирањето само на културата на мнозинскиот да се презентира како единствена култура во образовниот процес, може да води само кон дезинтеграција, а не кон градење доверба помеѓу различните етнички заедници во македонското општество.

Реформулацијата на тоа што значи да се биде обединет мора да биде процес што вклучува учесници кои се од сите етнички заедници, кои мора да ги надминат своите културни и етнички граници со цел да придонесат за доброто на сите граѓани во земјата. Имајќи го предвид образовниот систем, опстанокот на негативните чувства и стереотипите најчесто се резултат на намалената комуникација која лесно може да се злоупотреби за негување, па дури и влошување на предрасудите и негативните ставови кон припадниците на другите етнички заедници. И покрај тоа што намалената комуникација може да биде резултат на изолација, таа многу често е последица, но и причина за меѓусебно непознавање.



***Слика 7.*** *Ученици од различни националности од Средно економско и правно училиште на Град Скопје „Арсени Јовков", вклучени во воннаставни активности*

Искуството покажува дека многу полесно се комуницира со некој кој се познава отколку со некој што не се познава. Меѓусебното запознавање е еден од клучните фактори како за ублажување на негативните чувства кон припадниците на другите етнички заедници, туку и за отфрлање на етничките стереотипи, а запознавањето најефикасно може да се оствари низ образовниот систем на државата.

Мултикултурното образование нуди надминување токму на непознавањето како предуслов за негување и опстојување на етничките конфликти. Запознавањето со етнокултурното и историското наследство на етничките заедници во текот на образовниот процес може да придонесе за задоволување на потребата за идентитет на припадниците на етничките заедници, без да постои опасност од загрозување на идентитетот на мнозинската етничка заедница. Ваквата цел се постигнува само со тоа што на културата на останатите етнички заедници им се придава соодветно значење, заради што на припадниците на етничките заедници им се нуди бараната почит кон себеси и својата етничка заедница. (Петровски и др., 2013:45)

Согласно Уставот на Република Северна Македонија, секој има право на образование и образованието е достапно секому под еднакви услови. Предучилишното образование не е задолжително во Република Северна Македонија, но има исклучително значење за детскиот развој и социјализацијата.

Мултикултурното интегрирано воспитание и образование во мултикултурно општество е модел кој претставува пример за воспитание и образование на децата и младината од сите етнички заедници во мултиетничка средина заради нивно подготвување за живот во мултиетничко општество.

Овој образовен модел ги негува, ги охрабрува и ги интегрира во себе мултиетничките и мултикултурните вредности. Образованието и надградувањето како на учениците, наставниците и вработените во училиштата, така и на родителите и пошироката општествена заедницата, се темелат врз негување на хармонични односи меѓу припадниците на различни етнички групи, почитување на разликите, градење на мултиетнички вредности во целокупниот општествен контекст.

Поаѓајќи од фактот дека децата се иднината на една земја, почитувањето, прифаќањето и запознавањето на другите култури со кои учениците имаат директен допир, се едни од начините да се избегнат судири од секакви размери. За таа цел, училиштата како дел од воспитно-образовниот систем преку воннаставни активности реализираат проекти кои имаат за цел да ги зближат учениците од различни националности и религии.

## 2.3.Структура на средното образование во Република Северна Македонија

Во Република Северна Македонија основното образование е задолжително и гарантирано за сите деца, согласно Уставот и Конвенцијата за правата на детето од 1989 година. Државите членки со ратификација на Конвенцијата го признаваат правото на образование на детето, го прогласуваат основното образование за задолжително и бесплатно за сите, со цел остварување на ова право врз основа на принципот за еднакви можности за сите.

Согласно Законот за средно образование, тоа е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови и во јавните средни училишта е бесплатно. Дискриминацијата не е дозволена врз основа на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба.

Средното образование, кое е задолжително и бесплатно, е поделено во четири видови: општо (гимназиско) средно образование, уметничко образование, образование за деца со посебни потреби и четиригодишно, тригодишно и двогодишно стручно образование, иако двогодишното е скоро исчезнато поради недоволен интерес, додека за тригодишното интересот е ограничен. Гимназиското и уметничкото образование траат четири години. Стручните училишта траат четири, односно три години, но на учениците што завршиле тригодишно образование им е овозможено да продолжат во четиригодишно.

Дел од образовниот систем е и стручната обука, која трае една или две години. На крајот на тригодишното стручно образование учениците полагаат завршен испит кој не им дава право да се запишат на универзитет. Учениците што завршуваат четиригодишно стручно образование можат да бираат меѓу завршен испит и државна матура, зависно од тоа дали сакаат да го продолжат образованието или не, додека учениците од гимназиите задолжително полагаат државна матура.

Меѓу постоечките 116 средни училишта (2018 г), повеќе од 100 се јавни, а другите се приватни или религиски. Приближно 14% од средните училишта се гимназии, 34,5% се стручни, додека 29% нудат и гимназиско и стручно образование. Четири училишта се за деца со посебни образовни потреби и пет се уметнички училишта. (Сеопфатна стратегија за образованието, 2018-2025)




*Слика 8. Структура на образовниот систем на Република Северна Македониоја*

Образовниот систем е организиран со четири наставни јазици во основните училишта (македонски, албански, турски и српски/бошњачки) и три наставни јазици во средните училишта (македонски, албански и турски). Околу 29% од основните училишта и 34% од средните училишта се двојазични/тријазични. (Извор: Проект на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието)

Најголемиот дел од училиштата се со македонски и албански наставен јазик. Голем дел од нив работат така што учениците од два различни наставни јазика се држат одвоени едни од други – не само што учат во различни училници, туку се и дополнително разделени во различни згради или во различни смени, поради што имаат малку можности да се среќаваат и да имаат заеднички активности. На овој начин, дополнително се зголемува оддалеченоста меѓу етничките заедници. (Извор: Проект на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието)

Во 2008 година, високиот комесар за малцински прашања на ОБСЕ поднесе специфични препораки за интеграција преку образованието до Министерството за образование и наука на Република Македонија. Препораките нагласија дека интегрираното образование не завршува со сместување на децата од различни етнички групи во иста училница. Интеграцијата подразбира „демократска и децентрализирана управа на училиштата; интересни и инклузивни учебници; активности надвор од училиштето и деполитизација на наставните програми и учебници, аспекти во кои Македонија заостанува“. (Петроска-Бешка и др., 2009:21)

Во тој контекст, во 2010 година Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија изнесе констатација дека и покрај значителниот напредок во сферата на образованието во текот на минатата деценија на полето на образование на мајчин јазик, потребно е коригирање на насоките на развојот, со цел да се избегне засилување на етничките поделби, поддржани од недоволното знаење за другиот и намалената интеракција, како последица на непознавањето на јазикот на другиот. Поради раната возраст на развивање на свесноста за другиот, училиштата имаат исклучително важна улога во негување позитивни чувства и разбирање меѓу различните етнички заедници. (Шустередер и др., 2010)

Со помош од високиот комесар за национални малцинства на ОБСЕ во јануари 2010 година, Министерството за образование и наука и ОБСЕ го донесоа стретешкиот документ „Чекори кон интегрирано образование во системот на образование во Република Македонија“ (2010 година), со цел да се внесат јасни и драстични промени во општиот пристап во образовниот систем во поглед на мултиетничката реалност во општеството. (Бакиу и др., 2016:5)

Министерството за образование и наука ги поддржува иницијативите во формалниот и неформалниот сектор кои имаат за цел стекнување и примена на граѓанските вештини, особено на планот на спортските и културните активности. Посебно внимание е посветено на формите и активностите од мултикултурен

карактер кои промовираат социјална кохезија и здружување. Во таа смисла, мултикултурализмот и размената меѓу културните модели се институционално поддржани. (Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015)

Сеопфатна стратегија за образованието за 2018-2025 произлегува од најзначајните предизвици во образовниот систем кои се идентификувани преку темелна анализа на состојбите во секој потсектор. Тие, исто така, се во согласност со целите дефинирани од страна на клучните документи поврзани со пристапниот процес и потпишани од страна на ЕУ и Република Северна Македонија и усвоени од страна на Владата.

Стратегијата може да се смета дека е заложба за да се обезбеди сеопфатно и инклузивно образование насочено кон ученикот/студентот, со современи програми што овозможуваат идните генерации да се стекнат со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на едно демократско мултикултурно општество, пазарот на трудот и новите предизвици во глобалниот научно-технолошкиот амбиент.

Стратегијата главно е насочена на подобрување на:

1. Содржината на образованието и нејзината релевантност за развојните приоритети на македонското општество и за потребите на пазарот на трудот, како и за прифаќањето на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција, почитувањето на разликите и демократските вредности;
2. Инфраструктурата на образовниот систем, вклучително градбите, опремата, наставните и супортивните технологии, со цел да се обезбеди пристојна средина за учење во целина и вклучување на учениците и студентите со посебни образовни потреби;
3. Капацитетите на човечките ресурси, вклучувајќи ги раководните лица, наставниот кадар и стручните служби;
4. Квалитетот и ефективноста на образовниот процес;
5. Законодавството, управувањето и финансирањето. (Сеопфатна стратегија за образованието, 2018-2025)

Денес, на голема врата мултикултурализмот станува дел од образовниот систем во многу земји. Во Република Северна Македонија, мултикултурното образование стана модел за меѓуетничка интеграција во образованието на учениците од сите етникуми. Преку воннаставни активности низ проекти на УСАИД, ОБСЕ,

БРО, МОН, амбасадите на многу земји, вклучително и невладиниот сектор, учениците и наставниците, се запознаваат и обучуваат како да развиваат вештини за комуникација и соработка со припадниците на другите етнички заедници, како да развиваат чувство на почит, доверба и прифаќање на другите култури, да истражуваат за идентитетот на другите и сл.



*Слика 9. Ученици од различни националности од Средното економско и правно училиште на Град Скопје „Арсени Јовков“, вклучени во воннаставни активности*

Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО) централно е спроведуван од страна на Министерството за образование и наука од декември 2011 година до декември 2015 година. Основната цел на проектот е градење на свесност и обезбедување на разновидни обуки, техничка помош и стимул за училишните одбори, директорите на училиштата, наставниците и административните кадри за поддршка на меѓуетничка интеграција во образованието.

Проектот како целни групи ги означува: основните и средните училишта, учениците, наставниците, членовите на училишните одбори, родителите и локалните

заедници. Постигнувањето на целта е организирано преку спроведување на активности низ четири компоненти: информирање на јавноста и на заедниците, градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците, создавање на модел-училишта за меѓуетничка интеграција и поттикнување на училиштата и заедниците преку Фонд за реновирања на училиштата.

Според некои сознанија, вонннаставните активности со цел подигнување на свесноста за меѓуетничките односи и соживотот успешно ги детектираат стереотипите и предрасудите на учениците и наставниците. Истовремено, локалната самоуправа е особено важна за одржливост на проектите на долг рок, имајќи ги предвид нивните надлежности со основните и средните училишта. (Бакиу и др., 2016:28)

Според некои истражувања од мултикултурните проекти дискриминацијата може да се забележи во речиси сите општествени области, културата, економијата, политиката, здравството, а посебно е интерсен фактот кој се однесува на образовниот систем во Република Северна Македонија, дека 55% од родителите не би ги пратиле своите деца да учат во училиште каде што мнозинство е друга етничка група. (Петровски и др., 2014:2)

Во акциониот нацрт-план за Сеопфатна стратегија за образованието на Република Северна Македонија за 2018-2025 година ингеренциите за мултикултурното образование и се даваат на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците (УРУОЈПЗ) која е орган во рамките на МОН. Оваа Управа е надлежна да се грижи за изведување на наставата за припадниците на етничките заедници, да обезбедува подобар пристап до сите степени на образование за сите маргинализини етнички групи, како и да ја координира работата на проектите кои имаат за цел јакнење на толеранцијата помеѓу припадниците на различните етнички заедници во земјата. УРУОЈПЗ е одговорна и за имплементација на Стратегијата за образование на Роми и на Стратегијата за интегрирано образование. УРУОЈПЗ ја сочинуваат Одделението за албански, турски, српски, ромски, влашки и босански јазик и Одделението за мир и правата на децата на сите заедници.

Според визијата, Стратегијата ќе биде насочена главно кон подобрување на содржината на образованието и нејзината релевантност за развојните приоритети на македонското општество (особено кога се работи за формирање продуктивни и ангажирани граѓани) и за потребите на пазарот на трудот, како и за прифаќање на

мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција, почитувањето на различностите и демократските вредности. Како предизвици се наведуваат повеќе јазичните училишта во кои учениците се раздвоени според јазикот на кој се одвива наставата (работат во различни смени, објекти, катови, различна администрација итн.), поради што немаат доволно можности за интеракција, недоволно е застапено мултикултурно/интеркултурно образование во наставните и вонаставните активности, како и во некои од учебниците. (Сеопфатна стратегија за образованието, 2018)

Кога станува збор за имплементација на политиките за подобрување на интеретничкиот соживот во доменот на образование преку компонентата интегрирано образование, учениците се подготвени да бидат актери, но сепак, главниот збор го има Министерството за образование и наука кое треба да иницира такви политики. Во оваа насока, учениците дејствуваат според насоките од училиштата и од политиките на институциите. (Бакиу и др., 2016:17)

Сите корисни мерките за надминување на поделбата по етнички линии во училиштата редовно треба да се користат затоа што сегрегацијата во училиштата влијае на општествената кохезија и интеретничката интеграција кај младите.

# 3.Негативните чувства и непријателскиот однос кон друга група низ фокусот на интеграцијата

## 3.1. Предрасуди, стереотипи и дискриминација

Кога станува збор за поимот етничка дискриминација, или пак за кој било друг вид на дискриминација, неопходно е да се илустрираат и објаснат и поимите кои се “придружни” на поимот дискриминација, а тоа се стереотипите и предрасудите.

Стереотипи се обрасци на верувања или мислења за одредена група, т.е. збир на особини кои ја дефинираат одредена група (погрешна генерализација или претстава за таа група). Предрасуди се негативни стереотипи (логички неосновани уверувања, вредности и ставови кон објекти или поединци, т.е. групи), а дискриминацијата е акција заснована врз предрасуди.

Предрасудите се карактеризираат со стереотипни верувања кои најчесто не се емпириски проверени, туку се засновуваат врз личните искуства и ставови. Предрасудите се релативно стабилни и трајни ставови, вткаени во животните искуства на луѓето. Основна последица од постоењето на предрасуди е неоправдано подредено сместување на поединец или група во некоја класификација, и како таква, таа е суштински неправедна. (Туфекчиев, 2015)

Кога луѓето постојано се среќаваат со членови од различни групи, важно е да знаат кои се другите групи и да имаат слика за нив. Личноста не може лично да ги запознае сите други и да формира своја слика за нив, но тоа не е неопходно. Бидејќи, во нашата околина (група), веќе имаме подготвени приказни за тоа кои се членовите на другите групи и што може да очекуваме од нив. Дури и мали деца "знаат", на пример, дека Јапонците се вредни, жените се полоши возачи од мажите, дека луѓето на кои им припаѓаат (без оглед на тоа што прават луѓето) се многу храбри и горди, и така натаму. Овие слики се нужно поедноставени, па затоа ги нарекуваме стереотипи. Со самиот факт, тие се поедноставени, повеќе или помалку се погрешни, а некои од нив се сосема погрешни, но во целина може да се рече дека тие ни помагаат да имаме стабилна, предвидлива слика за светот во кој живееме и дека на тој начин полесно е да се справиме со предизвиците. (Јовановиќ, 2018)

Психолошките истражувања покажаа дека самата поделба на "ние" и "тие" води кон разлики во перцепцијата и ценењето. Поради основната потреба за самодоверба, луѓето се мотивирани да ја видат сопствената група како поинаква, подобра од другите, за нив туѓи групи, и во согласност со тоа да изградат соодветни стереотипи. Особено важна улога имаат стереотипите кога постојат предрасуди на една група за друга група. Под предрасуди, ние подразбираме негативни ставови, проследени со силни негативни чувства, и обично неосновани и нетемелени на личното искуство. Негативните стереотипи за втората група служат за оправдување на таквите предрасуди, за да докажат дека негативните чувства и непријателските дејства кон припадниците на втората група се разбирливи и оправдани. (Јовановиќ, 2018)

Дискриминацијата е поим кој во секојдневниот говор означува просто „не фер” третман, во социологијата се појавува пред сè, во контекст на теориите за етнички и расни односи. Се определува како израз на културен феномен на „не сакање на поинаквиот, различниот од себе”. И покрај постоењето на теории кои на некој начин негираат дека постои нужна поврзаност меѓу предрасудите и дискриминацијата, сепак општо прифатено е дека тие два феномена се повеќе од компатибилни. Имено, секоја дискриминација подразбира постоење на предрасуда, но не секоја предрасуда подразбира дискриминација. (Туфекчиев, 2015)



*Слика 10. Извор -* https://soffront.com/blog/make-integrated-crm-work-for-you/

Кога станува збор за етничката дискриминација, најпрво мора да го дефинираме поимот етничка група. Етничката група е заедница на луѓе кои исполнува три критериуми:

- Припадниците на таа група имаат заедничко потекло;
- Припадниците на таа група имаат заеднички (ист) јазик;
- Припадниците на таа група имаат заедничка религија.

Етничката дискриминација е општествена појава во која се дискриминираат (омаловажуваат, навредуваат и потчинуваат) припадниците на една етничка заедница - етникум. Ова значи дека се дисквалификуваат припадниците на една етничка група да остварат нешто што е достапно за останатите. Овој вид на дискриминација може да се забележи во скоро сите општествени области: економијата, образованието (во РСМ 55% од родителите не би ги пратиле своите деца да учат во училиште каде што мнозинство е друга етничка група), културата па и политиката. (Петроска-Бешка, В. и Кениг, Н. 2005:25)

Етничките стереотипи кај децата најчесто покажуваат дека повеќето деца ја гледаат својата етничка група низ позитивно светло, а на сите други им доделуваат негативни стереотипи.

Интегрираното образование има за задача да им помогне на учениците од најмали нозе да ги елиминираат стереотипите и предрасудите, како и во текот на своето образование да се справат со предизвиците на дискриминација. (Гулевска и др., 2015)

### 3.2. Училиштето и неговата мисија во креирање на политиките за меѓуетничка интеграција во воспитно-образовниот процес

Стереотипите и предрасудите најлесно можат да се надминат, а во исто време и да се развива сензибилизацијата кон другиот, доколку децата имаат можност да се запознаат меѓу себе, односно да работат преку заеднички активности, како во рамките на редовната настава, особено во воннаставната дејност.

Училиштето треба да обезбеди колку што е можно повеќе заеднички активности меѓу учениците што учат на различни наставни јазици, како, на пример,

македонски и албански. Притоа, воннаставните активности се особено погодна форма за заеднички активности меѓу учениците од различна етничка припадност (Македонци, Албанци, Турци, Роми и др.). Особено се добри заедничките екскурзии, како и формите на општествено корисна работа, каде што децата од различни јазични и етнички припадности во рамките на едно училиште можат да организираат солидарни и хуманитарни активности. (Попова-Коскарова, 2015:21)

Исто така, заеднички активности можат да се планираат и да се реализираат и низ слободните ученички активности, односно секциите. Многу е важна интеракцијата меѓу децата, нивното заедничко дружење, поврзаност, меѓусебно влијание и на крајот, задоволството од крајниот продукт, кој треба да биде резултат од учеството на сите подеднакво. Се разбира дека заедничките активности треба да се одвиваат врз основа на кооперативност, како и врз рамноправна основа, низ меѓусебна интеракција, која подразбира меѓусебна зависност на еден од друг, за да се одвива работата квалитетно и да се постигне поставената цел. (Попова-Коскарова, 2015:22)




*Слика 11. Поттикнување на хуманоста кај ученици од различни националности преку хуманитерни воннаставни активности*

Досегашните содржини во наставните програми по одредени предмети што имаа за цел запознавање со верските празници од типот: православните христијани го слават Велигден, а муслиманите – Бајрам, се само формална информација, која не

придонесува за меѓусебна интеракција. Најсоодветна е конкретна заедничка посета на верски објект од различна верска припадност. Во конкретниот случај, најдобро би било заедничка посета на црква и на џамија, проследување на ритуалот и негово соодветно етнографско објаснување. Тоа е патот за меѓусебно запознавање и почитување уште од мали нозе, но и за надминување на стереотипите и предрасудите кај децата. (Попова-Коскарова, 2015:25)

Освен запознавање со разликите меѓу различните етнички групи училиштето треба да организира и активности кои треба да ги приближат, а ова се однесува на теми кои се од заеднички интерес како: екологија, чист воздух, музика, мода, медиуми, социјални мрежи и други интереси. Впрочем, ваквиот начин на мултикултурно образование се практикува во образовните системи во многу развиени земји.

Учениците треба да се едуцираат да ги променат стереотипите и да ги надминат предрасудите, а за тоа, покрај нивните родители, се одговорни и нивните наставници. Учениците треба да се поучуваат да развиваат емпатиски чувства и да ја надминат системската дискриминација и да искажат став против каков и да е вид дискриминација и предрасуди. Наставниците и воспитувачите се тие кои, покрај родителите, треба да ги научат децата да живеат во мултиукултурни средини. Всушност, наставниците и воспитувачите треба да ги градат и да ги засилат мултикултурните капацитети кај децата. Првенствено, тие самите треба да претставуваат модел. Поучувањето на децата да ги прифаќаат разликите меѓу луѓето треба да биде исто толку важна задача колку што е поучувањето на децата во читањето, пишувањето и сметањето. (Попова-Коскарова, 2015:29)

Основните постулати на мултикултурализмот во образовниот процес кои придонесуваат учениците да развиваат компетенции од мултикултурното учење, се однесуваат на следните подрачја и аспекти:

- Мултикултурализам - Запознавање со вредностите на сопствената култура и особеностите на другите култури; Развивање позитивен културен идентитет; Препознавање на сличностите и разликите меѓу луѓето од различните култури; Развивање чувство на почит, емпатија, доверба и прифаќање на другите култури; Развивање вештини за комуникација и соработка.

- Човекови права, демократија, социјална праведност и еднаквост - Разбирање на принципите на човековите права; Примена на концептите за човекови права во секојдневните ситуации; Справување со предизвиците на неправда и преземање на

акции за социјална праведност; Покренување на демократски акции и внесување промени во училишниот контекст и пошироко.

- Стереотипи, предрасуди и дискриминација - Препознавање и намалување на стереотипите и предрасудите; Справување со предизвиците на дискриминација.

- Решавање конфликти - Запознавање со факторите за создавање конфликти; Запознавање со принципите за решавање проблеми; Анализирање и решавање конфликтни ситуации. (Ајрулаи, А. и др. 2016:8)

Интегрираното образование, односно образовниот систем кој ги овозможува, ги негува и ги поддржува инклузивноста и интеркултуралноста помеѓу сите учесници, претставува еден од основните предуслови за развој на општествената кохезија и демократските принципи во мултикултурните општества. Заштитата на човековите права, а со тоа и правата на малцинствата, е директно врзана со зачувувањето на мирот и стабилноста во државите. Следствено, државите имаат обврска да обезбедат учество и да гарантираат еднакви можности за учеството на припадниците на сите малцинства во економскиот, политичкиот и во социјалниот живот во општеството.

Интеграцијата во основа се однесува на исполнувањето на одговорностите кои ги носи суверенитетот, вклучувајќи го и почитувањето на човековите права и обезбедувањето добро и ефективно управување и таа е тесно поврзана со целокупната стабилност на секое плуралистичко општество (Ајрулаи, А. и др. 2016:9).



Слика 11. Извор – Веб страница https://www.terrelllawoffice.com/mdr-hearing

Конвенцијата пропишува дека образованието на детето, треба да биде насочено кон развој на почитувањето на правата на човекот и основните слободи, културниот идентитет на детето, различностите, како и кон подготовка на детето за одговорен живот во слободно општество во дух на разбирање, мир, толеранција и еднаквост.

Во основата на Конвенцијата лежи обврската на државите членки да ги почитуваат и обезбедуваат правата на секое дете, вклучително и правото на образование, без каква било дискриминација и без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго убедување, национално, етничко или социјално потекло, имотна состојба, попреченост, раѓање или друг статус на детето или на неговиот родител односно законски старател, како и обврската да го заштитат детето од сите форми на дискриминација. (Голоб и др., 2007)

Исто така, во Република Северна Македонија постои и Закон за заштита на децата, го штити најдобриот интерес на детето и обезбедување минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето.

## 4. Воспитно-образовниот процес низ призмата на вонанставните активности во функција на меѓуетничка интеграција

### 4.1. Вонаставните активности во средното образование

Наставата во училиштето е организирана според наставни програми, тематски распределенија и дневни подготовки на наставникот од една страна, организацијата на целокупната настава на ниво на училиште е организирана од страна на менаџерскиот и стручниот тим на училиштето во корелација со институциите кои се задолжени за тоа, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за средно стручно образование и др.

Освен редовната настава која влегува во рамките на формалното образование во училиштето се организираат и низа активности кои треба да ги зајакнат компетенциите на наставникот и учениците. За таа цел, со помош на невладиониот сектор, бизнис заедницата и локалната самоуправа, како и државните јавни институции и училиштата се изведуваат вонаставни активности.

Иако во создавање и реализација на вонаставните активности имаат удел повеќе алки од системот, сепак наставникот ја игра клучната улога при нивната реализација.

Во минатото повеќе се користеше терминот секции, а денес во современото училиште се користат термините екстракурикуларни или вонаставни активности. Тоа имплицира дека овие активности се незадолжителни и се реализираат по завршување на задолжителната настава што овозможува училиштето да „живее“ подолг период од денот. Ова претставува време без обврски, слободното време на учениците кое треба да овозможи нивна интеграција и надвор од училишните клупи. (Коцева и др.,2014)

Вонаставните активности се важен сегмент во воспитно-образовниот процес и граѓанскиот концепт на живеењето. Овие активности на учениците им нудат дополнително ангажирање, едукација и мотивација да бидат успешни и полезни во пошироката заедница, прифаќајќи и развивајќи концепт за хуманизам, соживот и мултиетничност и грижа за животната средина и подигнување на еколошката свест. Преку спортските активности се создаваат здрави навики кај младите, а преку натпреварувачкиот карактер на многу од вонаставните активности учениците се мотивираат да се стремат кон постигнување успеси.

За поедноставно следење на насоките, вонnаставните активности се поделени на краткотрајни и подолготрајни. Како краткотрајни се третирани оние воннаставни активности коишто се реализираат еднократно (или еднаш во текот на учебната година), како што е тоа случајот со излети, екскурзии и посети на институции, приредби и прослави, матурски забави и најразлични акции, без оглед на тоа колку долго трае процесот на подготовка.

Од друга страна, за подолготрајни се сметаат оние воннаставни активности коишто се реализираат на тој начин што групата составена од ученици од различни етнички/јазични заедници реализира цела серија заеднички средби (најмалку еднаш неделно) во подолг временски период, кој не би требало да биде пократок од едно полугодие. (Негриевска и др., 2012:5)

Креативноста, општествената одговорност и воннаставните активности отсекогаш биле во фокусот на воспитно-образовниот процес, затоа што учениците треба да се поттикуваат не само во училницата туку и надвор од неа, а тоа треба да се направи преку бројни спортски, креативни, социјални и општествено корисни активности. Пример, за таквиот поттик може да бидат следните активности: посета на институции од областа на културата, театар, балет, филхармонија, спортски натпревари, музички хепенинзи и хуманитарни базари, волонтерска активност во Црвениот крст, помош на лица со посебни потреби или стари и изнемоштени, еко акции и хортикултурни уредувања на училиштен двор, кампување, посета на училишта од други градови, експерименти, квизови и натпревари, учество во разни невладини организации, ораторство, филмски работилници, фотографски и ликовни изложби, презентации и слично.

Ваквиот тип на воннаставни активности кај учениците ги развива грижата и чувството кон другите, ги зајакнува интерперсоналните погледи, едукативно делуваат, го прошируваат видикот кон светот и се позитивен пример за решавање на конфликти, предрасуди и стереотипи.

Воннаставните активности треба да опфаќаат широк спектар од интересите на учениците, преку кои тие ќе ги откријат своите потенцијали и ќе ја развиваат својата личност, според нивните интересирања и мотивација. За таа цел, треба да бидат вклучени сите ученици, наставници, стручни соработници, па дури и локалната самоуправа и деловната заедница. Овие активности се еден од начините за правилно, конструктивно и креативно искористување и исполнување на слободното време на учениците.

Во секој случај, какви и да се активностите - наставни или вонаставни, краткорочни или долгорочни - во секоја од нив треба да се внимава на следниве критериуми, кои секоја активност треба да ги исполни за да биде третирана како заедничка, интеретничка: групата ученици треба да биде балансирана според етничката припадност, возраста, полот и други параметри важни за активноста; активноста треба да ја реализираат наставници од застапените припадници на етничката, јазичната група; учесниците од различните заедници да се третираат еднакво и непристрасно од страна на реализаторите на активноста; да се користат сите наставни јазици колку што е можно порамноправно; темите, активностите да се изберат заеднички од сите застапени заедници; секогаш да се работи на конкретни, опипливи цели и резултати кои се продукт на заедничката активност на сите заедници; да се одржуваат редовни средби кои ќе овозможат да се подигне нивото на интерперсонална комуникација; да се работи во атмосфера на соработка, а ако има натпревар, тој да биде со „мешани“ групи ученици.




Слика.12 *Леток за организирање на музички хепенинг*

Вонучилишните активности, во кои заеднички учествуваат ученици што припаѓаат на различни етнички групи, се многу важни за подобрување на меѓуетничките односи што се обременети со стереотипи и предрасуди. Преку заедничките активности во етнички мешани групи, учениците учат да комуницираат едни со други и на тој начин да се запознаваат со меѓусебните сличности и разлики, како на индивидуално, така и на групно ниво. Заедничките активности во етнички

мешаните групи го обезбедуваат и неопходниот контакт со другите, кој ја овозможува интеракцијата која под одредени услови, може да придонесе за намалување на негативните предрасуди кон другите. (Негриевска и др., 2012:5)

Соодветниот контакт меѓу припадниците на различните етнички групи се смета за еден од најефикасните начини за борба против предрасудите. Доколку на припадниците на едната група им се овозможи да комуницираат со другите (припадниците на другата група), ќе се создаде можност да ги разберат и да ги почитуваат нивните гледишта и да ги осознаат и да ги почитуваат разликите во потребите и во начинот на живеење. На тој начин би се намалиле и проблемите што постојат меѓу припадниците на овие групи и би се подобрила интеракцијата меѓу нив.

За да биде интергрупниот контакт соодветен (да води кон намалување на предрасудите за другите и кон зголемување на интеракцијата со другите), треба да бидат задоволени следните услови: да се базира на соработка; да обезбедува рамноправен статус; да води кон интерперсонални релации и да постои социјална и институционална поддршка. (Негриевска и др., 2012:8)

Во подготовките на воннаставните активности, доколку различните групи имаат заедничка посакувана цел, повеќе од сигурно е дека ќе ги подобрат меѓусебните односи. Преку соработка ќе дојдат до крајниот продукт. На пример, такви се: заеднички подготвени драматизации, заеднички уреден училиштен весник, изложба на заеднички изработки, заеднички спроведена анкета итн. Ефектите од интеракцијата ќе бидат поголеми доколку учениците од различните етнички групи соработуваат на спроведување на интересни, забавни и привлечни задачи што ќе бидат успешно реализирани и ќе им донесат некакво признание. Кооперативната атмосфера меѓу различни етнички групи ученици и наставници ќе создаде позитивна интеракција доколку истите се измешаат и работат тимски, на пример во спортските натпревари.

Преку активностите, ученикот ќе се оспособува да открива примери кога не се почитуваат човековите права и демократските вредности во училиштето и надвор од него. Задоволувањето на потребите и желбите треба да биде во согласност со заедницата. Тој ќе се поттикнува на почитување на различните од себе независно од етничката припадност, јазикот, полот, бојата, верата; да умее да ја почитува и развива сопствената култура и да ги прифаќа вредностите на другите култури; да придонесува за сузбивање на дискриминација, стереотипни

размислувања и предрасуди. Низ истражувачките активности учениците треба да го изнесуваат своето мислење, да прифаќаат вредности од обласа на човековите права и за демократското уредување на општеството, да се воспитуваат за соработка и солидарност со другите. Битна цел на наставата не е само да се учи, туку и да се воспитува за добро однесување кон себе и кон другите, да поттикнува кај учениците заедничко меѓусебно комуницирање и во согласност со постигањата во остварување на човековите права, демократското уредување на општеството и градење на општествениот и културен идентитет.

Третирањето на секој во групата со статус на рамноправен чинител до крајната цел, треба да ги поттикнува сите да се вложат максимално во реализацијата на проектот. Интергрупниот контакт значи и избегнување на ситуации на предрасуди и стереотипи.

Заедничките активности на група ученици со мешан етнички/јазичен состав за меѓуетничка интеграција во образованието треба да има балансиран состав на мешаната група и еднаков третман на сите ученици од страна на наставниците кои ја водат активноста независно од нивната етничка припадност. Воннаставните активности да се реализираат со примена на училишни методи и техники за поттикнување на продлабочено учење, кооперативност, како и со самостојно истражување и откривање на знаењето.

Интерперсоналните релации треба да им дадат можност да се запознаат на индивидуално (лично) ниво. За таа цел, неопходно е заедничките активности да обезбедат доволно чести, доволно долги и доволно блиски контакти меѓу учениците за да може да прераснат во меѓусебни односи кои имаат повеќе од формално значење.

Социјалната и институционална поддршка меѓу припадниците на различните етнички групи кои се вклучени во воннаставните активности треба да биде поддржана од влијателни авторитети од училиштето, институциите, политичарите и медиумите, родителите и локалната самоуправа.

Сите заедно подеднакво треба да се залагаат за остварување на меѓуетничкиот контакт помеѓу учениците и креирање позитивна клима и политика на прифаќање и почитување на разликите во училиштето. (Негриевска и др., 2012:112)

## 4.2.Наставникот и неговите компетенции при реализација на вонаставните мултиетнички активности во средното училиште

Клучна улога во реализацијата на заедничките активности со етнички/јазично мешани групи ученици имаат наставниците. Од мотивираноста на наставниците зависи дали ќе се реализираат активностите што ќе придонесат за подобрување на меѓуетничката интеграција во образованието. (Негриевска и др., 2012:4)

Успехот во реализацијата на заедничките активности со учениците не зависи од тоа кој предмет го предаваат наставниците што се одговорни за спроведување на активноста. Со оглед на тоа што повеќето вакви активности не се поврзани со конкретни предмети, а се насочени кон социјалниот и личниот развој на учениците, секој наставник може да биде успешен реализатор на вакви активности доколку е подготвен да ги развива своите компетенции за таква работа. Поинаку кажано, колку успешно ќе се реализираат ваквите активности главно зависи од компетенциите на наставниците што се манифестираат во неколку сфери на нивната работа.

Успешни наставници – реализатори на заеднички активности со учениците се оние коишто ги почитуваат етничките разлики меѓу учениците и колегите и коишто се свесни за сопствената културна припадност и се отворени кон другите култури и нивните припадници. Тоа не значи дека ваквите наставници немаат предрасуди кон другите, туку дека се свесни дека ги имаат и се подготвени отворено да разговараат за сличностите и разликите меѓу културите и на тој начин да го откриваат присуството на предрасудите кај себе и кај учениците. Своето почитување за другите култури го изразуваат преку воздржување од вреднување (одобрување или неодобрување) на културните вредности, обичаи и практики на другите.

Успешни реализатори се оние наставници коишто постојано се трудат да ги разберат мислењата и чувствата на другите и коишто можат да ги согледаат и да ги чувствуваат работите од перспектива на другите. Користејќи ја мултиперспективноста како основа за гледање на работите, ваквите наставници можат да креираат безбедна средина во која учениците не се плашат да ги манифестираат своите културни вредности и потреби и тогаш кога се различни од културните вредности и потреби на другите. (Негриевска и др., 2012:4)

Наставниците што се добри реализатори на заедничките активности со учениците имаат доволен степен на самодоверба која им овозможува да

соработуваат со наставници од друга етничка/јазична група во услови кога тоа не е вообичаена или посакувана практика. Притоа се отворени да учат за другите култури од оние со коишто соработуваат и заедно со нив да се справуваат со сите ситуации што се потенцијална опасност за нивната меѓусебна соработка и заедничките активности со учениците. (Негриевска и др., 2012:4)

Наставниците, без разлика на предметот кој го предаваат треба да ги анализираат своите постапки и стилови во наставата и вонннаставните активности за да определат до кој степен тие ги таргетираат мултикултурните прашања и проблеми. Педагогијата на непристрасност постои кога наставниците го модификуваат своето поучување со што ги олеснуваат постигањата и поттикнувањата на учениците од различни етнички, родови, расни, културни и општествено-класни групи. Притоа, користењето на разни наставни стилови и пристапи што се усогласени со широкиот опсег на стилови на учење кај различни културни и етнички групи може да даде подобри резултати во постигнувањата на учениците.

Како што учениците имаат потреба од учење, така и наставниците треба да се стремат постојано да ги зголемуваат своите компетенции и да ги зајакнуваат своите вештини. Наставниците низ разни обуки организирани и од страна на училиштето и од лични потреби за зајакнување на своите капацитети секогаш треба да го следат личниот и професионален развој низ самоевалуација, со што ќе ги следат своите достигнувања каде се и каде сакаат да стигнат. Планирањата, организирањата и реализирањата на активностите на секој наставник треба да биде мотив за останатите.

Во доменот на развивање на капацитетите на наставниците неопходно е наставниците да се обучат да ги препознаваат етничките стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да можат активно да им се спротиставуваат на предрасудите кои се манифестираат во училишната практика. Во рамките на заеднички активности во етнички/јазично мешани тимови и со етнички/јазично мешани групи ученици, наставниците треба да се обучат да работат со вакви фокус групи.

Исто така, треба да се оспособат да ги користат понудените наставни материјали и да избираат и користат алтернативни наставни материјали на начин кој ќе обезбеди промовирање на етничката интеграција, наместо етничка поделба и да се стимулираат редовно и долгорочно да соработуваат на професионален план. (Петроска-Бешка и др., 2009:112)

Современото училиште треба да нуди еднакви услови за сите, пред сѐ можност за индивидуален напредок, да создаде позитивна средина за остварување на целите и потребите на ученикот, а наставниците – водачи, медијатори, лица за поддршка. Како рамноправни партнери наставниците и учениците треба да истражуваат, заемно да се мотивираат, да го развиваат критичкото мислење, да се едуцираат, комуницираат, при што наставникот треба да биде модел на човек со високи и вистински вредности, а ученикот активен субјект во целиот процес. (Мијалова, 2014:161)

Наставникот треба да ги поттикнува, подготвува и организира учениците да учествуваат во воннаставните активности, да користи едукативни методи со што ќе го поттикне когнитивниот, афективниот и психомоторниот развој на учениците и ќе овозможи демократска партиципација на сите ученици од сите културни заедници за успешно егзистирање во животот на училиштето.

Наставниците придонесуваат за создавање демократска училишна клима во паралелката, се грижат за поттикнување и интегрирање на учењето со активности и однесување на учениците во паралелката, училиштето и пошироката средина.

Перманентното стручно и педагошко образование и усовршување е потреба и обврска на наставниот кадар и е важен услов за успешно организирарње на целокупната воспитно-образовна работа во училиштето. Бидејќи, унапредувањето на наставата и воннаставните активности е една од приоритетните задачи на училиштето, оспособувањето на наставниците е најважниот сегмент.

Во програмата за стручно усовршување во рамките на училиштето, посебен акцент треба се стави на едукации, обуки, десеминации и семинари на наставниот кадар.

За постигнување на целосен континуитет и постапност во реализацијата на сите наставни и воннаставни форми на мултикултурното интегрирано образование потребно е индивидуално и колективно стручно усовршување на наставникот како поединец, но и на наставниот кадар во целина.

### 4.3. Меѓуетничката интеграција и улогата на училиштето

Мултикултурното образование е лулка на создавање на односи за толеранција и меѓусебно почитување. Размислувањата за мултикултурноста и образованието со години наназад се преокупација на голем број автори во светот, а делумно и на

некои автори од регионот. Мултикутурализмот како суштествена карактеристика на животот во мултикултуралното општество, ја наметнува потребата од соодветни промени во образовниот систем од аспект на мултикултурализмот. Земјите од регионот се карактеризираат, со мултиетничност и повеќејазичност, па поради тоа упатени се да ги усвојат и развиваат формите на мултикултурно и интеркултурно образование. (Баракоска и др., 2011:21)

Кога станува збор за мултикултурализмот во училиштето, пред сѐ мислиме на процес со кој ќе се интернационализираат педагошките позитивни ставови насочени кон мултукултуралното општество затоа што во училиштата постои волја, а наставниците имаат знаења и способности да го извлечат најдоброто од општество и неговата култура. Во таа смисла е дејствувањето на училиштето во насока на развој на мултикукултурализмот, базиран на толеранција, освестување и вреднување на различитоста и плурализамот. Тоа значи дека училиштата кои тежнеат да го промовират духот на новото време, и самите треба да бидат олицетворение на силна мултикултурална средина и на тој начин да им помогнат на учениците ефикасно да функционираат во сложените услови на денешницата. Плуралистичките и демократските општествени вредности треба да станат интегрален дел од животот на самото училиште, при што сите актери на училишниот живот треба да преземат активна улога во преиспитување на ефектите на образовната практика. (Баракоска и др., 2011:22)

Училиштето како општествен систем може да се разгледува низ целокупниот училиштен амбиент кој се состои од повеќе варијабли и фактори кои би можеле да се идентификуваат: училишната култура, принципите и политиката на училиштето, пропишаниот курикулум и програмата на училиштето. Секој од овие фактори одделно може да биде во фокусот на училишната реформа, и во секој од нив може да се случат промени за да се создаде и одржи ефикасен мултикултурен училиштен амбиент.

Кога се формулираат плановите за мултикултурното образование, едукаторите треба да изготват концепт за училиштето како микрокултура која има свои планови, норми, вредности, статуси и цели како и другите општествени системи.

Важен сегмент за непречено одвивање на образовниот процес е секако развивањето и унапредувањето на мултиетничкиот концепт, градењето соживот и толеранција. Во оваа насока во училиштето треба да се одвиваат повеќе проекти кои

ќе ја разработуваат проблематиката на мултикултурализам, во кои ќе се вклучат ученици од различен етнички состав, а секако и наставниот кадар кој треба да учествува при реализација на проектите, но и да посетува обуки на темата мултикултурно живеење.

Мултикултурното образование налага промена во самите училишта, таа промена бара голема трансформација во школството, создава критичко мислење на сите аспекти со цел да се маркираат потребите на едно мултикултурно училиште.

Училиштето претставува културен амбиент во кој се одвива динамична интеракција меѓу наставниците и учениците, процес во кој заедно ги збогатуваат своите знаења и перспективи. Интегрираното мултикултурно образование треба да создаде одржлива патека за соживот, респект и дијалог помеѓу припадниците на различните културни групи. Наставниците можат да црпат од своите култури и да ги користат перспективите и согледувањата што ги стекнале како инструмент што ќе им помогне да ги сфатат културите на своите ученици.

Мултикултурното образование ја вклучува целокупната училишна клима пресликана низ наставните програми. Ова значи секој поединец може да ја промени средината во која работи, да ги подобри меѓучовечките односи и да ги реализира целите за подобра меѓуетничка интеграција во воспитно-образовниот систем.

Училиштето преку наставните и воннаставните планови и програми треба да обезбеди заедничи часови и активности на различните етничи, религиски и културни заедници на ученици и вработени.

Наставните планови можат да се реализираат на часови што по самата своја природа се податливи за заеднички интеретнички активности, какви што се, на пример, часовите по музичко и ликовно воспитание или часовите по странски јазик, како и часовите по физичко и здравствено образование и воспитание, часот по информатика, но и часовите по стручни предмети кои дозволуваат интеракција. Наставните активности може да се реализираат преку разни заеднички проектни активности во рамките на редовните предмети, настава во природа и сл.

Во рамките на воннаставните активности има широка палета активности што се во насока на меѓуетничка интеграција: од екскурзии, излети, посети, заемни гостувања, преку заеднички прослави и приредби, забави и други забавни и социјални активности, спортски активности, па сè до активности што засегаат заеднички и општи прашања, како еколошки акции, хуманитарни активности и

ангажмани во заедницата, но и слободни ученички активности во секции – како драмска, ликовна, хор и сл. (Стојанов, 2012:47)

Важни варијабли што треба да се испитаат при создавање на училишна клима за учениците од разните родови, етнички и расни групи, се: практиките на групирање и етикетирање, учеството во спортските активности, (не)пропорционалноста помеѓу постигањата и вклученоста на специјалните образовни програми за надарени, како и интеракцијата на персоналот и на учениците по родова и етничка линија. (Баракоска и др., 2011:22)

Со почитување на етничките и културните разлики, можеме да помогнеме да се затвори јазот меѓу демократските идеали и општествените практики. Таквите практики се премногу често дискриминаторски кон припадниците на етничките и културните групи. Тука, училиштата треба да ја преземат оваа нова одговорност. Нивните практики за социјализација треба да ја инкорпорираат етничката разновидност, што е составен дел од демократската посветеност кон човековото достоинство. Во исто време, училиштата мора да им помогнат на младите да се дружат, на начини кои ќе ги поттикнат основните демократски идеали. (Пекевски, 2012:12)

Во доменот на управување и раководење со училиштата треба да се развиваат и применуваат стратегии за прекинување на трендот на поделеност и изолација, преку обезбедување просторни и временски услови кои ќе овозможат повеќе контакти меѓу учениците кај повеќе „мешани“ училишта, згради, спратови, смени; рамноправен третман на јазиците во наставата и на учениците кои учат на различните наставни јазици, еднаква застапеност на јазиците и културите во заедничкиот простор; да се обезбеди мултиетнички состав на стручната служба и да се промовира билингвалност во работата на стручната служба; училишниот одбор да се насочи на внесување на мултикултурноста во актите, плановите и програмата на училиштето; да се изградат механизми за мониторирање на сите активности кои се однесуваат на почитување на принципите на мултикултурализам во училиштето; справување со насилство и разрешување конфликти, да се подигнат капацитетите на учениците, управата, наставниците и родителите, да ги препознаваат сите облици на насилство преку правила и процедури за постапување во случај на конфлик; училиштата до максимум да ја користат можноста за организирање заеднички наставни активности, заеднички часови по спорт и спортски активности, информатика и странски јазици. (Петроска-Бешка и др., 2009:112)

Очекуваните резултати се: подобрена училишна клима за меѓуетничка интеграција; похумана и праведна средина каде се промовираат вредностите н човековите права

Меѓуетничка интеграција во образованието во Република Северна Македонија, пред сѐ, значи контакт меѓу припадниците на различните културни, етнички и јазични заедници. За да се обезбеди овој контакт, нужно е планирање и организирање на заеднички ученички активности, како наставни така и вонnаставни. Притоа, не е важно во што се состои заедничката активност, туку фактот дека таа се прави заеднички, односно да биде од заеднички интерес за сите инволвирани во процесот. Во таа смисла, не е важен продуктот туку процесот на доаѓање до тој продукт. На тој начин учениците - учесници во заедничкиот процес остваруваат непосредна комуникација, учат еден за друг и имаат интеракција, што во крајна линија, ќе доведе до формирање на интерперсонални релации. (Стојанов, 2012:39)

Доколку, сите чинители во училиштето се отворени поддржувачи коишто ја практикуваат меѓуетничката соработка, од нив може да се очекува да влијаат врз меѓуетничкиот контакт на сите ученици. Во училиштен контекст, во улога на влијателни авторитети може да се јават раководните структури, стручните служби, наставниците и родителите, кои подеднакво треба да се залагаат за остварување на меѓуетничкиот контакт помеѓу учениците. Притоа, како најодговорни за креирање клима на поддршка се сметаат раководниот кадар и наставниците од коишто се очекува отворено да се залагаат за политика на прифаќање и почитување на разликите. (Негриевска, 2012)

Училиштата мора да покажат посветеност за признавање и почитување на етничката и културната различност, промовирање на општествена кохезија заснована на заедничко учество на етнички и културно различни народи, како и еднакви можности за сите поединци и групи. Мултикултурното образование треба да укаже на процесот на самоидентификација, како суштински аспект на сфаќањето што е во основата на посветеност кон достоинството на човечкиот род. (Пекевски, 2012:12)

На крајот од образовниот процес, „продуктот“ треба да биде ученици со интеркултурни компетенции, сензибилизирани за различностите и подготвени за живот и работа во мултикултурна средина.

Во тој контекст, образовниот процес треба да генерира многу повеќе од знаење и едукација на младот човек. Во училиштата влегуваат деца, но излегуваат

граѓани на општеството, кои стекнатите знаења и социјални вештини, па и предрасуди и стереотипи ги пренесуваат во својата општина, на работното место и влијаат на поширокото опкружување. Затоа, концептот на меѓуетнички интегрирано образование во голема мера ќе придонесе за подобро општество, општество базирано на доверба и соработка, а не на поделби и омраза. (Стојанов, 2012:49)

# II Методологија на истражувањето

## 1.Предмет на истражување

Предмет на истражување на овој магистерски труд се вonнаставните активности кои се во функција на мултиетничката интеграција на учениците од мешан етнички состав од средните училишта.

Оправданоста од истражувањето на оваа проблематика најпрво ја согледуваме во фактот дека воспитно-образовениот систем на македонското општество има потреба од кохезија помеѓу учениците од различните етнички заедници.

Од тие причини, низ повеќе аспекти треба да се бараат модели за зајакнување на образовните институции, во кои учениците би имале допирни точки и полесно би ја надминале сегрегација меѓу нив во средното образование. Реализацијата на проектни и воннаставни активности во коишто учествуваат ученици од различни етнички заедници треба да ги промовира различностите, мултикултурализмот и толеранцијата и да овозможи прифаќање од страна на учениците.

Со ова истражување треба да се согледаат состојбите и да се потенцираат начините и препораките за подобрување на образовните политики за мултикултурното интегрирано образование и преземањето конкретни мерки за спроведување на политиките во интегрираното образование, со што учениците од различните етнички заедници успешно би се интегрирале и би се промовирал соживотот, заемните вредности, дијалогот и толеранцијата.

Со цел да се намалат етничките предрасуди и да се подобри познавањето на културата на учениците од различни етнички групи, дел од училиштата спроведуваат заеднички воннаставни активности со ученици кои ја следат наставата на различни наставни јазици.

Интегрираните образовни политики во Република Северна Македонија се насочени кон обука на наставничкиот кадар во рамките на формалното и неформалното мултиетничко интегрирано образование, како и механизми за евалуација на примената на овие сознанија во воспитно-образовниот процес.

Во ова истражување беа опфатени ученици од различна етничка припадност од четири средни училишта, како и наставници, директори и стручни соработници.

## 2. Цел и карактер на истражувањето

Целта на ова истражувањето е да се согледа колку воннаставните активности со мултиетнички содржини придонесуваат во приближување и запознавање на учениците преку интегрираното образование во средните стручни училишта на Република Северна Македонија.

Истражувањето врши анализа на моменталната состојба во доменот на интегрираното мултикултурно воспитание и образование. Во оваа насока, истражувањето во најголем дел се фокусира на проектите и на јавните политики на национално и на локално ниво, кои се во функција на реализацијата на целите на интегрирано мултикултурно образование.

Истражувањето дава опис на моменталната состојба во доменот на интегрираното мултикултурно образование и улогата на наставниците и учениците, директорите и стручните соработници во воннаставните активности и меѓуетничката интеграција во воспитно-образовниот процес.

Во тој контекст, во согласност со предметот на истражување на овој труд, е определена и општата цел и поединечните цели, а тоа се следните:

### ОПШТА ЦЕЛ

Да се идентификуваат содржините и начините за реализација на воннаставните активности кои се во функција на мултиетничка интеграција во воспитно-образовниот процес.

### ПОЕДИНЕЧНИ ЦЕЛИ

Општата цел на истражувањето на овој магистерски труд ќе се постигне преку:

- испитување на ставови и мислења на наставниците,
- испитување на ставови и мислења на учениците,
- испитување на ставови и мислења на директорите и стручните соработници,

во однос на тоа дали и колку воннаставните активности кои имаат мултиетнички содржини се во функција на мултиетничката интеграција на учениците од средните училишта.

Ова истражување ќе придонесе да се прошират постојните, но и да се стекнат нови сознанија кои се од голема важност за постигнатото на полето на меѓуетничкото интегрирање на учениците во средното стручно образование низ воннаставните мултикултурни проекти и активности.

Цел на ова истражување е и да се согледаат капацитетите и ефектите од поминати обуки на наставниците, директорите и стручните соработници за реализација на воннаставните активности и цели поврзани со мултикултурното образование и меѓуетничката интеграција на учениците од средните училишта.

## 3. Задачи на истражувањето

Во согласност со дефинираната цел на истражувањето, ќе ги поставиме и следниве задачи**:**

1. Да се испита функцијата и значењето на воннаставните активности со мултиетнички содржини и нивниот придонес за подобрување на меѓуетничките односи меѓу учениците од средните стручни училишта со мешан етнички состав;

2. Да се испита дали и колку наставниците од средните стручни училишта учествуваат и успешно ги реализираат воннаставните активности со мултиетнички содржини во училиштата со мешан етнички состав;

3. Да се испитаат ставовите и мислењата на директорите, стручните соработници и наставниците по однос на вклученоста на учениците во воннаставни активности со мултиетнички содржини;

4. Да се испита дали проектот на МИО има позитивно влијание во подобрување на мултикултурната интеграција кај учениците од различен етнички состав;

5. Да се испита дали и колку локалната самоуправа ги поддржува проектите и воннаставните активности кои се во функција на подобрување на меѓуетничката интеграција во воспитно-образовниот процес;

6. Да се испита дали кај наставниците постои интерес и мотивација за учество и реализација на воннаставните активности во средните стручни училишта со мешан етнички состав;

7. Да се испита дали наставниците се доволно оспособени за реализација на воннаставни активности кои имаат мултиетнички содржини;

8. Да се испита дали средните стручни училишта обезбедува доволно финансиски средства за реализација на проекти со мултиетнички содржини;

9. Да се испита дали и колку училиштата од средното стручно образование со мултиетнички состав реализираат проекти и други воннаставни активности кои се во функција на подобрување на меѓуетничката интеграција.

## 4.Хипотези

Хипотезите се во корелација со предметот, целта и задачите на истражувањето.

**Главна хипотеза:**

- *Воннаставните активности со мултиетнички содржини позитивно влијаат и се во функција на меѓуетничката интеграција на учениците од средните стручни училишта со мешан етнички состав.*

**Помошни хипотези:**

1. Воннаставните активности со мултиетнички содржини се значајни за подобрување на меѓуетничките односи во училиштата од средното стручно образование со мешан етнички состав.

2. Наставниците учествуваат и успешно ги реализираат воннаставните активности со мултиетнички содржини во средните стручни училишта со мешан етнички состав.

3. Директорите, стручните соработници и наставниците сметаат дека учениците се мотивирани и доброволно се вклучуваат во воннаставни активности со мултиетнички содржини.

4. Проектот МИО има позитивно влијание во подобрувањето на меѓуетничките односи и толеранција кај учениците од средните стручни училишта со различен етнички состав.

5. Наставниците, стручните соработници и директорите сметаат дека локалната самоуправа не ги поддржува во доволна мера проектите кои се во функција на подобрување на меѓуетничката интеграција.

6. Постои интерес и мотивација за учество и реализација на воннаставните активности со мултиетнички содржини кај наставниците од средните стручни училишта со различен етнички состав.

7. Наставниците се доволно оспособени за реализација на воннаставните активности кои имаат мултикултурни содржини.

8. Училиштата од средното стручно образование обезбедуваат доволно финансиски средства за реализација на воннаставните активности и проекти со мултиетничка содржина.

9. Училиштата од средното стручно образование со мултиетнички состав реализираат проекти и активности кои што се во функција на подобрување на меѓуетничката интеграција.

## 5. Варијабли на истражувањето

Варијабли кои го детерминираат истражувањето се следните:

1. Во истражувањето независна варијабла се воннаставните активности со мултиетнички содржини во средните стручни училишта, со ученици од мешан етнички состав.

2. Зависна варијабла претставува меѓуетничката интеграција на учениците од средните стручни училишта со мешан етнички состав.

3. Релевантни варијабли кои се од интерес за истражувањето се: националноста, работното искуство, поминати обуки, мотивацијата и желбата за учество во воннаставни активности и проекти со мултиетнички содржини, во средните стручни училишта во кои учат ученици од различна националност.

## 6. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Со цел успешно спроведување на истражувањето, ќе се примени и соодветна методологија на стандардизирани и прифатливи методи преку кои ќе се утврдат состојбите за појавата која ја истражувавме. Во истражувањето се применети следниве методи:

- Метод на анализа на содржина на соодветна литература и документација (content analysis)
- Компаративен метод
- Дескриптивен метод (опис, анализа и генерализација)
- Квантитативен метод

Во истражувањето ќе се користи техника на анкетирање со однапред подготвени анкетни прашалници кои ќе бидат упатени до одреден број наставници и ученици, како и интервју за директорите и стручните соработници. При реализацијата на истражувањето ќе се применуваат и други методолошки постапки, кои ќе резултираат со добивање на определени теоретски и практичните сознанија.

Низ една сеопфатна анализа на добиените резултати ќе се извлечат релевантни заклучоци. Заклучувањата ќе се вршат по пат на дедукција, односно, се претпоставува дека она што е став за една појава или процес важи и за одреден случај. Во истражувањето ќе се користи и методот на индукција, со цел од поединечните сознанија да се изведе општ заклучок.

За добивање на потребните податоци за изработка на трудот ќе биде користена:

- домашна и странска литература, која ќе овозможи да се согледаат теоретските основи на мултикултурализмот;

- разговори со директори и стручни соработници во средните училишта;

- статистички показатели добиени од спроведени истражувања од релевантни институции и невладини организации;

- секундарни извори на податоци;

- материјали обезбедени од семинари и обуки кои се однесуваат на истражувањата за меѓуетничката интеграција во образованието;

- сопствени истражувачки зафати.

Методологијата на истражувањето ќе ги опфати следните фази на анализа:

- Анализа на квантитативните податоци за повеќејазичните средни стручни училишта на територијата на град Скопје.

- Анализата ќе се фокусира кон насоченоста и реализацијата на воннаставните активности за меѓуетничката интеграција на воспитно-образовниот процес и подобрување на меѓуетничките односи во средните стручни училишта.

- Анализа на карактеристиките на различните етнички заедници, нивниот етнички културен идентитет и комуникација во мултиетничка средина.

- Анализата на воннаставните активности кои промовираат мултикулутурализам, етничка толеранција и почитување на етничките разлики.

- Анализа на ставовите на наставниците, учениците, директорите и стручните соработници за функцијата и значењето на воннаставните активности за мултиетничка интеграција во средните стручни училишта со мултиетнички состав.

- Преглед на состојбите и теренско истражување.

Како значајни и основни истражувачки техники кои се употребаат во ова истражување се:

1. Анкетирање,
2. Интервју и
3. Скалирање.

Во истражувањето се користени следниве инструменти:

- Анкетен лист за наставници,
- Анкетен лист за ученици и
- Интервју за директори и стручни соработници.

- **Анкетен лист за наставници**, преку кој ќе се испитуваат мислењата и ставовите на наставниците за потребата, импликациите во воспитно-образовниот процес на воннаставните активности, проекти и работилници со мултикултурни содржини. Прашањата се од комбиниран затворен и отворен тип.
- **Анкетен лист за ученици**, преку кој анкетен лист ќе се испитуваат мислењата и ставовите на учениците од средното стручно образование, кои биле или се потенцијални учесници во воннаставните активности, проекти и работилници со мултикултурни содржини. Прашањата се од затворен и отворен тип.
- **Структурирано Интервју за директори и стручни соработници**. Протоколот за структурираното интервју наменето за директорите и стручните соработници содржи вкупно седум прашања, кои се однесуваат на состојбите на полето на меѓуетничката интеграција во средните училишта кои имаат ученици од мешан етнички состав. Интервјуто треба да обезбеди и информација за воннаставните активности во средните училишта на ученици и наставниците со мешан етнички состав и нивната вклученост во проектот за Меѓуетничка интеграција во воспитно-образовниот процес.

## 7. Популација и примерок

Во ова истражување беа вклучени ученици и наставници, директори и стручни соработници од четири средни стручни училишта од град Скопје, во кои наставата се изведува на два наставни јазика, македонски и албански наставен јазик.

Младите луѓе имаат огромен потенцијал да изградат позитивни вредности и ставови и да придонесат за унапредување на меѓуетничката интеграција и развојот на нашето општество. Наставниците се оние што најдобро можат да ја насочуваат нивната енергија и ентузијазам на позитивен начин за преземање демократски акции за внесување промени во училиштен контекст и пошироко, а директорите и стручните соработници се оние кои менаџираат со овие процеси.

Во истражувањето е застапен едноставен случаен примерок.

*Табела 1. Структура на примероко на испитаници од средните стручни училишта*

| Средни стручни училишта на Град Скопје | Ученици | | | | | Наставници | | Директори | Стручни соработници |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мак | Алб | Роми | Тур | Бошњ | Мак | Алб | | |
| „Арсени Јовков“<br>„Марија Кири-Склодовска“<br>„Здравко Цветковски“<br>„Димитар Влахов“ | 60 | 40 | 15 | 15 | 20 | 50 | 40 | 4 | 8 |
| Вкупно | 150 | | | | | 90 | | 12 | |

## 8. Статистичка обработка на податоците

Статистичката обработка на податоците помина низ четири фази, и тоа: прибирање на податоци, групирање и прикажување на податоците, анализа на податоците и извлекување на соодветни заклучоци.

Секој добиен податок во ова истражување е обработен во компјутерската програма Excel, со помош на која ќе се пресмета фреквенција и процент.
Сите добиени резултати се прикажани процентуално, графички и бројчано.

## 9. Организација и тек на истражувањето

Истражувањето беше реализирано во текот на март и април во учебната 2018/2019 година во средните стручни училишта од територијата на град Скопје.

Инструментите беа анонимни, сè со цел добиените податоци од ова истражување да бидат поверодостојни и пообјективни.

Се надевам дека ова истражување ќе биде поттик за нови идеи кај учениците, наставниците, директорите и стручните соработници, за учество во многу повеќе вонснаставни активности со мултикултурни содржини во училиштата од средното стручно образование.

# III АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетните листови за ученици, наставници и интервјуто за директори и стручни соработници

Анализата и интерпретацијата на добиените резултати од анкетниот лист – скалер, наменет за учениците (Македонци, Албанци, Бошњаци, Роми и Турци) и наставниците (Македонци и Албанци) е извршена и презентирана соодветно со поставените задачи и хипотези на истражувањето, а се анализирани и податоци од интервјуто за директори и стручни соработници на училиштата (Македонци и Албанци).

Во текот на целото истражување анализата беше насочена кон докажување на поставената главна хипотеза и поединечните хипотези.

Оваа анкета се спроведуваше во рамките на емпириското истражување од овој магистерски труд, а целта е да се испита дали и колку вонnаставните активности кои имаат мултиетнички содржини се во функција на меѓуетничката интеграција на учениците од средното стручно образование во училишта со мешан етнички состав.

Преку ова истражување и анализите кои произлегоа од него сакав да дојдам до сознанија за ставовите, мислењата и досегашните искуства од реализацијата на воннаставните активности, како и мултикултурното образование и меѓуетничката интеграција на учениците од средните стручни училишта со мешан етнички состав. Прашалникот беше анонимен, а од испитаниците се бараше искрен одговор и искрено мислење.

Секое тврдење има понудени алтернативи и тоа:

1. Воопшто не се согласувам
2. Малку се согласувам
3. До некаде се согласувам
4. Се согласувам
5. Целосно се согласувам

Воведниот дел од анкетниот лист за учениците и наставниците содржи податоци за: полот, возраста, националноста, годината на образование – за учениците, односно полот, возраста, националноста, работното искуство, предметот кој го предаваат и степенот на образование – за наставниците.

Воведниот дел од интервјуто за директорите и стручните соработници содржи податоци за: полот, возраста, националноста, работното искуство, степенот на образование и моменталната работна позиција во училиштето.

Добиените резултати од спроведеното истражување се презентирани преку соодветна методологија на анализа и интерпретација на добиените податоци од инструментите.

## 1.1.Анализа и интерпретација на резултатите од анкетниот лист – скалер наменет за наставниците

Првото тврдење од анкетните листови за наставниците е **Лошите меѓуетнички односи се дел од секојдневието во моето училиште** според кое од вкупно 90 наставници, и тоа 50 наставници Македонци - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 7 испитаници, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 9 испитаници, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 23 испитаници, со 4 (Се согласувам) одговориле 9 испитаници, а со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 2 испитаника.

Од 40 наставници Албанци - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 8 испитаници, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 5 испитаници, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 15 испитаници, со 4 (Се согласувам) одговориле 10 испитаници и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 2 испитаника.

Овие тврдења процентуално се изразени во табела 2, а графички се прикажани во графикон 1.

Од графиконот 1, може да се заклучи дека 46% од наставниците Македонци и 37,5% од наставниците Албанци, или вкупно 42% до некаде се согласуваат дека лошите меѓуетнички односи се дел од секојдневието во нивното училиште.

*Табела бр.2. Одговори на тврдење бр. 1*

| Алтернативи на тврдења/одговори f / % | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | Испитаници | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Наставници | Македонци | 7 | **14** | 9 | **18** | 23 | **46** | 9 | **18** | 2 | **4** | 50 | 100 |
| | Албанци | 8 | **20** | 5 | **12,5** | 15 | **37,5** | 10 | **25** | 2 | **5** | 40 | 100 |
| Вкупно | | 15 | **17** | 14 | **16** | 38 | **42** | 19 | **21** | 4 | **4** | 90 | 100 |

**Графикон 1**



Во второто тврдење дека **Реализацијата на воннаставни активности со мултиетнички содржини се во функција на подобрување на меѓуетничката интеграција**, со 57% одговориле 51 наставник. Од вкупно 90 испитаници Македонци и Албанци - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговорил 1 испитаник, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 5 испитаници, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 11 испитаници, со 4 (Се согласувам) одговориле 51 испитаници и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 22 испитаника.

Ова ни покажува дека е голем процентот на оние кои одговориле со Целосно се согласувам и Се согласувам (графикон 2) што покажува дека реализацијата на воннаставни активности со мултиетнички содржини се во функција на подобрување на меѓуетничката интеграција.

*Табела бр. 3. Одговори на тврдење бр. 2*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | 1 | **1** | 5 | **6** | 11 | **12** | 51 | **57** | 22 | **24** | 90 | 100 |

**Графикон 2**



Одговорите од третото тврдење дека **Заедничките воннаставни активности можат да ги подобрат меѓуетничките односи во воспитно-образовниот процес** покажува дека наставниците Македонци (50%) и Албанци (60%) во голем процент се согласуваат дека воннаставните активности може позитивно да влијаат во процесот на меѓуетничката интеграција.

*Табела бр.4. Одговори на тврдење бр. 3*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | f | **%** |
| Наставници | Макед. | 0 | **0** | 6 | **12** | 4 | **8** | 25 | **50** | 15 | **30** | 50 | 100 |
| | Албан. | 1 | **2,5** | 1 | **2,5** | 6 | **15** | 24 | **60** | 8 | **20** | 40 | 100 |
| Вкупно | | 1 | **1** | 7 | **8** | 10 | **11** | 49 | **54,5** | 23 | **25,5** | 90 | 100 |

**Графикон 3**



**Наставниците се вклучуваат во воннаставни активности со мултиетнички содржини** е четвртото тврдење од анкетниот лист за наставници. Притоа од 90 наставници - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговорил 1 испитаник, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 7 испитаници, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 31 испитаник, со 4 (Се согласувам) одговориле 36 испитаници и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 15 испитаници.

Ова тврдење покажува дека се уште е голем процентот на наставници кои не се вклучуваат во вакви активности дури 34% до некаде се согласуваат со ова тврдење, но затоа пак 40% од наставниците се согласуваат, односно целосно се согласуваат 17% со ова тврдење.

*Табела бр. 5. Одговори на тврдење бр. 4*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | 1 | **1** | 7 | **8** | 31 | **34** | 36 | **40** | 15 | **17** | 90 | 100 |

**Графикон 4**



Одговорите на тврдењето **Досега не сум имал/а никаков интерес за одржување на воннаставни активности со содржина од МИО** се следни, дури 48% од наставниците (графикон 5) или 43 наставници се изјасниле дека воопшто не се согласуваат со ова тврдење. Односно, од 90 наставници - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 43 испитаници или 48%, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 13 испитаници или 14%, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 16 испитаници или 18%, со 4 (Се согласувам) одговориле 15 испитаници или 17% и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 3 испитаници или 3% (табела 6).

*Табела бр.6. Одговори на тврдење бр. 5*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | 43 | **48** | 13 | **14** | 16 | **18** | 15 | **17** | 3 | **3** | 90 | 100 |

**Графикон 5**



Одговорите на тврдењето, **Колегите во моето училиште не се мотивирани за вонннаставни активности со мултикултурни содржини** е прикажано во табела 7, односно одговор на тврдењето 6, а графички приказ е даден во графиконот 6. Притоа, од вкупно 90 наставници - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 33 испитаници или 37%, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 14 испитаници или 16%, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 31 испитаник или 34%, со 4 (Се согласувам) одговориле 10 испитаници или 11% и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 2 испитаника или 2%.

*Табела бр. 7. Одговори на тврдење бр. 6*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | 33 | **37** | 14 | **16** | 31 | **34** | 10 | **11** | 2 | **2** | 90 | 100 |

**Графикон 6**



Седмото тврдење од истражувањето **Наставниците имаат недоволно познавање за воннаставните активностите на МИО,** покажува дека од 90 наставници дури 25% или 23 испитаници се изјасниле дека донекаде се согласуваат, 23% или 25 испитаници се согласуваат со ова тврдење.

Ова покажува дека и понатаму се потребни обуки и семинари, со цел да се опфатат сите наставници на ниво на држава.

*Табела бр.8. Одговори на тврдење бр. 7*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | 24 | **27** | 15 | **17** | 23 | **25** | 21 | **23** | 7 | **8** | 90 | 100 |

**Графикон 7**



Осмото тврдење **Има потреба од дополнителни обуки за одржување на вонnаставните активностите на МИО**, е изразено во табела 9 и графикон 8. Оттука, 29 испитаници или 32% се согласуваат, а целосно се согласуваат 17 испитаници или 19% од наставниците, според ова тврдење наставниците сметаат дека им се потребни дополнителни обуки за воннаставните активностите на МИО.

*Табела бр.9 Одговори на тврдење бр.8*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | 7 | **8** | 9 | **10** | 28 | **31** | 29 | **32** | 17 | **19** | 90 | 100 |

**Графикон 8**



Дали и колку наставниците **се мотивиран/а за вonнаставни активности со мултиетнички содржини со ученици од мешан етнички состав** е прикажано во табела 10. Од графиконот 9 се гледа дека во речиси ист процент и наставниците Македонци (42%) и наставниците Албанци (42,5%) се согласуваат, односно целосно се согласуваат 20% од наставниците Македонци и 30% од наставниците Албанци, дека се мотивирани за активности за МИО.

*Табела бр. 10 Одговори на тврдење бр. 9*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | Македонци | 1 | **2** | 2 | **4** | 16 | **32** | 21 | **42** | 10 | **20** | 50 | 100 |
| | Албанци | 3 | **7,5** | 2 | **5** | 6 | **15** | 17 | **42,5** | 12 | **30** | 40 | 100 |
| Вкупно | | 4 | **4,5** | 4 | **4,5** | 22 | **24,5** | 38 | **42** | 22 | **24,5** | 90 | 100 |

**Графикон 9**



На десеттото тврдење **Добро ги разбирам активностите за МИО** во најголем процент дури 41% или 37 испитаници се изјасниле дека ги разбираат активностите на МИО, а 5 испитаници или 5,5% воопшто не се согласуваат со ова тврдење. Со 2 (Малку се согласувам) одговориле 8 испитаници или 9%, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 23 испитаници или 25,5% и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 17 испитаници или 19%. Повеќето од наставниците ги разбираат воннаставните активности со мултиетнички содржини.

*Табела бр 11. Одговори на тврдење бр. 10*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | 5 | **5,5** | 8 | **9** | 23 | **25,5** | 37 | **41** | 17 | **19** | 90 | 100 |

**Графикон 10**



На тврдењето, **Имаме доволно финансиски средства за воннаставни активности за меѓуетничка интеграција** од вкупно 90 наставници - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 10 испитаници или 11%, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 21 испитаник или 23%, со 4 (Се согласувам) одговориле 16 испитаници или 18% и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 8 испитаници или 9%.

Ова илустративно е прикажано во табела 12 и графикон 11, ставовите и мислењата на наставниците се поделени, па така само 39% или 35 испитаници донекде се согласуваат со ова тврдење.

*Табела бр. 12. Одговори на тврдење бр. 11*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | 10 | **11** | 21 | **23** | 35 | **39** | 16 | **18** | 8 | **9** | 90 | 100 |

**Графикон 11**



**Поради финансиите помалку деца можат да учествуваат во активностите на МИО** е дванаесеттото тврдење од анкетниот лист, во кој највисок е процентот на оние кои до некаде се согласуваат со ова тврдење и тој процент изнесува 33% или 30 испитаници. Притоа, со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 8 испитаници или 9%, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 22 испитаника или 24%, со 4 (Се согласувам) одговориле 17 испитаници или 19% и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 13 испитаници или 15%.

*Табела бр. 13. Одговори на тврдење бр. 12*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | 8 | **9** | 22 | **24** | 30 | **33** | 17 | **19** | 13 | **15** | 90 | 100 |

**Графикон 12**



Во училиштата со мешан етнички состав во тринаесеттото тврдење **Наставниците од нашето училиште учествувале на барем една заедничка воннаставна активност со ученици од мешан етнички состав,** највисок е процентот на оние кои се согласуваат дури 38% или 34 наставници и оние кои целосно се согласуваат дури 29% или 26 наставници се изјасниле позитивно. Со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 2 испитаника или 2%, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 7 испитаници или 8%, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 21 испитаник или 23%.

*Табела бр 14. Одговори на тврдење бр. 13*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | 2 | **2** | 7 | **8** | 21 | **23** | 34 | **38** | 26 | **29** | 90 | 100 |

**Графикон 13**



Следното тврдење, **Учениците од нашето училиште учествувале на барем една заедничка активност со ученици кои учат на различен наставен јазик** е со речиси слични размислувања на наставниците Македонци и Албанци. Според табела 15 и графикон 14 од вкупно 90 наставници, од кои 50 Македонци - со 1 (Воопшто не се согласувам) не одговорил никој, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 6 испитаници или 12%, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 9 испитаници или 18%, со 4 (Се согласувам) одговориле 18 испитаници или 36%, а со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 17 испитаници или 34%.

Од 40 наставници Албанци - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 3 испитаници или 7,5%, со 2 (Малку се согласувам) одговорил 1 испитаник или 2,5%, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 11 испитаници или 27,5%, со 4 (Се согласувам) одговориле 15 испитаници или 37,5% и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 10 испитаници или 25%.

Одговорите покажуваат дека вакви активности се одржувале и истите треба да продолжат континуирано.

*Табела бр. 15. Одговори на тврдење бр. 14*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | Македонци | 0 | **0** | 6 | **12** | 9 | **18** | 18 | **36** | 17 | **34** | 50 | 100 |
| | Албанци | 3 | **7,5** | 1 | **2,5** | 11 | **27,5** | 15 | **37,5** | 10 | **25** | 40 | 100 |
| Вкупно | | 3 | **3** | 7 | **8** | 20 | **22** | 33 | **37** | 27 | **30** | 90 | 100 |

**Графикон 14**



**Вонnаставните активности со мултиетнички содржини во образованието придонесуваат за подобрување на меѓуетничките односи кај учениците од средните училишта** е петнаесеттото тврдење од анкетниот лист за наставниците.

Со 1 (Воопшто не се согласувам) одговорил 1 испитаник или 1%, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 6 испитаници или 7 %, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 17 испитаници или 19%.

Позитивниот став и мислење на наставниците по ова тврдење се гледа во фактот дека дури 35 испитаници или 39% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, а целосно се согласуваат 31 испитаник или 34% од испитаниците.

*Табела бр. 16. Одговори на тврдење бр. 15*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | 1 | **1** | 6 | **7** | 17 | **19** | 35 | **39** | 31 | **34** | 90 | 100 |

**Графикон 15**



На прашањето од отворен тип со одговори ДА/НЕ - **Дали во вашето училиште има воннаставни активности со мултиетнички содржини?** Наставниците дури 77 или 86% одговориле со ДА, со НЕ одговориле 13 наставници или 14%.

Овој висок процент ја отсликува мултикултурната рамка во која се одвиваат воннаставните активности во училиштата со мешан етнички состав.

*Табела бр 17. Одговори на прашање бр. 1*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | ДА | | НЕ | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | 77 | **86** | 13 | **14** | 90 | 100 |

**Графикон 16**



На отвореното прашање: **Колку се чувствувате подготвени да учествувате во воннаставни активности со мултиетнички содржини со ученици од мешан етнички состав?** дури 60% од наставниците Македонци и 45% од наставниците Албанци.

Ова е показател дека сè уште не е доволно направено во делот на обуките и семинарите со содржини од МИО, со што наставниците би биле поподготвени за воннаставните активности со мултикултурни содржини. Речиси е минорен процентот на оние кои не се чувствуваат подготвени, за воннаставни активности со мултиетнички содржини, и тој процент изнесува 3%.

*Табела бр. 18. Одговори на прашање бр. 2*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | | ДА | | НЕ | | **Делумно** | | **Испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | Македонци | 18 | **36** | 30 | **60** | 2 | **4** | 50 | 100 |
| | Албанци | 21 | **52,5** | 18 | **45** | 1 | **2,5** | 40 | 100 |
| Вкупно | | 39 | **43** | 48 | **54** | 3 | **3** | 90 | 100 |

**Графикон 17**



**Дали сте учествувале на некоја обука која ви помогнала за полесна реализација на МИО?** Резултатите од ова прашање покажуваат 66% од наставниците посетувале обуки, а 34% од наставници не посетувале вакви обуки.

Сите испитаници кои на ова отворено прашање одговорија со ДА имаа опција да продолжат со одговорот уште на две потпрашања и тоа, колку часа траела обуката и дали на истата имало мешана група на наставници. Нивните одговори воглавно беа дека бројот на часови на обуките кои ги посетиле траеле во период од 2 часа до неколкудневни обуки и дека на обуките имало наставници од мешан етнички состав.

*Табела бр. 19. Одговори на прашање бр. 3*

| **Алтернативи на тврдења/одговори** | **ДА** | | **НЕ** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **f / %** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | 59 | **66** | 31 | **34** | 90 | 100 |

**Графикон 18**



На последното отворено прашање за наставниците, **Дали постојат соодветни алатки (обуки, прирачници и работилници) кои ќе ја олеснат вашата работа во подготвувањето и спроведувањето на воннаставните активности на МИО?** 60% или 54 испитаници сметаат дека има, а 26 испитаници или 40% сметаат дека нема.

Оние коишто одговориле со ДА, одговараа и кои алатки ги применувале со цел подобрување на воннаставните активности кои вклучуваат мултиетнички содржини. Како алатки за олеснување на работата наставниците ги навеле следните: работилници преку кои ќе се активираат ученици од мешан етнички состав, заеднички проектни активности, заеднички спортски екипи, заеднички културни настани и дебати, натпревари, работилници на различни теми кои ќе вклучат повеќе наставници и ученици од мешан етнички состав, дискусии, трибини, создавање на документарни филмови со мултиетничка тема, обуки, секции, изработка на заеднички бизнис план, почести контакти на учениците со ученици од државава и странство, повеќе простор за реализација на активностите, брошури, печатени материјали за МИО, прирачници и соодветно вреднување на трудот на наставниците кои волонтерски учествуваат во реализацијата на воннаставните активности.

*Табела бр. 20. Одговори на прашање бр. 4*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **Да** | | **Не** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Наставници | 54 | **60** | 36 | **40** | 90 | 100 |

**Графикон 19**



## 1.2.Анализа и нтерпретација на резултатите од анкетниот лист – скалер наменет за учениците

Првото тврдење од анкетните листови за учениците е **Лошите меѓуетнички односи се дел од секојдневието во моето училиште** според кое од вкупно 150 испитаници, од кои 60 испитаници Македонци - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 20 испитаници, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 11 испитаници, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 16 испитаници, со 4 (Се согласувам) одговориле 10 испитаници и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 3 испитаници.

Од 40 испитаници Албанци - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 15 испитаници, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 7 испитаници, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 8 испитаници, со 4 (Се согласувам) одговориле 7 испитаници и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 3 испитаници.

Од 20 испитаници Бошњаци - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 11 испитаници, со 2 (Малку се согласувам) не одговорил ниеден испитаник, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 6 испитаници, со 4 (Се согласувам) одговориле 2 испитаника и со 5 (Целосно се согласувам) одговорил 1 испитаник.

Од 15 испитаници Роми - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 6 испитаници, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 5 испитаници, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 3 испитаници, со 4 (Се согласувам) не одговорил ниеден испитаник и со 5 (Целосно се согласувам) одговорил 1испитаник.

Од 15 испитаници Турци - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 9 испитаници, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 1 испитаник, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 4 испитаници, со 4 (Се согласувам) не одговорил ниеден испитаник и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 1 испитаник.

Овие тврдења процентуално се изразени во табела 21, а графички се прикажани во графикон 20.

Учениците по ова прашање имаат пооптимистички одговори во однос на наставниците во најголем процент одговориле дека воопшто не се согласуваат дека лошите меѓуетнички односи се дел од секојдневието во нивното училиште, и тоа: учениците Македонци со 33%, учениците Албанци со 37,5%, учениците Бошњаци со 55%, учениците Роми со 40% и учениците Турци со 60%.

*Табела бр.21. Одговори на тврдење бр. 1*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Ученици | Македонци | 20 | **33** | 11 | **18** | 16 | **27** | 10 | **17** | 3 | **5** | 60 | 100 |
| | Албанци | 15 | **37,5** | 7 | **17,5** | 8 | **20** | 7 | **17,5** | 3 | **7,5** | 40 | 100 |
| | Бошњаци | 11 | **55** | / | **0** | 6 | **30** | 2 | **10** | 1 | **5** | 20 | 100 |
| | Роми | 6 | **40** | 5 | **33** | 3 | **20** | / | **0** | 1 | **7** | 15 | 100 |
| | Турци | 9 | **60** | 1 | **7** | 4 | **26** | / | **0** | 1 | **7** | 15 | 100 |
| Вкупно | | 61 | **41** | 24 | **16** | 37 | **24,5** | 19 | **12,5** | 9 | **6** | 150 | 100 |

**Графикон 20**



Резултатите од второто тврдење од анкетниот лист за учениците дека **МИО (Меѓуетничка интеграција во образованието) придонесува за подобрување на меѓуетничките односи кај учениците во средните училишта,** се прикажани во табела 22 и графикон 21.

Од 150 испитаници ученици - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 16 испитаници или 15%, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 15 испитаници или 10%, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 35 испитаници или 28%, со 4 (Се согласувам) одговориле 38 испитаници или 25% и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 46 испитаници или 31%. Очигледно е дека најголем е процентот на оние кои веруваат во МИО.

*Табела бр. 22. Одговори на тврдење бр. 2*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Ученици | 16 | **11** | 15 | **10** | 35 | **23** | 38 | **25** | 46 | **31** | 150 | 100 |

**Графикон 21**



Третото тврдење е дека **МИО е позитивна промена во општеството особено за нас средношколците,** и најголем е процентот на оние кои се согласуваат дури 32%, односно оние кои целосно се согласуваат дури 31%, или вкупно 63% со позитивно мислење за меѓуетничката интеграција, особено за средношколците. До некаде се согласуваат 21% или 31 испитаник од учениците, 7% или 11 испитаници малку се согласуваат, а воопшто не се согласуваат 9% или 13 ученици испитаници.

*Табела бр. 23. Одговори на тврдење бр. 3*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Ученици | 13 | **9** | 11 | **7** | 31 | **21** | 48 | **32** | 47 | **31** | 150 | 100 |

**Графикон 22**



Во тврдењето**, Моите активности во училиште ми помагаат за да бидам дел од МИО,** мислењата на учениците се поделени од 150 испитаници - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 18 испитаници, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 21 испитаник, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 37 испитаници, со 4 (Се согласувам) одговориле 48 испитаници и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 26 испитаници. Сепак, највисок е процентот на оние кои се согласуваат со ова тврдење дури 32%, односно целосно се согласуваат 17% од учениците. (табела 24, графикон 23)

*Табела бр 24. Одговори на прашање бр 4*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Ученици | 18 | **12** | 21 | **14** | 37 | **25** | 48 | **32** | 26 | **17** | 150 | 100 |

**Графикон 23**



Одговорите на петтото тврдење од анкетниот лист дека **Заедничките воннаставни активности на средношколците можат да ги подобрат меѓуетничките односи на државно ниво,** се прикажани во табела 25, а графички во графикон 24.

Во анкетниот лист за ученици на истото тврдење од вкупно 150 испитаници, од кои 60 испитаници Македонци - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 4 испитаници, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 3 испитаници, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 11 испитаници, со 4 (Се согласувам) одговориле 16 испитаници и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 26 испитаници.

Од 40 испитаници Албанци - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговорил 1 испитаници, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 2 испитаници, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 7 испитаници, со 4 (Се согласувам) одговориле 16 испитаници и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 14 испитаници.

Од 20 испитаници Бошњаци - со 1 (Воопшто не се согласувам) не одговорил никој, со 2 (Малку се согласувам) не одговорил ниеден испитаник, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 4 испитаници, со 4 (Се согласувам) одговориле 10 испитаници и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 6 испитаници.

Од 15 испитаници Роми - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 3 испитаници, со 2 (Малку се согласувам) одговорил 1 испитаник, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 3 испитаници, со 4 (Се согласувам) одговориле 3 испитаници и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 5 испитаници.

Од 15 испитаници Турци - со 1 (Воопшто не се согласувам) одговорил 1 испитаник, со 2 (Малку се согласувам) не одговорил ниеден испитаник, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 2 испитаника, со 4 (Се согласувам) и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 6 испитаници.

Во графиконот 24 јасно може да се види позитивниот став на учениците од сите етникуми за воннаставните активности и придобивките од нив на државно ниво.

*Табела бр 25 Одговори на тврдење бр 5*

| Алтернативи на тврдења/одговори f / % | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | Испитаници | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Ученици | Македонци | 4 | **7** | 3 | **5** | 11 | **18** | 16 | **27** | 26 | **43** | 60 | 100 |
| | Албанци | 1 | **2,5** | 2 | **5** | 7 | **17,5** | 16 | **40** | 14 | **35** | 40 | 100 |
| | Бошњаци | / | **0** | / | **0** | 4 | **20** | 10 | **50** | 6 | **30** | 20 | 100 |
| | Роми | 3 | **20** | 1 | **7** | 3 | **20** | 3 | **20** | 5 | **33** | 15 | 100 |
| | Турци | 1 | **7** | / | **0** | 2 | **13** | 6 | **40** | 6 | **40** | 15 | 100 |
| Вкупно | | 9 | **6** | 6 | **4** | 27 | **18** | 51 | **34** | 57 | **38** | 150 | 100 |

**Графикон 24**



**Секогаш сум мотивиран/а од страна на наставниците за учество со моите соученици во воннаставни активности со мултиетничи содржини** е тврдењето број шест од анкетниот прашалник, притоа учениците се изјасниле на следниот начин: со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 16 испитаници, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 10 испитаници, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 41 испитаник, со 4 (Се согласувам) одговориле 48 испитаници и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 35 испитаници.

Најголем процент од учениците дури 32% се согласуваат или 23% целосно се согласуваат со ова тврдење, што ја покажува нивната мотивираност од страна на наставниците.

*Табела бр. 26. Одговори на тврдење бр. 6*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Ученици | 16 | **11** | 10 | **7** | 41 | **27** | 48 | **32** | 35 | **23** | 150 | 100 |

**Графикон 25**



**Учениците во моето училиште не се мотивирани за активна работа во воннаставни проекти на МИО** е тврдење во кое највисок е просекот (33%) на ученици кои воопшто не се согласуваат со ова.

Останатите се изјасниле на следниот начин: со 2 (Малку се согласувам) одговориле 28 испитаници или 19%, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 31 испитаник или 21%, со 4 (Се согласувам) одговориле 23 испитаници или 15% и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 18 испитаници или 12%.

Ова всушност, покажува дека мотивацијата не е на нивото на кое треба да биде и наставниците како едукатори и мотиватори треба да се активираат во насочување на учениците за реализација на воннаставни активности.

*Табела бр. 27. Одговори на тврдење бр. 7*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Ученици | 50 | **33** | 28 | **19** | 31 | **21** | 23 | **15** | 18 | **12** | 150 | 100 |

**Графикон 26**



Тврдењето, **Имаме поддршка од наставниците за воннаставни активности во проекти со мултиетнички содржини покажува позитивен тренд на мотивација на учениците,** притоа 32% се согласуваат со ова тврдење, 17% целосно се согласуваат, но висок е процентот на оние кои до некаде се согласуваат 25%, односно малку се согласуваат 16%, т.е. воопшто не се согласуваат 15%.

Очигледно е дека треба да се работи повеќе на поттикот и мотивацијата на учениците од страна на наставниците.

*Табела бр. 28. Одговори на тврдење бр. 8*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Ученици | 22 | **15** | 16 | **11** | 38 | **25** | 48 | **32** | 26 | **17** | 150 | 100 |

**Графикон 27**



**Поради недостатокот на финансии, помалку деца можат да учествуваат во активностите на МИО**, на ова тврдење учениците се изјасниле на следниот начин: со 1 (Воопшто не се согласувам) одговориле 29%, со 2 (Малку се согласувам) одговориле 14%, со 3 (До некаде се согласувам) одговориле 29%, со 4 (Се согласувам) одговориле 17% и со 5 (Целосно се согласувам) одговориле 11%.

Ова тврдење го покажува размислувањето на учениците во однос на финансиите наспрема придобивките од секоја активност. Всушност, секој ученик би требало да размислува каков придонес може да даде во општеството како волонтер или доброволец. Од друга стана активностите поврзани со МИО надвор од местото на живеење, од типот на летни школи и семинари ја намалува можноста за вклучување на поголем број ученици.

*Табела бр 29. Одговори на тврдење бр. 9*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Ученици | 44 | **29** | 21 | **14** | 43 | **29** | 25 | **17** | 17 | **11** | 150 | 100 |

**Графикон 28**



**Причината за недоволното вклучување на учениците за воннаставните активностите на МИО е немотивирање на учениците од страна на наставниците.**

Одговорите на тврдењето покажуваат дека со ваквото тврдење до некаде се согласуваат 29% од учениците, воопшто не се согласуваат со ова тврдење 32%. Најмал е процентот на оние кои малку се согласуваат со ова тврдење 11%, а се согласуваат 13%, или целосно се согласуваат 15% од испитаниците.

Ваквото тврдење во фокусот треба да го стави иницијаторот кој го води целиот воспитно-образовен процес, а тоа е наставникот.

*Табела бр. 30. Одговори на тврдење бр. 10*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Ученици | 48 | **32** | 17 | **11** | 44 | **29** | 19 | **13** | 22 | **15** | 150 | 100 |

**Графикон 29**



Одговорот на тврдењето, **Наставниците треба повеќе да се вложат во работата со учениците во воннаставни активности со мултиетнички и мултикултурни содржини** е прикажан во табела 31 и графикон 30.

Одговорот на учениците е следен, 36% или 54 испитаници се согласуваат, односно целосно се согласуваат 32% или 48 испитаници, дека наставниците треба дека повеќе да се вложат во работата со учениците. Воопшто не се согласуваат со ваквото тврдење само 5% од испитаниците.

*Табела бр. 31 Одговори на тврдење бр. 11*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Ученици | 7 | **5** | 12 | **8** | 29 | **19** | 54 | **36** | 48 | **32** | 150 | 100 |

**Графикон 30**



Одговорот на учениците дека **Интересот за МИО е мал од страна на учениците затоа што не се дружат со врсници од други етникуми** се прикажани во табела 32.

Учениците Албанци во најголем број дури 21 испитаник, односно 52,5% се согласуваат во ваквото тврдење, како и учениците Роми со 33%. Учениците Македонци до некаде се согласуваат со ова тврдење дури 33% односно 20 испитаници, како и учениците Бошњаци 45%, односно 9 испитаници.

Кај учениците од турска националност мислењата се поделени воопшто не се согласуваат, односно донекаде се согласуваат ист број на испитаници 5, т.е. 33%. Учениците Турци се најинтегрирани според одговорите, зошто очигледно се дружат и со ученици од други етникуми, за разлика од учениците Албанци кои во најголем број се согласиле со ова тврдење.

*Табела бр. 32. Одговори на тврдење бр. 12*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **Испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| **УЧЕНИЦИ** | Македонци | 10 | **17** | 6 | **10** | 20 | **33** | 18 | **30** | 6 | **10** | 60 | 100 |
| | Албанци | 6 | **15** | 2 | **5** | 6 | **15** | 21 | **52,5** | 5 | **12,5** | 40 | 100 |
| | Бошњаци | 2 | **10** | 2 | **10** | 9 | **45** | 5 | **25** | 2 | **10** | 20 | 100 |
| | Роми | 3 | **20** | / | **0** | 3 | **20** | 5 | **33** | 4 | **27** | 15 | 100 |
| | Турци | 5 | **33** | / | **0** | 5 | **33** | 1 | **7** | 4 | **27** | 15 | 100 |
| Вкупно | | 26 | **17** | 10 | **6,5** | 43 | **29** | 50 | **33,5** | 21 | **14** | 150 | 100 |

**Графикон 31**




**Заедничките другарувања во воннаставните активности на ученици од мешан етнички состав можат да ги подобрат меѓуетничките односи во државата,** е тринаесеттото тврдење од анкетниот лист за учениците.

Целосно се согласуваат 60% од учениците Бошњаци и Турци, 43% од учениците Македонци, 32,5% Албанци и 27% од учениците Роми. Треба да се земе и фактот дека висок е процентот и на ученици кои се согласуваат со ваквото тврдење, и тоа: Македонците со 25%, Албанците со 47,5%, Бошњаците со 20%, Ромите со 40% и Турците со 33%.

Ваквиот резултат го дава позитивниот став на учениците од сите националности дека воннаставните активности на ученици од мешан етнички состав можат да ги подобрат меѓуетничките односи во државата.

*Табела бр. 33. Одговори на тврдење бр.13*

| Алтернативи на тврдења/одговори f / % | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | Испитаници | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **УЧЕНИЦИ** | Македонци | 7 | **12** | 3 | **5** | 9 | **15** | 15 | **25** | 26 | **43** | 60 | 100 |
| | Албанци | / | **0** | 1 | **2,5** | 7 | **17,5** | 19 | **47,5** | 13 | **32,5** | 40 | 100 |
| | Бошњаци | / | **0** | / | **0** | 4 | **20** | 4 | **20** | 12 | **60** | 20 | 100 |
| | Роми | 2 | **13** | / | **0** | 3 | **20** | 6 | **40** | 4 | **27** | 15 | 100 |
| | Турци | 1 | **7** | / | **0** | / | **0** | 5 | **33** | 9 | **60** | 15 | 100 |
| Вкупно | | 10 | **7** | 4 | **3** | 23 | **15** | 49 | **32,5** | 64 | **42,5** | 150 | 100 |

**Графикон 32**



На прашањето од отворен тип со одговори ДА/НЕ - **Дали вашето училиште има ученици од  други етнички заедници?** 99% од учениците одговориле со ДА.

Овој висок процент ја отсликува всушност мултикултурната рамка во која се одвива воспитно-образовниот процес и воннаставните активности во училиштата со мешан етнички состав.

*Табела бр. 34. Одговори на прашање бр. 1*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | **ДА** | | **НЕ** | | **Вкупно испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Ученици | 149 | **99** | 1 | **1** | 150 | 100 |

**Графикон 33**




Како одговори на прашањето - **Дали твоите соученици сакаат да учествуваат во воннаставни проекти со ученици од другите етнички заедници?** се понудени ДА/НЕ/Делумно.

Најмногу одговори со ДА дале учениците Албанци дури 52,5%, потоа учениците Турци 46,7%, па учениците Роми со 47%, учениците Македонци 35%, а најнизок е процентот на учениците Бошњаци 30%.  Процентот на негативниот став е највисок кај учениците Роми 20%, потоа се учениците Албанци со 12,5%, со 8% се

изјасниле учениците Македонци, учениците Турци со 6,6%, и на крајот се учениците Бошњаци со 5%.

Најмногу одговори со Делумно има кај Бошњаците 65%, 57% кај Македонците, 46,7% кај Турците, 35% кај Албанците и 33% кај Ромите.

*Табела бр 35. Одговори на прашање бр 2*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | | **ДА** | | **НЕ** | | **Делумно** | | **Испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| **У ч е н и ц и** | Македонци | 21 | **35** | 5 | **8** | 34 | **57** | 60 | 100 |
| | Албанци | 21 | **52,5** | 5 | **12,5** | 14 | **35** | 40 | 100 |
| | Бошњаци | 6 | **30** | 1 | **5** | 13 | **65** | 20 | 100 |
| | Роми | 7 | **47** | 3 | **20** | 5 | **33** | 15 | 100 |
| | Турци | 7 | **46,7** | 1 | **6.6** | 7 | **46,7** | 15 | 100 |
| Вкупно | | 62 | **41** | 15 | **10** | 73 | **48** | 150 | 100 |

**Графикон 34**



**Учениците се чувствуваат подготвени да учествуваат во воннаставни проекти за МИО** е прашање кое во најголем процент ја покажува мотивацијата и ентузијазмот на учениците. Овој заклучок го потврдуваме со високиот процен на потврден одговор ДА, и тоа: учениците Македонци со 73%, учениците Албанци со 72,5%, учениците Бошњаци со 70%, учениците Роми 47% и учениците Турци 87%.

Графиконот 35 ни покажува дека иако е мал процентот на оние кои не се подготвени, сепак треба да се работи со нив. Со негативен одговор НЕ одговориле: ученици Македонци 9%, ученици Албанци 6%, ученици Бошњаци 1%, ученици Роми 7%, ученици Турци 1%. Учениците Роми и во ова тврдење се изјасниле за делумно подготвени дури со високи 40%.

*Табела бр 36. Одговори на прашање бр. 3*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | | **ДА** | | **НЕ** | | **Делумно** | | **Испитаници %** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| **УЧЕНИЦИ** | Македонци | 44 | **73** | 9 | **15** | 7 | **12** | 60 | 100 |
| | Албанци | 29 | **72.5** | 6 | **15** | 5 | **12.5** | 40 | 100 |
| | Бошњаци | 14 | **70** | 1 | **5** | 5 | **25** | 20 | 100 |
| | Роми | 7 | **47** | 2 | **13** | 6 | **40** | 15 | 100 |
| | Турци | 13 | **87** | 1 | **6.5** | 1 | **6.5** | 15 | 100 |

**Графикон 35**



На прашањето **Дали сте учествувале на некоја работилница за меѓуетничка интеграција со ученици од други етникуми** дури 57% од сите ученици без разлика на нивната етничка припадност не учествувале во вакви активности. Само 43% од сите ученици учествувале во проекти на МИО или имале обуки кои траеле по неколку часа. Одговорот на прашање број четири од анкетниот лист за учениците од истражувањето на овој магистерски труд покажа дека сè уште е голем бројот на ученици кои не учествувале во воннаставни активности со мултикултурни содржини.

*Табела бр. 37. Одговори на прашање бр. 4*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | | **ДА** | | **НЕ** | | **Испитаници** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| **УЧЕНИЦИ** | Македонци | 24 | **40** | 36 | **60** | 60 | 100 |
| | Албанци | 18 | **45** | 22 | **55** | 40 | 100 |
| | Бошњаци | 8 | **40** | 12 | **60** | 20 | 100 |
| | Роми | 6 | **40** | 9 | **60** | 15 | 100 |
| | Турци | 9 | **60** | 6 | **40** | 15 | 100 |
| Вкупно | | 65 | **43** | 85 | **57** | 150 | 100 |

**Графикон 36**



На прашањето, **Дали наставниците ве мотивираат за меѓусебна соработка со ученици од различни етникуми во спроведувањето на воннаставни активности со мултиетнички содржини?** 81% од учениците се изјасниле со ДА потврден одговор, односно 122 испитаници, а со негативен одговор НЕ се изјасниле 28 испитаници или 19%. Ова тврдење е прикажано во табела 38, графикон 37 и можеме да заклучиме дека учениците се мотивирани од страна на наставниците за меѓусебна соработка со ученици од различни етникуми во реализација на воннаставни активности со мултиетнички содржини.

*Табела бр. 38. Одговори на прашање бр. 5*

| **Алтернативи на тврдења/одговори f / %** | ДА | | НЕ | | Вкупно испитаници | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Ученици | 122 | **81** | 28 | **19** | 150 | 100 |

**Графикон 37**



## 1.3.Анализа и интерпретација на резултатите добиени од интервјуто за директори и стручни соработници

Воведниот дел од интервјуто за директорите и и стручните соработници содржи податоци за: полот, возраста, националноста, работното искуство, степенот на образование и моменталната работна позиција во училиштето.

Ова интервју се спроведе во рамки на емпирискиот дел од истражувањето, а неговата цел е да дојдеме до сознанија за ставови, мислења и досегашни искуства на директорите и стручните соработници, од реализацијата на воннаставните активности и цели поврзани со мултикултурното образование и меѓуетничката интеграција на учениците од средните стручни училишта со мешан етнички состав.

Инетрвјуирани се вкупно 12 лица од кои 4 директори, 4 помошници-директори и 4 лица (педагог-психолог) од педагошко-психолошката служба. Пет испитаници се на возраст од 30 до 40 години, тројца се од 40 до 50-годишна возраст, а останатите четири имаат над 50 години. Десетмина испитаници се со високо образование, а двајца испитаници се со постдипломски студии. Работното искуство во организацијата во која работат се движи од 8 до 28 години, а работното искуство на сегашното работно место од 6 месеци до три години за директорите и помошниците-директори и над 10 години за стручната служба.

При анализата на одговорите, поради малиот број испитаници заради етиката на истражувањето, анонимноста и дискрецијата на интервјуираните, нема да правам категоризација на одговорите според пол, возраста, националност, работно искуство, степенот на образование и моменталната работна позиција во училиштето, туку целиот акцент ќе биде насочен кон мислењата, одговорите и ставовите на интервјуираните.

Во однос на првото прашање - **На кои наставни јазици се спроведува наставата во Вашето училиште и дали сметате дека тоа претставува проблем за комуникација меѓу учениците?,** сите испитаници одговорија дека наставата се одвива на два наставни јазика: македонски јазик и албански јазик. Заедничкото учење на учениците во иста зграда и во исти смени некои од нив го наведоа како позитивно, затоа што на тој начин децата се запознаваат, се дружат и комуницираат меѓусебно и надвор од училишната зграда. Но, некои од испитаниците одговорија

дека ова делумно или понекогаш претставува проблем за меѓуетничка нетрпеливост помеѓу учениците.

Во однос на второто прашање од интервјуто, **Дали сте запознаени со проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието, дали Вашето училиште е вклучено и кои активности ги преземате за подобрување на меѓуетничките односи меѓу учениците и наставниците?** сите испитаниците одговорија дека се запознаени со проектот за МИО и дека училиштето е вклучено во реализација на ваквите активности. Некои од училиштата се и пилот-училишта во кои во 2012 со поддршка на УСАИД започна да се реализира проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Активностите кои се преземаат се најразлични, од спортски екипи, до театарски и филмски работилници. Директорите истакнаа дека во учебната 2018/2019 година во соработка со Град Скопје и МОН, започна проектот и за воведување на МИО во редовната настава на заеднички часовите на ученици од македонски и албански наставен јазик на часовите по спорт и спортски активности, странски јазици и практична настава.

**Како учениците од мешан етнички состав ги вклучувате во вонаставни активности со мултиетнички содржини?** е третото прашање од интервјуто на кое се изјасниле дека сите ученици се вклучуваат, но се земаат предвид афинитетите, желбите и талентот на ученикот. Наставниците, бидејќи се секој ден со учениците најдобро знаат како да ги насочат учениците. Нема посебни критериуми за вклучување на учениците, но секогаш во проектите се внимава да се запази етничката и родова еднаквост. Во паралелките кои одржуваат заеднички часови се внимава бројот на учениците да не биде голем за да може секој да биде активен. Оние кои биле во еден проект се обидуваат да не ги форсираат постојано, туку секогаш е добро да се вклучат различни деца, зошто на тој начин подобро ќе се запознаат и ќе се дружат.

Четвртото прашање, **Каква е мотивацијата и желбата на наставниците и учениците за учество во вонаставни активности со мултиетнички содржини?** ни ја открива причината зошто наставниците понекогаш се чувствуваат демотивирани за вонаставни активности. Претставниците на педагошко-психолошката служба го нагласуваат отпорот на наставниците поради немањето финансиска поддршка за реализација и некаков вид награда за сработеното. Бројот на оние наставници кои ентузијастички се вклучуваат во проектите е сѐ помал. Тешко се мотивираат наставниците, но сепак успеваме да ги реализираме проектите,

велат тие. За разлика од нив учениците се секогаш мотивирани и сакаат да учествуваат во вонннаставни проекти, затоа што се дружат, прават нешто корисно и се запознаваат меѓусебно. Еден од директорите го нагласи кариерниот развој на наставниците и можноста за напредување со ваквите проекти, што треба да биде добар мотив за активирање и реализација во воннаставните проекти и збогатување на портфолиото на наставникот. Десеминацијата и запознавањето на наставниците со придобивките од активирањето во воннаставните активности, стекнување со нови знаења, сертификати треба да ги мотивира и да ги зајакне нивните капацитети.

На прашањето, **Дали имате доволно финансиски средства за реализација на ваквите активности и кој е начинот и моделот за да се зголеми буџетот за воннаставни активности со мултикултурни содржини?** најрелевантни се одговорите на директорите, бидејќи тие се оние кои менаџираат со буџетот на училиштето. Сепак, некои од претставниците од педагошко-психолошката служба истакнаа дека има доволно пари, а некои дека нема и дека некои граѓански асоцијации, невладини организации и слични, кои добиваат пари за реализација на вакви проекти понекогаш ги наградуваат наставниците со скромен износ. Еден помошник-директор истакнува дека со новата Национална стратегија на државата за меѓуетничка интеграција очекува овој тренд да се промени и да се одвојат повеќе пари за реализација на воннаставните активности со мултукултурни содржини. Секако, финансиски средства може да се добијат и доколку наставниците или училиштето аплицираат на проекти кои се распишуваат од разни невладини организации, Град Скопје преку проектите за млади и слично, Министерството за образование и наука преку проектот Градиме мостови, Националната агенција и проектите Еразмос+ за размена на наставници и ученици и други, во кои се бара целосна конструкција и одржливост на активностите кои се планираат да се реализираат. Ова е и еден од начините за да се добијат финансиски средства во буџетот на училиштето и да се вклучат повеќе ученици и наставници.

Одговорите на прашањето**, Каква е Вашата комуникација со локалната заедница за спроведување на воннаставни активности со мултиетнички содржини во средните училишта и дали имате финансиска поддршка?,** најчесто беа во насока дека соработка има, но финансии не, барем за овие активности. Организацијата на семинари за наставниците е на товар на локалната самоуправа, поточно во случајов со овие четири училишта Град Скопје, а во однос на другите

финансии градот распишува годишни конкурси за прокти. За реализацијата на овие проекти најчесто капацитетите, наставници и ученици, се црпат од училиштата.

На седмото прашање, **Кои се Вашите препораки и лични согледувања за проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието?** добиени се одговори според кои најважно е да се создаде ученичка заедница или детски парламент во училиштето каде ќе има претставници од сите паралеки, заеднички екскурзии и матурски прослави, мултикултурализмот како опција треба да се внесе како редовен предмет и воннаставните активностите да се зголемат на сметка на редовната настава. Мултиетничките паралелки се одличен начин за запознавање на учениците. Да се зајакне хуманитарниот аспект на размислување на децата, да се подигне еко свеста преку заеднички еколошки акции, да се обезбеди мултимедијална училница каде ќе можат да творат и да другаруваат. Сите мислат дека проектот на МИО е добра иницијатива и треба да се продолжи со истиот. Педагозите сугерираат дека родителите, треба да се вклучат во воннаставните активности и да дадат свој придонес во меѓуетничка интеграција на целото општество.

Од одговорите на директорите и стручните соработници може да се забележи нивниот позитивен став за воннаставните активности за меѓуетничка интеграција во воспитно-образовниот процес.

# IV ДИСКУСИЈА ПО ОДНОС НА ХИПОТЕЗИТЕ

Преку ова истражување и анализите кои произлегоа од него требаше да дојдеме до сознанија за ставовите, мислењата и досегашните искуства на наставниците, учениците, директорите и стручните соработници во училиштата, при реализација на вonнаставните активности како дел од мултикултурното образование и меѓуетничката интеграција на учениците од средните стручни училишта со мешан етнички состав на територијата на град Скопје. Хипотезите во ова истражување беа во корелација со предметот, целта и задачите на истражувањето.

Појдовна точка за постигнување на целта на ова истражување беше главната хипотеза: *Воннаставните активности со мултиетнички содржини позитивно влијаат и се во функција на меѓуетничката интеграција на учениците од средните стручни училишта со мешан етнички состав.*

Од првото тврдење од анкетните листови за наставниците **Лошите меѓуетнички односи се дел од секојдневието во моето училиште** може да се заклучи дека 46% од наставниците Македонци и 37,5% од наставниците Албанци, или вкупно 42% до некаде се согласуваат дека лошите меѓуетнички односи се дел од секојдневието во нивното училиште. Овие тврдења процентуално се изразени во табела 2, а графички се прикажани во графикон 1.

Учениците по ова прашање имаат пооптимистички одговори во однос на наставниците во најголем процент одговориле дека воопшто не се согласуваат дека лошите меѓуетнички односи се дел од секојдневието во нивното училиште, и тоа: учениците Македонци со 33%, учениците Албанци со 37,5%, учениците Бошњаци со 55%, учениците Роми со 40% и учениците Турци со 60%. Овие тврдења процентуално се изразени во табела 21, а графички се прикажани во графикон 22.

Со второто тврдење дека **Реализацијата на воннаставни активности со мултиетнички содржини се во функција на подобрување на меѓуетничката интеграција**, позитивен став имаат 57% од наставниците кои одговориле се согласувам или целосно се согласувам одговориле 24% (графикон 3). Овој голем процент покажува дека реализацијата на воннаставни активности со мултиетнички содржини се во функција на подобрување на меѓуетничката интеграција.

**Заедничките воннаставни активности можат да ги подобрат меѓуетничките односи во воспитно-образовниот процес** е тврдење кое покажува дека наставниците Македонци (50%) и Албанци (60%) во голем процент се

согласуваат дека вонннаставните активности може позитивно да влијаат во процесот на меѓуетничката интеграција.

Во однос на главната хипотеза на овој труд важни беа и одговорите на учениците на прашањето дека **Интересот за МИО е мал од страна на учениците затоа што не се дружат со врсници од други етникуми** и се прикажани во табела 32.

Учениците Албанци во најголем број дури 52,5% се согласуваат во ваквото тврдење, како и учениците Роми со 33%. Учениците Македонци до некаде се согласуваат со ова тврдење дури 33%, како и учениците Бошњаци 45%. Кај учениците од турска националност мислењата се поделени воопшто не се согласуваат, односно донекаде се согласуваат 33%. Учениците Турци се најинтегрирани според одговорите, зошто очигледно се дружат и со ученици од други етникуми, за разлика од учениците Албанци кои во најголем број се согласиле со ова тврдење.

**Заедничките другарувања во воннаставните активности на ученици од мешан етнички состав можат да ги подобрат меѓуетничките односи во државата,** е тринаесеттото тврдење од анкетниот лист за учениците. Целосно се согласуваат 60% од учениците Бошњаци и Турци, 43% од учениците Македонци, 32,5% Албанци и 27% од учениците Роми. Треба да се земе и фактот дека висок е процентот и на ученици кои се согласуваат со ваквото тврдење, и тоа: Македонците со 25%, Албанците со 47,5%, Бошњаците со 20%, Ромите со 40% и Турците со 33%. Ваквиот резултат го дава позитивниот став на учениците од сите националности дека воннаставните активности на ученици од мешан етнички состав можат да ги подобрат меѓуетничките односи во државата.

Директорите и стручните соработници во интервјуто одговараа на следното прашање: **Како учениците од мешан етнички состав ги вклучувате во воннаставни активности со мултиетнички содржини?** на кое кај сите одговорот е дека сите ученици се вклучуваат, секако тука се заемаат предвид афинитетите, желбите и талентот на ученикот. Наставниците, бидејќи се секој ден со учениците најдобро знаат како да ги насочат учениците. Нема посебни критериуми за вклучување на учениците, но секогаш во проектите се внимава да се запази етничката и родова еднаквост. Во паралелките кои одржуваат заеднички часови се внимава бројот на учениците да не биде голем за да може секој да биде активен. Оние кои биле во еден проект се обидуваат да не ги форсираат постојано, туку

секогаш е добро да се вклучат различни деца, зошто на тој начин подобро ќе се запознаат и ќе се дружат.

За **препораките и личните согледувања за проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието?** на директорите и стручните соработници, добиени се одговори според кои најважно е да се создаде ученичка заедница или детски парламент во училиштето каде ќе има претставници од сите паралелки, заеднички екскурзии и матурски прослави, мултикултурализмот како опција треба да се внесе како редовен предмет и воннаставните активностите да се зголемат на сметка на редовната настава. Мултиетничките паралелки се одличен начин за запознавање на учениците. Да се зајакне хуманитарниот аспект на размислување на децата, да се подигне еко свеста преку заеднички еколошки акции, да се обезбеди мултимедијална училница каде ќе можат да творат и да другаруваат. Некои сметаат дека проектот на МИО е добра иницијатива и треба да се продолжи со истиот. Педагозите и психолозите сугерираат дека родителите, исто така треба да се вклучат во воннаставните активности и заедно да го даде резултатот – меѓуетничка интеграција на целото општество. Од одговорите на директорите и стручните соработници може да се забележи нивниот позитивен став и функцијата на воннаставните активности за меѓуетничка интеграција во воспитно-образовниот процес.

Во однос на помошните хипотези добиени се следните резултати:

По првата помошна хипотеза, *Воннаставните активности со мултиетнички содржини се значајни за подобрување на меѓуетничките односи во училиштата од средното стручно образование со мешан етнички состав,* учениците со својот потврден одговор дека во нивното училиште има ученици од други етнички заедници ја покажува свесноста кај нив дека тие секојдневно се опкружени со ученици кои се „различни“ од нив, но сепак кога ќе се запознаат меѓусебно тие и се дружат. Овој факт го потврдија и директорите и стручните соработници во училиштата со тоа што одговорија дека учениците учат во исти смени во иста зграда и на овој начин полесно се запознаваат и се дружат, а особено преку воннаставните активности со мултикултурни содржини. Овој висок процент ја отсликува всушност мултикултурната рамка во која се одвива воспитно-образовниот процес и воннаставните активности во училиштата кои имаат ученици со мешан етнички состав.

Одговорите од третото тврдење дека **Заедничките вонnаставни активности можат да ги подобрат меѓуетничките односи во воспитно-образовниот процес** покажува дека наставниците Македонци (50%) и Албанци (60%) во голем процент се согласуваат дека вонnаставните активности може позитивно да влијаат во процесот на меѓуетничката интеграција.

**Вонnаставните активности со мултиетнички содржини во образованието придонесуваат за подобрување на меѓуетничките односи кај учениците од средните училишта** е петнаесеттото тврдење од анкетниот лист за наставниците. Позитивниот став и мислење на наставниците по ова тврдење се гледа во фактот дека дури 39% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, а целосно се согласуваат 34% од испитаниците.

**Заедничките другарувања во вонnаставните активности на ученици од мешан етнички состав можат да ги подобрат меѓуетничките односи во државата,** е тринаесеттото тврдење од анкетниот лист за учениците, каде целосно се согласуваат 60% од учениците Бошњаци и Турци, 43% од учениците Македонци, 32,5% Албанци и 27% од учениците Роми. Треба да се земе и фактот дека висок е процентот и на ученици кои се согласуваат со ваквото тврдење, и тоа: Македонците со 25%, Албанците со 47,5%, Бошњаците со 20%, Ромите со 40% и Турците со 33%. Ваквиот резултат го дава позитивниот став на учениците од сите националности дека вонnаставните активности на ученици од мешан етнички состав можат да ги подобрат меѓуетничките односи во државата.

Втората помошна хипотеза, *Наставниците учествуваат и успешно ги реализираат вонnаставните активности со мултиетнички содржини во средните стручни училишта со мешан етнички состав,* се потврди со одговорите на следните прашања.

**Наставниците се вклучуваат во вонnаставни активности со мултиетнички содржини** тврдење кое покажува дека сè уште е голем процентот на наставници кои не се вклучуваат во вакви активности дури 34%, каде тие делумно се согласуваат со ова тврдење, но затоа пак 40% од наставниците се согласуваат, односно целосно се согласуваат 17% со ова тврдење.

Од друга страна тврдењето во кое се изјаснуваат учениците, **Имаме поддршка од наставниците за вонnаставни активности во проекти со мултиетнички содржини** покажува позитивен тренд на мотивација на учениците**,**

притоа 32% се согласуваат со ова тврдење, 17% целосно се согласуваат, но висок е процентот на оние кои до некаде се согласуваат 25%, односно малку се согласуваат 16%, т.е. воопшто не се согласуваат 15%. Очигледно е дека треба да се работи повеќе на поттик и мотивацијата на учениците од страна на наставниците.

**Наставниците треба повеќе да се вложат во работата со учениците во воннаставни активности со мултиетнички и мултикултурни содржини,** е прикажано во табела 31 и графикон 30. Одговорите на учениците за ова тврдење е следен, 36% се согласуваат, односно целосно се согласуваат 32%, дека наставниците треба дека повеќе да се вложат во работата со учениците. Воопшто не се согласуваат со ваквото тврдење само 5% од испитаниците. Одговорите покажаа дека наставниците се уште не се доволно вклучени во процесот и дека сите структури во процесот на МИО треба да работат на ова.

**Причината за недоволното вклучување на учениците за воннаставните активностите на МИО е немотивирање на учениците од страна на наставниците.** Одговорите на тврдењето покажуваат дека до некаде се согласуваат со ваквото тврдење 29% од учениците, воопшто не се согласуваат со ова тврдење 32%. Најмал е процентот на оние кои малку се согласуваат со ова тврдење 11%, а се согласуваат 13%, или целосно се согласуваат 15% од испитаниците. Ваквото тврдење во фокусот треба да го стави иницијаторот кој го води целиот воспитно-образовен процес, а тоа е наставникот.

Третата помошна хипотеза се однесува на тоа дека *директорите, стручните соработници и наставниците сметаат дека учениците се мотивирани и доброволно се вклучуваат во воннаставни активности со мултиетнички содржини.*

Во училиштата со мешан етнички состав во тринаесеттото тврдење **Наставниците од нашето училиште учествувале на барем една заедничка воннаставна активност со ученици од мешан етнички состав,** највисок е процентот на оние кои се согласуваат дури 38% и оние кои целосно се согласуваат дури 29% се изјасниле позитивно.

Следното тврдење, **Учениците од нашето училиште учествувале на барем една заедничка активност со ученици кои учат на различен наставен јазик** е со речиси слични размислувања на наставниците Македонци и Албанци. Според табела 15 и графикон 14 од вкупно 90 наставници, позитивен став имаат 37% кои се се

согласуваат, односно 30% целосно се согласуваат. Одговорите покажуваат дека вакви активности се одржувале и истите треба да продолжат континуирано.

Оние, пак, ученици кои учествувале во проекти со мултикулти содржини веруваат дека заедничките другарувања во воннаставните активности на ученици од мешан етнички состав можат да ги подобрат меѓуетничките односи во државата. Сè уште е голем бројот на ученици кои не учествувале и не се подготвени за вакви активности и проекти.

Четвртата помошна хипотеза, *Проектот МИО има позитивно влијание во подобрувањето на меѓуетничките односи и толеранција кај учениците од средните стручни училишта со различен етнички состав,* при истражувањето ги даде следните резултати.

Учениците се согласуваат дека проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието е позитивна промена во општеството и имаат позитивен став за воннаставните активности и придобивките од нив на државно ниво.

Резултатите од второто тврдење од анкетниот лист за учениците дека **МИО (Меѓуетничка интеграција во образованието) придонесува за подобрување на меѓуетничките односи кај учениците во средните училишта,** се прикажани во табела 22 и графикон 21. Од 150 испитаници ученици, со се согласувам одговориле 25% или со целосно се согласувам одговориле 31%. Очигледно е дека најголем е процентот на оние кои веруваат во МИО.

Третото тврдење е дека **МИО е позитивна промена во општеството особено за нас средношколците,** и најголем е процентот на оние кои се согласуваат дури 32%, односно оние кои целосно се согласуваат дури 31%, со позитивно мислење за меѓуетничката интеграција, особено за средношколците.

Во тврдењето**, Моите активности во училиште ми помагаат за да бидам дел од МИО,** мислењата на учениците се поделени од 150 испитаници. Највисок е процентот на оние кои се согласуваат со ова тврдење дури 32%, односно целосно се согласуваат 17% од учениците. (табела 24, графикон 23)

На прашањето **Дали сте учествувале на некоја работилница за меѓуетничка интеграција со ученици од други етникуми** дури 57% од сите ученици без разлика на нивната етничка припадност не учествувале во вакви активности. Само 43% од сите ученици учествувале во проекти на МИО или имале обуки кои траеле по неколку часа. Одговорот на прашање број четири од анкетниот

лист за учениците од истражувањето на овој магистерски труд покажа дека сè уште е голем бројот на ученици кои не учествувале во вонnаставни активности со мултикултурни содржини.

Во однос на второто прашање од интервјуто за директори и стручни соработници, **Дали сте запознаени со проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието, дали Вашето училиште е вклучено и кои активности ги преземате за подобрување на меѓуетничките односи меѓу учениците и наставниците?** испитаниците одговорија дека се запознаени со проектот за МИО и дека училиштето е вклучено во реализација на ваквите активности. Некои од училиштата се и пилот-училишта во кои во 2012 со поддршка на УСАИД започна да се реализира проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Активностите кои се преземаат се најразлични, од спортски екипи, до театарски и филмски работилници. Директорите истакнаа дека во учебната 2018/2019 година во соработка со Град Скопје и МОН, започна проектот и за воведување на МИО во редовната настава на заеднички часови на ученици од македонски и албански наставен јазик, на часовите по спорт и спортски активности, странски јазици и практична настава.

Петтата помошна хипотеза е *наставниците, стручните соработници и директорите сметаат дека локалната самоуправа не ги поддржува во доволна мера проектите кои се во функција на подобрување на меѓуетничката интеграција.*

На тврдењето, **Имаме доволно финансиски средства за вонnаставни активности за меѓуетничка интеграција** од вкупно 90 наставници, воопшто не се согласувам одговориле 11%, малку се согласувам 23%, се согласувам 18% и целосно се согласувам одговориле 9%. Ова илустративно е прикажано во табела 12 и графикон 11, ставовите и мислењата на наставниците се поделени, па така само 39% или 35 испитаници донекде се согласуваат со ова тврдење.

На прашањето кое требаше да ја потврди петтата помошна хипотеза, **Дали имате доволно финансиски средства за реализација на ваквите активности и кој е начинот и моделот за да се зголеми буџетот за вонnаставни активности со мултикултурни содржини?** најрелевантни се одговорите на директорите, бидејќи тие се оние кои менаџираат со буџетот на училиштето. Сепак, некои од претставниците од педагошко-психолошката служба истакнаа дека има доволно пари, а некои дека нема и дека некои граѓански асоцијации, невладини организации и слични, кои добиваат пари за реализација на вакви проекти понекогаш ги

наградуваат наставниците со скромен износ. Еден помошник-директор истакнува дека со новата Национална стратегија на државата за меѓуетничка интеграција очекува овој тренд да се промени и да се одвојат повеќе пари за реализација на воннаставните активности со мултукултурни содржини. Секако, финансиски средства може да се добијат и доколку наставниците или училиштето аплицираат на проекти кои се распишуваат од разни невладини организации, Град Скопје преку проектите за млади и слично, Министерството за образование и наука преку проектот Градиме мостови, Националната агенција и проектите Еразмос+ за размена на наставници и ученици и други, во кои се бара целосна конструкција и одржливост на активностите кои се планираат да се реализираат. Ова е и еден од начините за да се добијат финансиски средства во буџетот на училиштето и да се вклучат повеќе ученици и наставници.

Одговорите на прашањето**, Каква е Вашата комуникација со локалната заедница за спроведување на воннаставни активности со мултиетнички содржини во средните училишта и дали имате финансиска поддршка?** од интервјуто за директори и стручни соработници, најчесто беа во насока дека соработка има, но финансии не, барем за овие активности. Организацијата на семинари за наставниците е на товар на локалната самоуправа, поточно во случајов со овие четири училишта Град Скопје, а во однос на другите финансии градот распишува годишни конкурси за прокти. За реализацијата на овие проекти најчесто капацитетите, наставници и ученици, се црпат од училиштата.

Шестата помошна хипотеза е *Постои интерес и мотивација за учество и реализација на воннаставните активности со мултиетнички содржини кај наставниците од средните стручни училишта со различен етнички состав.*

Одговорите на тврдењето **Досега не сум имал/а никаков интерес за одржување на воннаставни активности со содржина од МИО** се следни, дури 48% од наставниците (графикон 6) се изјасниле дека воопшто не се согласуваат со ова тврдење. Ова во целост не ја покажува причината за (не)мотивацијата, но најчесто тоа се финансиите и дополнителниот ангажман на наставниците.

Одговорите на тврдењето, **Колегите во моето училиште не се мотивирани за воннаставни активности со мултикултурни содржини** кои се прикажани во табела 7, а графички приказ е даден во графиконот 6, покажуваат дека воопшто не се согласувам одговориле 37%, малку се согласувам одговориле 16%, до некаде се

согласувам одговориле 34%, се согласувам одговориле 11% и со целосно се согласувам одговориле 2%. Овие резултати покажуваат дека наставниците сепак се, но не во доволна мера мотивирани за воннаставни активности со мултикултурни содржини.

Дали и колку наставниците **се мотивиран/а за воннаставни активности со мултиетнички содржини со ученици од мешан етнички состав** е прикажано во табела 9. Од графиконот 10 се гледа дека во речиси ист процент и наставниците Македонци (42%) и наставниците Албанци (42,5%) се согласуваат, односно целосно се согласуваат 20% од наставниците Македонци и 30% од наставниците Албанци, дека се мотивирани за активности за МИО. Секако дека овој процен не ги задоволува потребите за целосна реализација на воннаставните активности на МИО.

**Секогаш сум мотивиран/а од страна на наставниците за учество со моите соученици во воннаставни активности со мултиетничи содржини** е тврдењето број шест од анкетниот прашалник, притоа учениците се изјасниле на следниот начин. Најголем процент од учениците дури 32% се согласуваат или 23% целосно се согласуваат со ова тврдење, што ја покажува нивната мотивираност од страна на наставниците.

**Учениците во моето училиште не се мотивирани за активна работа во воннаставни проекти на МИО** е тврдење во кое највисок е просекот (33%) на ученици кои воопшто не се согласуваат со ова. Ова всушност, покажува дека мотивацијата не е на нивото на кое треба да биде и наставниците како едукатори и мотиватори треба да се активираат во насочување на учениците за реализација на воннаставни активности. За реализација на истиот, учениците се мотивирани, но мотивацијата не е на нивото на кое треба да биде и наставниците како едукатори и мотиватори треба повеќе да се активираат и вложат во работата со учениците, сметаат тие.

**Учениците се чувствуваат подготвени да учествуваат во воннаставни проекти за МИО** е прашање кое во најголем процент ја покажува мотивацијата и ентузијазмот на учениците. Овој заклучок го потврдуваме со високиот процен на потврден одговор ДА, и тоа: учениците Македонци со 73%, учениците Албанци со 72,5%, учениците Бошњаци со 70%, учениците Роми 47% и учениците Турци 87%. Графиконот 35 ни покажува дека иако е мал процентот на оние кои не се подготвени, сепак треба да се работи со нив. Со негативен одговор НЕ одговориле: ученици Македонци 9%, ученици Албанци 6%, ученици Бошњаци 1%, ученици Роми 7%,

ученици Турци 1%. Учениците Роми и во ова тврдење се изјасниле за делумно подготвени дури со високи 40%.

На прашањето, **Дали наставниците ве мотивираат за меѓусебна соработка со ученици од различни етникуми во спроведувањето на вонnаставни активности со мултиетнички содржини?,** 81% од учениците се изјасниле со ДА потврден одговор, а со негативен одговор НЕ се изјасниле 19%. Ова тврдење е прикажано во табела 38, графикон 37 и можеме да заклучиме дека учениците се мотивирани од страна на наставниците за меѓусебна соработка со ученици од различни етникуми во реализација на воннаставни активности со мултиетнички содржини.

Четвртото прашање од интервјуто за директори и стручни соработници, **Каква е мотивацијата и желбата на наставниците и учениците за учество во воннаставни активности со мултиетнички содржини?** ни ја открива причината зошто наставниците понекогаш се чувствуваат демотивирани за воннаставни активности. Претставниците на педагошко-психолошката служба го нагласуваат отпорот на наставниците поради немањето финансиска поддршка за реализација и некаков вид награда за сработеното. Бројот на оние наставници кои ентузијастички се вклучуваат во проектите е сѐ помал. Тешко се мотивираат наставниците, но сепак успеваме да ги реализираме проектите, велат тие. За разлика од нив учениците се секогаш мотивирани и сакаат да учествуваат во воннаставни проекти, зошто се дружат, прават нешто корисно и се запознаваат меѓусебно. Еден од директорите го нагласи професионалниот развој на наставниците и можноста за напредување со ваквите проекти, што треба да биде добар мотив за активирање и реализација во воннаставните проекти и збогатување на портфолиото на наставникот. Десеминацијата и запознавањето на наставниците со придобивките од активирањето во воннаставните активности, стекнување со нови знаења, сертификати треба да ги мотивира и да ги зајакне нивните капацитети.

Седмата помошна хипотеза е *наставниците се доволно оспособени за реализација на воннаставните активности кои имаат мултикултурни содржини.*

Седмото тврдење од анкетниот лист за наставниците во ова истражување, **Наставниците имаат недоволно познавање за воннаставните активностите на МИО,** покажува дека воопшто не се согласуваат 27%, малку се согласуваат 17%, до некаде се согласуваат 25%. Ова покажува дека и понатаму се потребни обуки и

семинари, со цел да се опфатат сите наставници, кои се главни чинители во овој процес.

Осмото тврдење, **Има потреба од дополнителни обуки за одржување на вонннаставните активностите на МИО**, според наставниците покажува дека им се потребни дополнителни обуки за вонннаставните активностите на МИО. Оттука, 32% се согласуваат, а целосно се согласуваат 19% од наставниците.

На десеттото тврдење **Добро ги разбирам активностите за МИО** во најголем процент дури 41% од наставниците се изјасниле дека ги разбираат активностите на МИО, а 5,5% од наставниците воопшто не се согласуваат со ова тврдење. Поveќето од наставниците ги разбираат воннаставните активности со мултиетнички содржини.

Висок е процентот на одговорот на наставниците со делумно на отвореното прашање: **Колку се чувствувате подготвени да учествувате во воннаставни активности со мултиетнички содржини со ученици од мешан етнички состав?** На ова прашање дури 60% од наставниците Македонци и 45% од наставниците Албанци. Ова е показател дека сè уште не е доволно направено во делот на обуките и семинарите со содржини од МИО, со што наставниците би биле поподготвени за воннаставните активности со мултикултурни содржини. Речиси е минорен процентот на оние кои не се чувствуваат подготвени, за воннаставни активности со мултиетнички содржини, и тој процент изнесува 3%.

**Дали сте учествувале на некоја обука која ви помогнала за полесна реализација на МИО?** Резултатите од ова прашање покажуваат 66% од наставниците посетувале обуки, а 34% од наставници не посетувале вакви обуки. Сите испитаници кои на ова отворено прашање одговорија со ДА имаа опција да продолжат со одговорот уште на две потпрашања и тоа, колку часа траела обуката и дали на истата имало мешана група на наставници. Нивните одговори воглавно беа дека бројот на часови на обуките кои ги посетиле траеле во период од 2 часа до неколкудневни обуки и дека на обуките имало наставници од мешан етнички состав.

На последното отворено прашање за наставниците **Дали постојат соодветни алатки (обуки, прирачници и работилници) кои ќе ја олеснат вашата работа во подготвувањето и спроведувањето на воннаставните активности на МИО?** 60% испитаници сметаат дека има, 40% сметаат дека нема. Оние коишто одговориле со ДА, одговараа и кои алатки ги применувале со цел подобрување на воннаставните активности кои вклучуваат мултиетнички содржини. Како алатки за олеснување на

работата наставниците ги навеле следните: работилници преку кои ќе се активираат ученици од мешан етнички состав, заеднички проектни активности, заеднички спортски екипи, заеднички културни настани и дебати, натпревари, работилници на различни теми кои ќе вклучат повеќе наставници и ученици од мешан етнички состав, дискусии, трибини, создавање на документарни филмови со мултиетничка тема, обуки, секции, изработка на заеднички бизнис план, почести контакти на учениците со ученици од državава и странство, повеќе простор за реализација на активностите, брошури, печатени материјали за МИО, прирачници и соодветно вреднување на трудот на наставниците кои волонтерски учествуваат во реализацијата на вонннаставните активности.

Осмата помошна хипотеза, *Училиштата од средното стручно образование обезбедуваат доволно финансиски средства за реализација на вонннаставните активности и проекти со мултиетничка содржина* се потврдува со одговорите на следните прашања.

На тврдењето, **Имаме доволно финансиски средства за вонннаставни активности за меѓуетничка интеграција** од вкупно 90 наставници (илустративно прикажано во табела 12 и графикон 11), најмал е процентот на оние кои се согласуваат, односно целосно се согласуваат. До некаде се согласуваат со ова тврдење 39%, што јасно покажува дека нема доволно средства за реализација на вонннаставните активности.

**Поради финансиите помалку деца можат да учествуваат во активностите на МИО** е дванаесеттото тврдење од анкетниот лист на наставниците, во кој највисок е процентот на оние кои до некаде се согласуваат со ова тврдење и тој процент изнесува 33%. Мислењата кај наставниците се поделени, но сепак преовладува негативниот став кај повеќето.

**Поради недостатокот на финансии, помалку деца можат да учествуваат во активностите на МИО**, ова тврдење го покажува размислувањето на учениците во однос на финансиите наспрема придобивките од секоја активност. Всушност, секој ученик би требало да размислува каков придонес може да даде во општеството како волонтер или доброволец. Од друга стана активностите поврзани со МИО надвор од местото на живеење, од типот на летни школи и семинари ја намалува можноста за вклучување на поголем број ученици.

Деветтата помошна хипотеза е *Училиштата од средното стручно образование со мултиетнички состав реализираат проекти и активности кои што се во функција на подобрување на меѓуетничката интеграција*.

Наставниците имаат повеќе позитивен став дека вонначставни активности со мултиетнички содржини ќе го дадат посакуваниот резултат за подобрување на меѓуетничката интеграција, особено меѓу учениците. Ова тврдење во целост го оправда ова истражување за мојот магистерски труд, бидејќи голем процент на наставници веруваат дека реализацијата на вонначставни активности со мултиетнички содржини се во функција на подобрување на меѓуетничката интеграција и се согласуваат дека вонначставните активности може позитивно да влијаат на меѓуетничката интеграција во воспитно-образовниот процес.

Со второто тврдење дека **Реализацијата на вонначставни активности со мултиетнички содржини се во функција на подобрување на меѓуетничката интеграција**, се согласуваат 57%, а целосно се согласуваат 24% од наставниците (графикон 3). Ова ни покажува дека е голем процентот на позитивен став дека Реализацијата на вонначставни активности со мултиетнички содржини се во функција на подобрување на меѓуетничката интеграција, што ја потврдува и деветтата помошна хипотеза.

**Вонначставните активности со мултиетнички содржини во образованието придонесуваат за подобрување на меѓуетничките односи кај учениците од средните училишта** е петнаесеттото тврдење од анкетниот лист за наставниците.

Позитивниот став и мислење на наставниците по ова тврдење се гледа во фактот дека дури 39% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, а целосно се согласуваат 34% од испитаниците.

Одговорите на петтото тврдење од анкетниот лист дека **Заедничките вонначставни активности на средношколците можат да ги подобрат меѓуетничките односи на државно ниво,** се прикажани во табела 25, а графички во графикон 24. Во анкетниот лист за ученици на истото тврдење од вкупно 150 испитаници, од кои 60 испитаници Македонци, 40 испитаници Албанци, 20 испитаници Бошњаци, 15 испитаници Роми и 15 испитаници Турци јасно може да се види позитивниот став на учениците од сите етникуми за вонначставните активности и придобивките од нив на државно ниво.

Во тврдењето**, Моите активности во училиште ми помагаат за да бидам дел од МИО,** мислењата на учениците се поделени. Сепак, највисок е процентот на

оние кои се согласуваат со ова тврдење дури 32%, односно целосно се согласуваат 17% од учениците. (табела 24, графикон 23)

Одговорот на учениците дека **Интересот за МИО е мал од страна на учениците затоа што не се дружат со врсници од други етникуми** се прикажани во табела 32. Учениците Албанци 52,5% се согласуваат во ваквото тврдење, како и учениците Роми со 33%. Учениците Македонци до некаде се согласуваат со ова тврдење дури 33%, како и учениците Бошњаци 45%. Кај учениците од турска националност мислењата се поделени воопшто не се согласуваат, односно донекаде се согласуваат 33%. Учениците Турци се најинтегрирани според одговорите, зошто очигледно се дружат и со ученици од други етникуми, за разлика од учениците Албанци кои во најголем број се согласиле со ова тврдење.

Како одговори на прашањето - **Дали твоите соученици сакаат да учествуваат во вонаставни проекти со ученици од другите етнички заедници?** се понудени ДА/НЕ/Делумно. Највисок е процентот со ДА одговор на учениците Албанци дури 52,5%, по нив се учениците Турци 46,7%, па учениците Роми со 47%, учениците Македонци 35%, а најнизок е процентот на учениците Бошњаци 30%. Процентот на негативниот став е највисок кај учениците Роми 20%, по нив се учениците Албанци со 12,5%, па учениците Турци со 6,6%, со 8% се изјасниле учениците Македонци и на крајот се учениците Бошњаци со 5%. Најмногу одговори со Делумно има кај Бошњаците 65%, 57% кај Македонците, 46,7% кај Турците, 35% кај Албанците и 33% кај Ромите.

На седмото прашање од интервјуто за директори и стручни соработници, **Кои се Вашите препораки и лични согледувања за проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието?** добиени се одговори според кои најважно е да се создаде ученичка заедница или детски парламент во училиштето каде ќе има претставници од сите паралеки, заеднички екскурзии и матурски прослави, мултикултурализмот како опција треба да се внесе како редовен предмет и вонаставните активностите да се зголемат на сметка на редовната настава. Мултиетничките паралелки се одличен начин за запознавање на учениците. Да се зајакне хуманитарниот аспект на размислување на децата, да се подигне еко свеста преку заеднички еколошки акции, да се обезбеди мултимедијална училница каде ќе можат да творат и да другаруваат. Некои сметаат дека проектот на МИО е добра иницијатива и треба да се продолжи со истиот. Пеадгозите сугерираат дека родителите, исто така треба да се вклучат во вонаставните активности и заедно да

го даде резултатот – меѓуетничка интеграција на целото општество.Од одговорите на директорите и стручните соработници може да се забележи нивниот позитивен став за вонnаставните активности за меѓуетничка интеграција во воспитно-образовниот процес.

Мултикултурната рамка на училиштата со мешан етнички состав кои беа дел од ова истражување е повеќе од очигледна, а тоа е констатирано со потврдниот одговор на прашањето дека во овие училишта има воннаставни активности со мултиетнички содржини. Очигледно е дека концептот на овие училишта, со ученици од мешан етнички состав е дел од секојдневието на истите и дава свој удел во креирањето на политиките за подобрување на меѓуетничките односи кај учениците.

Воннаставните активности во основа содржат повеќе воспитни отколку образовни елементи. Затоа, тие треба да бидат кооперативен процес во суштинско градење на интеграцијата на ниво на цела заедница.

Ова истражување ја оправда својата цел и сумирајќи ги резултатите од одговорите на наставниците, учениците и директорите и стручните соработници можеме да заклучиме дека сите се на ставот дека воннаставните активности со мултикултурни содржини, не само што создаваат добра и позитивна клима во училиштата тие овозможуваат и меѓуетничка интеграција во средните стручни училишта и на целото општество.

Главната хипотеза која гласеше: „*Воннаставните активности со мултиетнички содржини позитивно влијаат и се во функција на меѓуетничката интеграција на учениците од средните стручни училишта со мешан етнички состав*“ се потврдува. Добиените податоци од истражувањето генерално ги потврдуваат и посебните хипотези.

# V ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Нормативното значење на мултикултурализмот се однесува на општествената организација од една страна и културниот идентитет на поединецот од друга страна. Бидејќи, секоја културна заедница е од фундаментално значење за животот на нејзините припадници, културните практики на малцинските културни заедници треба да бидат заштитени. (Кимлика, 2018)

Идеите за мултикултурализам и интеркултурализам во денешните глобални информации на забрзан технолошки развој, појава на економска криза и растечката миграција и мобилност на населението, станува сè поважна тема на општествената дискусија. Денешните прашања кои се однесуваат на мултикултурализмот, интеркултурализмот и глобализацијата се една од главните за понатамошен развој на современото општество и признавање на разновидноста меѓу луѓето.

Ова помага да се интегрираат сите поединци и малцински групи, да се воспостави заеднички дијалог и интеракција на односите меѓу луѓето и културите, а тој процес треба да започне од најмали нозе кај децата и да се одвива во континуитет, а воспитувачот, односно наставникот треба да ја има главната улога.

Тврдењето кое произлезе од истражувањето во овој труд дека наставниците учествувале на барем една заедничка воннаставна активност со ученици од мешан етнички состав е позитивно, но недоволно за интеграција на сите ученици во процесот на МИО. Одговорите од ова истражување покажуваат дека вакви активности се одржувале и истите треба да продолжат во континуитет. Повеќето наставници се согласуваат или целосно се согласуваат, дека воннаставните активности со мултиетнички содржини во образованието придонесуваат за подобрување на меѓуетничките односи кај учениците од средните училишта.

Од друга страна, интересот е сепак поголем кај оние кои вистински ја сакаат својата професија и максимално се ангажирани во работата со учениците во училиштето и надвор од него, како и за време на редовната настава и надвор од неа.

Обуки и семинари се потребни и понатаму, со цел да се опфатат сите наставници на ниво на држава, но и за да се согледаат позитивните страни на воннаставните активности. И самите наставници чувствуваат потреба за дополнителни обуки за воннаставните активностите на МИО, кои на почетокот на започнувањето на проектот беа со поголем интензитет, а во последните години

проектот е насочен повеќе кон реализација на истиот, а помалку на обука на наставниот кадар.

За разлика од наставниците Македонци и наставниците Албанци, кои до некаде се согласуваат дека лошите меѓуетнички односи се дел од секојдневието во нивното училиште, учениците по ова прашање имаат пооптимистички одговори, и во најголем процент одговорија дека воопшто не се согласуваат дека лошите меѓуетнички односи се дел од секојдневието во нивното училиште. Резултатите од ова тврдење го потврдува фактот дека децата полесно влегуваат во комуникација и дека возрасните се тие кои треба да ги мотивираат и насочуваат во борбата со предрасуди и дискриминација.

Интересот за вклучување на наставниците во овие активности е дискутабилен, бидејќи тие се одвиваат надвор од редовната настава и бараат дополнителен ангажман на наставникот, за што тој не добива никаква награда (финансиска или напредување во кариерата). Затоа и интересот на наставниците не е на завидно ниво, а повеќето кои се вклучени во вонаставните активности со мултуетнички содржини го прават тоа доброволно, волонтерски и ентузијастички. Оттука, произлегоа и резултатите за мотивираноста, односно немотивираноста на наставниците и во ова тврдење не можам да заклучам дека се чувствува ентузијазам за реализација на активностите, но сепак интересот и познавањето на вонаставните активности за меѓуетничка интеграција кај наставниците е голем, а повеќето од наставниците ги разбираат вонаставните активности со мултиетнички содржини.

Повеќето наставници се чувствуваат подготвени да учествуваат во вонаставни активности со мултиетнички содржини со ученици од мешан етнички состав, но не сите. Ова е показател дека сè уште не е доволно направено во делот на обуките и семинарите со содржини од МИО, а минорен е процентот на оние кои не се чувствуваат подготвени што ми дава за право да констатирам дека обуките и семинарите се секогаш „добредојдени“ во процесот на интегрираното образование. Ова го покажува и фактот од ова истражување дека дури 34% од наставниците не посетувале обуки за реализација на активности со мултиетнички содржини.

Во овој дел од магистерскоит труд би сакала да го споделам и моето лично искуство, како дел од тимот за меѓуетничка интеграција во училиштето во кое работам СУГС „Арсени Јовков“. Евидентно е дека на сите обуки за МИО, организирани од невладиниот и граѓанскиот сектор, Министерството за образование, Бирото за развој, Центарот за средно стручно образование, ОБСЕ, УСАИД и други,

кои беа наменети за наставниците, секогаш е запазен мултиетничкиот принцип, односно учестваа наставници од сите етнички заедници. Но, сепак и покрај десеминациите кои се реализираа во самото училиште сè уште има наставници кои не посетиле ваква обука или семинар.

Како алатки за олеснување на работата, наставниците ги навеле следните: работилници преку кои ќе се активираат ученици од мешан етнички состав, заеднички проектни активности, заеднички спортски екипи, заеднички културни настани и дебати, натпревари, приредби, работилници на различни теми кои ќе вклучат повеќе наставници и ученици од мешан етнички состав, дискусии, трибини, создавање на документарни филмови со мултиетничка тема, обуки, секции, изработка на заеднички бизнис план, почести контакти на учениците со ученици од државава и странство, повеќе простор за реализација на активностите, брошури, печатени материјали за МИО, прирачници и соодветно вреднување на трудот на наставниците кои волонтерски учествуваат во реализацијата на вонаставните активности. Ова се едни од алатките со кои ќе се овозможи подготовка на наставниот кадар за активно учество во целиот процес кој треба да финишира со кохезија на сите индивидуи кои треба да дадат свој придонес во граѓански концепт еднакво општество за сите.

Директорите и стручните соработници мислат се на ставот дека зајакнувањето на капацитетите на ученичката заедница или создавањето на некоја форма на детски парламент во училиштето каде ќе има претставници од сите паралеки може да биде еден од моделите за константно зближување и дружење на учениците.

Практиката покажува дека и заедничките екскурзии и матурски прослави, зајакнување на хуманитарниот аспект на размислување на децата, подигање на еко свеста преку заеднички еколошки акции, како и мултимедијална училница каде ќе можат да творат и да другаруваат се модели за добра меѓуетничка интеграција. Внесувањето на мултикултурализмот како редовен предмет во наставата и мултиетничките паралелки се еден од начините за побрза интеграција. Вклучувањето на родителите и локалната самоуправа се исто така алки кои се важни во целиот процес.

Бидејќи живееме во мултикултурна средина која претставува концепт на мултикултурализам, интеркултурализам, плурализам, транскултурализам, концептот на мултикултурализмот значи културната разноликост на општеството.

# VI ПРИЛОЗИ

## Анкетен лист за наставници

Возраст: ____________ Пол: М/Ж Место на живеење:_____________

Предмет кој го предавате ___________________________

Националност _____________________________________

Образование: ☐ високо ☐ магистратура ☐докторат

Работно искуство**:** ☐до 5 години ☐5-10 години ☐10-15 години

☐15-20 години ☐над 20 години

**Почитувани наставници**

Оваа анкета се спроведува во рамки на истражување чија цел е да се испита дали и колку вонннаставните активности кои имаат мултиетнички содржини се во функција на меѓуетничката интеграција на учениците од средното воспитание и образование. Преку ова истражување сакаме да дојдеме до сознанија за Вашите ставови, мислења и досегашни искуства од реализација на вонннаставните активности и цели поврзани со мултикултурното образование и меѓуетничката интеграција на учениците од средните училишта со мешан етнички состав. Прашалникот е АНОНИМЕН. Секој одговор е добар, ако е искрено одговорен и ако го изразува Вашето искрено мислење.

Ве молиме внимателно да го прочитате секое тврдење и да кажете колку се согласувате, односно не се согласувате со тврдењето. Заокружете една од алтернативите кои имаат следно значење:

6. Воопшто не се согласувам 2. Малку се согласувам 3. До некаде се согласувам 4. Се согласувам 5. Целосно се согласувам

| | Заокружете една од алтернативите кои имаат следно значење: | Воопшто не се согласувам | Малку се согласувам | До некаде се согласувам | Се согласувам | Целосно се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Лошите меѓуетнички односи кај учениците од средните училишта се дел од секојдневието | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 2 | Реализацијата на вонннаставни активности | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | со мултиетнички содржини се во функција на подобрување на меѓуетничката интеграција | | | | | |
| 3 | Заедничките вонаставни активности можат да ги подобрат меѓуетничките односи во воспитно-образовниот процес | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 4 | Наставниците се вклучуваат во воннаставни активности со мултиетнички содржини | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 5 | Досега не сум имал/а никаков интерес за одржување на воннаставни активности со содржина од МИО | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | Колегите во моето училиште не се мотивирани за воннаставни активности со мултикултурни содржини | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 7 | Наставниците имаат недоволното познавање за воннаставните активностите на МИО | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 8 | Има потреба од дополнителни обуки за одржување на воннаставните активностите на МИО | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 9 | Сум мотивиран/а за воннаставни активности со мултиетнички содржини со ученици од мешан етнички состав | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 10 | Добро ги разбирам активностите за МИО | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 11 | Имаме доволно финансиски средства за воннаставни активности за меѓуетничка интеграција | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Поради финансиите помалку деца можат да учествуваат во активностите на МИО | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 13 | Наставници од нашето училиште учествувале на барем една заедничка воннаставна активност со ученици од мешан етнички состав | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 14 | Учениците од нашето училиште учествувале на барем една заедничка активност со ученици кои учат на различен наставен јазик | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 15 | Воннаставните активности со мултиетнички содржини во образованието придонесуваат за подобрување на меѓуетничките односи кај учениците од средните училишта | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

Во следните прашања заокружете го одговорот ДА или НЕ

1. Дали во вашето училиште има воннаставни активности со мултиетнички содржини?

- o Да
- o Не

2. Колку се чувствувате подготвени да учествувате во воннаставни активности со мултиетнички содржини со ученици од мешан етнички состав?

- o Многу
- o Делумно
- o Не се чувстувам

3. Дали сте учествувале на некоја обука која ви помогнала за полесна реализација на МИО?

- o Да
- o Не

Ако одговорот е да, колку часа траеше обуката? ________________

Дали во обуката имаше мешана група на наставници или не?

(Одговорете со Да или Не) __________

4. Дали постојат соодветни алатки (обуки, прирачници и работилници) кои ќе ја олеснат вашата работа во подготвувањето и спроведувањето на воннаставните активности на МИО?

- Да
- Не

Ако одговорот е Да, напишете кои алатки би ги примениле или би ги вовеле со цел подобрување на воннаставните активности кои вклучуваат мултиетнички содржини __________________________

---

Ви благодариме за соработката!

**Анкетен лист за ученици**

Возраст: ___________  Пол: М/Ж  Место на живеење:____________

Националност: ___________________________

Година на образование :____________________

**Почитувани ученици,**

Оваа анкета се спроведува во рамки на истражување чија цел е да се испита дали и колку вонпаставните активности кои имаат мултиетнички содржини се во функција на меѓуетничката интеграција на учениците од средното воспитание и образование. Преку ова истражување сакаме да дојдеме до сознанија за Вашите ставови, мислења и досегашни искуства од реализацијата на воннаставните активности и цели поврзани со мултикултурното образование и меѓуетничката интеграција на учениците од средните училишта со мешан етнички состав. Прашалникот е АНОНИМЕН. Секој одговор е добар, ако е искрено одговорен и ако го изразува вашето искрено мислење.

Ве молиме внимателно да го прочитате секое тврдење и да кажете колку се согласувате, односно не се согласувате со тврдењето. Заокружете една од алтернативите кои имаат следно значење:

7. Воопшто не се согласувам 2. Малку се согласувам 3. До некаде се согласувам
8. Се согласувам 5. Целосно се согласувам

| | Заокружете една од алтернативите кои имаат следно значење: | Воопшто не се согласувам | Малку се согласувам | До некаде се согласувам | Се согласувам | Целосно се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Лошите меѓуетнички односи се дел од секојдневието во моето училиште | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 2 | МИО (Меѓуетничка интеграција во образованието) придонесува за подобрување на меѓуетничките односи | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | кај учениците во средните училишта | | | | | |
| 3 | МИО е позитивна промена во општеството особено за нас средношколците | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 4 | Моите активности во училиште ми помагаат за да бидам дел од МИО | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 5 | Заедничките воннаставни активности на средношколците можат да ги подобрат меѓуетничките односи на државно ниво | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | Секогаш сум мотивиран/а од страна на наставниците за учество со моите соученици во воннаставни активности со мултиетничи содржини | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 7 | Учениците во моето училиште не се мотивирани за активна работа во воннаставни проекти на МИО | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 8 | Имаме поддршка од наставниците за воннаставни активности во проекти со мултиетнички содржини | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 9 | Поради недостатокот на финансии, помалку деца можат да учествуваат во активностите на МИО | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 10 | Причината за недоволното вклучување на учениците за воннаставните активностите на МИО е немотивирање на учениците од страна на наставниците | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 11 | Наставниците треба повеќе да се вложат во работата со учениците во воннаставни активности со мултиетнички и | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | мултикултурни содржини | | | | | |
| 12 | Интересот за МИО е мал од страна на учениците затоа што не се дружат со врсници од други етникуми | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 13 | Заедничките другарувања во вонтаставните активности на ученици од мешан етнички состав можат да ги подобрат меѓуетничките односи во државата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**Во следните прашања заокружете го одговорот ДА или НЕ**

1. Дали вашето училиште има ученици од сите етнички заедници?

- Да
- Не

2. Дали твоите соученици сакаат да учествуваат во воннаставни проекти со ученици од другите етнички заедници?

- Да
- Не
- Делумно

3. Дали се чувствувате подготвени да учествувате во воннаставни проекти за МИО?

- Да
- Не
- Делумно

4. Дали сте учествувале на некоја работилница за меѓуетничка интеграција со ученици од други етникуми?

- Да
- Не

Ако одговорот е да, колку часа траеше работилница? _________________

Дали на работилница имаше мешана група на ученици или не? (Одговорете со Да или Не) _______

5. Дали наставниците ве мотивираат за меѓусебна соработка со ученици од различни етникуми во спроведувањето на воннаставни активности со мултиетнички содржини?

- o Да
- o Не

Ви благодариме за соработката!

**Интервју за директори и стручни соработници**

Возраст: ____________ Пол: М/Ж Место на живеење:_____________

Националност: ______________________________

Образование: ☐ високо ☐ магистратура ☐докторат

Работно искуство: ☐до 5 години ☐5-10 години ☐10-15 години
☐15-20 години ☐над 20 години

Вашата моментална работна позиција во училиштето __________________________

**Почитувани,**

Ова интервју се спроведува во рамки на истражување чија цел е да се испита дали и колку воннаставните активности кои имаат мултиетнички содржини се во функција на меѓуетничката интеграција на учениците од средното воспитание и образование. Преку ова истражување сакаме да дојдеме до сознанија за Вашите ставови, мислења и досегашни искуства од реализацијата на воннаставните активности и цели поврзани со мултикултурното образование и меѓуетничката интеграција на учениците од средните училишта со мешан етнички состав. Ве молиме внимателно да го прочитате секое прашање и да да го дадете Вашиот одговор. Секој одговор е добар, ако е искрено одговорен и ако го изразува Вашето искрено мислење.

1. На кои наставни јазици се спроведува наставата во Вашето училиште и дали сметате дека тоа претставува проблем за комуникација меѓу учениците ?

___________________________________________

___________________________________________

___________________________________________

___________________________________________

2. Дали сте запознаени со проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието, дали Вашето училиште е вклучено и кои активности ги преземате за подобрување на меѓуетничките односи меѓу учениците и наставниците ?

___________________________________________

___________________________________________

3. Како учениците од мешан етнички состав ги вклучувате во вонаставни активности со мултиетнички содржини?

4. Каква е мотивацијата и желбата на наставниците и учениците за учество во вонаставни активности со мултиетнички содржини?

5. Дали имате доволно финансиски средства за реализација на ваквите активности и кој е начинот и моделот за да се зголеми буџетот за вонаставни активности со мултикултурни содржини?

6. Каква е Вашата комуникација со локалната заедница за спроведување на вонаставни активности со мултиетнички содржини во средните училишта и дали имате финансиска поддршка?

7. Кои се Вашите препораки и лични согледувања за проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието?

Ви благодариме за соработката!

# VII КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Art Šolte, J. (2015). Globalizacija. Преземено 15. април, 2018., од https://www.scribd.com/document/290205403/Jan-Art-Solte-Globalizacija
2. Beljinac, N. (2012). *Multikulturalizam i (dez)integracija*. Osvrt na evropske rasprave o dometima multikulturalnog građanstva. Преземено 09. април, 2018., од https://politheor.net/multikulturalizam-i-dezintegracija-osvrt-na-evropske-rasprave-o-dometima-multikulturalnog-gradanstva/
3. Čubrilo, D. (2014). *Multikulturalizam u knjižnicama*. Sisak: Sveučilište u Zagrebu Filozofski fakultet odsjek za informacijske i komunikacijske znanosti ak.god. 2012/13.
4. Enciklopedija (2018), *Multikulturalizam*. Преземено 18. мај, 2018., од http://www.enciklopedija.hr/Natuknica.aspx?ID=42380
5. Flegar, V. (2015). *Knjižnice u multikulturalnom društvu*. Zagreb: Filozofski fakultet, diplomski rad.
6. Gregurović, S. (2016). Multikulturalizam u europskom kontekstu: dosezi i nesuglasja. Zagreb: Institut za migracije i narodnosti.
7. Ilić, S. (2009). *Manjinske zajednice i multikulturnost*. Zrenjanin: Centar za razvoj civilnog društva.
8. Jeknić, R. (2015). *Multikulturalizam, interkulturalizam i interkulturalni dijalog u kontekstu europskih integracija*. Split: Pravni fakultet Sveučilišta.
9. Kimlika, W. (2004). Liberalizam, zajednica i kultura. Zagreb: Deltakont.
10. Kymlicka, W. (2012). *Multiculturalism: Success, Failure and the Future*. Queen`s University.
11. Mesić, M. (2006). *Multikulturalizam: društveni i teorijski izazovi*. Zagreb: Školska knjiga.
12. Mitrović, Lj., Todorović, D. (2011). *Civilno društvo I multikulturalizam na Balkanu*. Beograd: Folozofski fakultet
13. Paić, Ž. (2006). *Moć nepokornosti: Intelektualac i biopolitika.* Zagreb: Antibarbarus.
14. Posavec, K., Sablić, M. (2012) PEDAGOGIJA I KULTURA. Zagreb: Zbornik radova Interkulturalna pedagogija: prema novim razvojima znanosti o odgoju, Drugi kongres pedagoga Hrvatske.
15. Rex, J. (1996). Ethnic Minorities in the Modern Nation State. Palgrave Macmillan: Working Papers in the Theory of Multiculturalism and Political Integration.

16. Vukosavljević, V. (2018). *Multikulturalizam doveo do stvaranja geta.* Преземено 15. Maj, 2018., од www.rtv.rs/sr_lat/zivot/kultura/ multikulturalizam-doveo-do-stvaranja-geta.
17. Vuković-Ćalasan, D. (2013). *Politika multikulturalizma u vremenu globalizacije*. Beograd: Univerzitet u Beogradu, Fakultet političkih nauka.
18. Ајрулаи, А., Тасевска, А., Ангеловска, А., Палоши, А., Каравилоска, Д., Чонтева, Ж., Атанасова-Симјаноска, Ј., Трпчевска, Л., Самарџиска, Л., Јанкуловска, С., Тулаха, Т., Пискачева, А. (2016), *Практикум за интегрирање на мултикултурно учење во наставата за основно и средно образование*. Скопје: Македонски центар за граѓанско образование.
19. Анализа на меѓуетничките односи во Република Македонија http://www.cv.org.mk/index.php?option=com_docman&task=doc_download&gid=148&Itemid=39
20. Ангелоска-Галевска, Н. (2010). *Планирање на научно истражување*. Скопје: Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
21. Атанасов П., (2003). *Мултикултурализмот како теорија, политика и практика*, Скопје: Евро-Балкан Пресс.
22. Атанасоска, Т. (2015). *Училиштето и неговата мисија како агенс на промени во општеството*. Скопје: МЦГО во рамките на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието.
23. Бакиу, Б., Димитровска, М., Брава, А. (2016). *Како до вистинско интегрирано образование во РМ?* Скопје: Институт за истржување на политики и добро владеење.
24. Баракоска, А. (2007). *Вредностите и образованието во услови на општествени промени*. Скопје: Годишен зборник, Филозофски факултет, Институт за педагогија.
25. Баракоска, А. (2011). Современото образование од аспект на мултикултурализмот. Преземено 03. септември, 2019 од https://www.researchgate.net/publication/282358751_SOVREMENOTO_OBRAZVANIE_OD_ASPEKT_NA_MULTIKULTURALIZMOT
26. *Возраст, контакт, перцепции – Како училиштата ги оформуваат релациите помеѓу етничките заедници* (2010). Мисија на ОБСЕ во Скопје.

27. Голоб, Р., Краф, П. (2007). *Патувања низ детските права*. Совет на ЕвропаBezmarević, T. (2009). *Multikulturalizam i multikulturalno građanstvo*. Beograd: Fakultet političkih nauka.
28. Гулевска, В. (2015). *Интеркултурни компетенции и нивното значење во образовниот систем*. Скопје: МЦГО во рамките на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието.
29. Гулевска, В., Мехмеди, Л., Попова-Коскарова, Р., Атанасоска, Т., Стојанов, Т., Мојсоски, Н., Тахир, Т., Јанкуловска, С., Пискачева, А. (2015). *Теориски и практични погледи за примена на меѓуетничката интеграција во наставничките факултети*. Скопје: МЦГО во рамките на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието.
30. Декларација на УНЕСКО за принципи на толеранцијата: www.mhc.org.mk/WBStorage/Files/Deklarazija%20za%20tolerancija.doc
31. Истражување Училиште по мерка на детето - Димензија 6: Почитување на правта на децата и на мултикултурализмот http://umd.gov.mk/istrazuvanje_rezultati1.aspx,.
32. Јовановиќ, Н. (2018). Стереотипи и предрасуде. Преземено 16. април, 2018., од https://psihologija4gimnazija.wordpress.com/stereotipi-i-predrasude Невенка Јовановиќ 2018
33. Кимлика В., (2004). *Мултикултурно граѓанство*, Скопје: Институт за демократија, солидарност и цивилно општество.
34. Кимлика, В. (2004). *Мултикултурализмот-мултикултурно граѓанско*. Загреб
35. Коцева, Д., Петровски, В. (2014). *Меѓурелигиска толеранција и дијалог во училиштата во република македонија*. Штип: Зборник на трудови, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Bikov, D. (2018). *Multikulturalizam na delu*. Преземено 16. Мај, 2018., од https://pescanik.net/multikulturalizam-na-delu/
36. Коцева, Д., Петровски, В. (2014). *Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи*. Штип: Зборник на трудови, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“.
37. Крстеска-Папиќ, Б., Билал, С., Емин, О., Миовска-Спасева, С., Ачковска-Лешковска, Е., Стојковски, С. (2015). *Концепција на итеркултурно образование*. Скопје: Министерство за образование и наука на РМ.
38. *Македонија не гради мултикултурно општество,* Форум, година VII, broj 279, 18.2.2011.

39. Марковиќ, Д. (2004). *Социолгија и глобализацијата*. Ниш: Просвета, избрани дела, книга VI.
40. Маршал, Г. (2004). *Оксфордски речник по социологија*, Скопје: Книгоиздателство Ми-ан, Скопје.
41. *Меркел призна: Мултикултурализмот е мртов, ќе опстане само кај нас*, Нова Македонија бр.22111, 19 октомври, 2010. http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=101910105363&id=9&setIzdanie=22111
42. Мијалова, Ј. (2014). *Современото училиште предизвик за интелектуален развој на ученикот.* Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи – зборник на трудови. Штип: НУБ „Гоце Делчев“.
43. Мирасчиева, С. (2013). *Образованието и воспитанието - од традиција до современост*. Штип: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“.
44. *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија (2005 - 2015).* Скопје: Министерство за образование и наука.
45. *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија (2005 – 2015).* Скопје: Министерство за образование и наука, Преземено 09. септември, 2018., од http://fvm.ukim.edu.mk/documents/Nacionalna-programa-za-razvoj-na-obrazovanieto-vo-Republika-Makedonija-2005-2015.pdfI
46. Негриевска, Ф., Петроска-Бешка, В., Балажи, С. (2012). Заеднички активности со групи ученици со мешан етнички/јазичен состав. Скопје: Нацрт-прирачник за наставниците – за интерна употреба од УСАИД.
47. Николов, Г., Сулејмани, Н., Исахи-Палоши, А., Чонтева, Ж., (2016). *Прирачник за училишни одбори за основни и средни училишта.*Скопје: МЦГО во рамките на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието.
48. Пекевски, С. (2013). *Промоција на мултикултурализмот во образованието*. Скопје: CIVICA Mobilitas.
49. Петровски, В., Мирасчиева, С., Петрова-Ѓорѓева, Е. (2013). *Мултикултурните општества и етничко-културната дистанца.* Штип: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“.
50. Петровски, В., Мирасчиева, С. (2013). *Мултикултурализам и интеркултурна комуникација*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“.

51. Петроска-Бешка В., Најчевска М., Кениг Н., Балажи С.,Томовска А., (2009). *Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието*, Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ.
52. Попова-Коскарова, Р. (2015). *Стереотипите и предрасудите во образованието и можностите за нивно надминување*. Скопје: МЦГО во рамките на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието, Преземено 16. април, 2018., од https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/New_MKVersionsm2.pdf)
53. *Прирачник за отстранување на дискриминацијата врз основа на етничка припадност*, (2009). Фондација Институт отворено општество – Македонија, Здружение на граѓани за поддршка на меѓуетничкиот дијалог и развој на заедницата „Заеднички вредности“.
54. *Прирачник за социјална правда* (2009). Скопје: Фондација институт отворено општество.
55. *Сеопфатна стратегија за образованието (2018-2025)*. Скопје: Министерство за образование и наука, Преземено 09. септември, 2018., од https://www.na.org.mk/tl_files/docs/eplus/2018/eksperti/2/
56. Стојанов, Т. (2015). *Преглед на теориите за мултикултурализмот, развој на интеркултурните компетенции и превенцијата на стереотипите и предрасудите*. Скопје: МЦГО во рамките на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието.
57. Ташева М., Ристевска С. и Ангеловска А., (2010). *Унапредување на меѓуетничкиот дијалог во општините -Теоретски и практични аспекти*, Скопје: МЦГО.
58. Ташева, М. (2003). *Социологија*. Скопје: Филозофски факултет.
59. Тејлор Ч., и група автори, (2004). *Мултикултурализам: Погледи за политиката на признавање*, Евро-Балкан пресс.
60. Туфекчиев, Т. (2015). *Групен идентитет; Мултикултурно општество*. Преземено 17. мај, 2018., од https://tufekciev.wordpress.com/tag/
61. Универзална декларација за човекови права ООН http://mtzproject.netfirms.com/Univerzalna%20deklaracija%20za%20pravata%20na%20chovekot%20Mk.htm
62. Цепароски И., (ур.) (2007). *Аспекти на другоста: Зборник по културологија*. Скопје: Евро-Балкан Пресс, Менора.